*СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ШТИП*

| Службен гласник на Општина Штип Излегува по потреба | Број 3 25 февруари 2009 година Ш т и п | ГОДИНА XLVI |
|---|---|---|

38.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП ЗА ПЕРИОД ОД 01.01 ДО 31.12.2008 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Квартален извештај за реализирање на Буџетот на Општина Штип за период од 01.01 до 31.12.2008 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-412/2
25 февруари 2009 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип
Панде Сарев, с. р.

39.

Врз основа на член 36 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 точка 26 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 февруари 2009 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП ЗА ПЕРИОД ОД 01.01. ДО 31.12.2008 ГОДИНА

I

Се усвојува Кварталниот извештај за реализирање на Буџетот на Општина Штип за период од 01.01. до 31.12.2008 година.

II

Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-412/1 | Претседател
20 февруари 2008 година | на Советот на Општина Штип
Ш т и п | Драги Илиев, с. р.

40.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ-ПРОШИРУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2009 ГОДИНА

I

Се објавува Одлуката за измена и дополнување-проширување на средствата во Буџетот на Општина Штип за 2009 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-413/2 | Градоначалник
25 февруари 2009 година | на Општина Штип
Ш т и п | Панде Сарев, с. р.

41.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 43 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 февруари 2009 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ-ПРОШИРУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2009 ГОДИНА

## Член 1

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување-проширување на средства во Буџетот на Општина Штип за 2009 година и тоа на следниот начин:

Се зголемуваат приходите на следните потставки:

| | Буџет | Самоф. | Донации | Дотации | Кредит |
|---|---|---|---|---|---|
| 741114 Пренесен вишок на приходи од претходната година | 5.777.762 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | 5.777.762 | 0 | 0 | 0 | 0 |

и се распоредуваат на следните потпрограми и расходни потставки:

| | Буџет | Самоф. | Донации | Дотации | Кредит |
|---|---|---|---|---|---|
| JD0 ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ И ПАТИШТА-КАПИТАЛНИ | | | | | |
| 482130 Реконструкција на улици, патишта и автопати | 4.277.762 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| L00 СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА | | | | | |
| 463120 Трансфери до спротски клубови | 1.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | 5.777.762 | 0 | 0 | 0 | 0 |

## Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето и станува составен дел на буџетот на општината за 2009 година, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-413/1
20 февруари 2009 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип
Драги Илиев, с. р.

42.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА
НА РАСПОРЕДОТ СРЕДСТВАТА ВО
БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП
ЗА 2009 ГОДИНА

I

Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Штип за 2009 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-414/2 Градоначалник
25 февруари 2009 година на Општина Штип
Ш т и п Панде Сарев, с. р.

43.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 43 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 февруари 2009 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА
ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП
ЗА 2009 ГОДИНА

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средства во Буџетот на Општина Штип за 2009 година и тоа на следниот начин:

| Потпрограма Поставка | | Буџет | Самоф. | Донации | Дотации | кредити |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Е00** | **Општинска администрација** | | | | | |
| 464990 | Други трансфери | -470.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **N10** | **Основно образование** | | | | | |
| 401310 | Надомест за превоз до и од работното место | 0 | 0 | 0 | -200.000 | 0 |
| 421440 | Транспорт на луѓе | 0 | 0 | 0 | 200.000 | 0 |
| 421240 | Течни горива | 0 | 0 | 0 | -300.000 | 0 |
| 481230 | Реконструкција на деловни објекти | 0 | 0 | 0 | 300.000 | 0 |
| 481230 | Реконструкција на деловни објекти | -470.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **N20** | **Средно образование** | | | | | |
| 401310 | Надомест за превоз до и од работното место | 0 | 0 | 0 | -100.000 | 0 |
| 421440 | Транспорт на луѓе | 0 | 0 | 0 | 100.000 | 0 |
| | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето и станува составен дел на буџетот на општината за 2009 година, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-414/1
20 февруари 2009 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип

Драги Илиев, с. р.

44.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП
ЗА 2009 ГОДИНА

I

Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Штип за 2009 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-415/2 Градоначалник
25 февруари 2009 година на Општина Штип
Ш т и п Панде Сарев, с. р.

45.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), член 23 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 61/04 и 96/04), член 3 од Законот за платите и другите надоместоци на пратениците во Собранието на РМ и другите избрани и именувани лица на РМ („Службен весник на РМ“ број 36/90, 38/91, 23/97, 37/05, 84/05 и 121/07), Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на РМ“ број 70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/02, 46/02, 37/05 и 121/07) и член 21 точка 4 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 февруари 2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2009 ГОДИНА

Член 1

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Штип за 2009 година („Службен гласник на Општина Штип“ број 16/08) во членот 9 зборот „нето“ се брише.

Во истиот член во алинеја два бројот „48,52“ се заменува со бројот „75,30“, а во алинеја три на крајот на реченицата зборовите „и ќе изнесува 53,36“ се бришат.

Член 2

Во Одлуката членовите 10,11, 12 и 13 се бришат.

Член 3

Во член 18 став 2 бројот „70%“ се заменува со „84%“.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“, а ќе се применува од 1 јануари 2009 година.

Број 0701-415/1 | Претседател
20 февруари 2009 година | на Советот на Општина Штип
Ш т и п | Драги Илиев, с. р.

46.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗДВОЈУВАЊЕ НА ПОДРУЖНИЦА „ПОГРЕБАЛНИ УСЛУГИ ШТИП“ ОД ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ „ИСАР“

I

Се објавува Одлуката за издвојување на подружница „Погребални услуги Штип“ од Јавното претпријатие „Исар“.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-416/2 | Градоначалник
25 февруари 2009 година | на Општина Штип
Ш т и п | Панде Сарев, с. р.

47.

Врз основа на член 4-а став 1 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ број 38/96,06/02, 40/03, 49/06 и 22/07) и член 21 точка 21 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 февруари 2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗДВОЈУВАЊЕ НА ПОДРУЖНИЦА „ПОГРЕБАЛНИ УСЛУГИ ШТИП“ ОД ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ „ИСАР“-ШТИП

### Член 1

Од Јавното претпријатие „Исар“-Штип се издвојува подружница за вршење дејност погребални услуги.

Подружницата за вршење дејност погребални услуги се формира како друштво со ограничена одговорност во сопственост на Општина Штип.

### Член 2

За уписот во надлежниот регистар, организацијата на работењето на подружницата од член 1 се применуваат одредбите на Законот за јавните претпријатија и Законот за трговските друштва.

### Член 3

Од Одлуката за основање на Јавно претпријатие „Исар“-Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 02/97 и 06/97) во член 3 дејноста 100392-„Погребна служба, уредување и одржување на гробишта“, зборовите „Погребна служба“ се бришат.

### Член 4

Фирмата на подружницата од член 1 на оваа Одлука гласи: „Погребални услуги Штип“.

Седиштето на фирмата од став 1 е на улица „Генерал Михајло Апостолски“ број 37 во Штип.

### Член 5

Средствата на подружницата од член 1 на оваа Одлука се обезбедуваат од трошоците за погребување кои паѓаат на товар на лицата од член 28 од Законот за гробишта и погребални услуги.

### Член 6

Организацијата на подружницата од член 1 ќе се утврди со статут.

Член 7

Се задолжува ЈП „Исар“-Штип да изврши регистрација на подружницата „Погребални услуги Штип“ согласно законите од член 2 на оваа Одлука и работењето на подружницата да го усогласи со законските прописи.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-416/1
20 февруари 2009 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип
Драги Илиев, с. р.

48.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА МЕСТА НА КОИ МОЖЕ ДА СЕ ПРОДАВААТ ПРОИЗВОДИ ЗА ИСХРАНА

I

Се објавува Одлуката за определување на места на кои може да се продаваат производи за исхрана.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-417/2
25 февруари 2009 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип
Панде Сарев, с. р.

49.

Врз основа на член 9 став 3 од Одлуката за одржување на јавната чистота во Општината Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 14/08) и член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 февруари 2009 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ МЕСТА НА КОИ МОЖАТ ДА СЕ ПРОДАВААТ ПРОИЗВОДИ ЗА ИСХРАНА

## Член 1

На јавните површини во Општина Штип може да се продава пуканки, семки, костени и слични ситни производи за исхрана.

Местата на кои може да се продаваа производите за исхрана од став 1 на оваа Одлука се:

1. Тротоар на улица „Ванчо Прке“ (пред Стопанска банка и пред Германос)
2. Улица „Генарал Михајло Апостолски“ (по целата должина на кејот нареката Отиња од мостот кај судот до Бриони)
3. Улица „Маршал Тито“ (по целата должина на кејот на реката Отиња од Хотел „Гарни“ до мостот кај кулите)
4. Тротоар на улица „Сутјеска“ (кај ОУ „Гоце Делчев“)
5. Улица „Сутјеска“ (кај комплексот времени објекти)
6. Улица „Сремски фронт“ (од почетокот на улицата до ОУ „Димитар Влахов“)
7. Тротоар на улица „Гоце Делчев“ (кај Педагошкиот факултет)
8. На тротоарите пред основните и средните училишта
9. На тротоарите пред и внатре во Градскиот стадион
10. Улица „Булевар ЈНА“ (кај паркот)
11. Тротоар на улица „Сутјеска“ (спроти „ТУШ“)

## Член 2

Производите за исхрана од член 1 на оваа Одлука можат да се продаваат само на подвижни тезги, односно истите не смее да се фиксираат на подлогата (улица, тротоар).

Просторот за поставување на тезги од став 1 на овој член не може да биде поголем од 2 $м^2$ (1м ширина и 2м должина).

При поставувањето на подвижната тезга не смее да се загрозува безбедното одвивање на сообраќајот на возилата и пешаците.

Продавачите на ваков вид производи се должни да ја почитуваат јавната чистота, а евентуалниот отпад од вршењето на дејноста се должни самостојно да го отстранат во најблискиот контејнер.

Член 3

Продажбата на производи за исхрана од член 1 став 1 на оваа Одлука може да се врши само врз основа на одобрение за користење на јавната површина што го издава Одделението за комунални дејности.

За добивање одобрение од став 1 на овој член, се поднесува писмено барање.

Член 4

Одобрението за користење на јавна површина за продажба на производи за исхрана се издава за времетраење од најмалку 6 месеци или 1 година.

За користење на јавните површини од член 1 на оваа Одлука се плаќа надоместок.

Надоместокот од претходниот став изнесува:

1. за времетраење од 6 месеци................................1.000 денари
2. за времетраење од 1 година................................ 2.000 денари

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-417/1
20 февруари 2009 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип

Драги Илиев, с. р.

50.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК

ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА
ТЕКОВНОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП „ШТИП-ПРОЕКТ“
ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ-ЈУНИ 2008 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за тековното работење на ЈП „Штип-проект“ за период јануари-јуни 2008 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-418/2
25 февруари 2009 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип
Панде Сарев, с. р.

51.

Врз основа на член 36 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 точка 24 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 февруари 2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ
ЗА ТЕКОВНОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП „ШТИП-ПРОЕКТ“
ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ-ЈУНИ 2008 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот за тековното работење на ЈП „Штип-проект“ за период јануари-јуни 2008 година со следниот **заклучок**:

- ЈП „Штип-проект“ комерцијалните урбанистички планирања од Програмата за изработка на урбанистички планови да ги работи само по извршувањето на задачите од Програмата за тековната година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-418/1
20 февруари 2008 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип
Драги Илиев, с. р.

52.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА
ТЕКОВНОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП „ШТИП-ПРОЕКТ“
ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ-СЕПТЕМВРИ 2008 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за тековното работење на ЈП „Штип-проект“ за период јануари-септември 2008 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-419/2
25 февруари 2009 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип
Панде Сарев, с. р.

53.

Врз основа на член 36 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 точка 24 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 февруари 2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ
ЗА ТЕКОВНОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП „ШТИП-ПРОЕКТ“
ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ-СЕПТЕМВРИ 2008 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот за тековното работење на ЈП „Штип-проект“ за период јануари-септември 2008 година со следниот **заклучок**:

- ЈП „Штип-проект“ комерцијалните урбанистички планирања од Програмата за изработка на урбанистички планови да ги работи само по извршувањето на задачите од Програмата за тековната година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-419/1
20 февруари 2009 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип

Драги Илиев, с. р.

54.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2009 ГОДИНА

I

Се објавува Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2009 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-420/2
25 февруари 2009 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип

Панде Сарев, с. р.

55.

Врз основа на член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ број 51/05 и 24/08) и член 5 од Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичката обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на просторните и урбанистички планови („Службен весник на РМ“ број 78/06), како и врз основа на член 21 точка 7 од Статутот на Општината Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 февруари 2009 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за изработка на урбанистички планови на територијата на
Општина Штип за 2009 година

1. Изработка на измена и дополнување на ГУП на град Штип (место „Подклисебаир“ и „Суитлак“) со зголемување на опфатот на јужната страна од опфатот на ГУП.
   М=1:2500
   П=45.0 ха
2. Измена и дополнување на ДУП за дел од населба „Сењак 3“ урб. единица 35, опфат измеѓу улиците „Борис Крајгер“, „Панче Караѓозов“, „Сремски Фронт“ и новопроектирана улица по долот.
   П=12.0 ха
   М=1:1000
3. Изработка на Детален урбанистички план во централното градско подрачје - дел од населба „Јужен реон“ 2, урбана единица број 12, опфат помеѓу улиците: „Страшо Пинџур“, „Тодор Коларов“ и „Љубен Иванов“.
   М=1:1000
   П=4.0 ха
4. Изработка на измена и дополнување на Детален урбанистички план на населба „Јужен реон 1“ опфат помеѓу улиците: „Васил Главинов“, „Јоаким Стојков“ дел од УЕ 9 со опфат од 1.0 ха.
   М=1:1000
   П=1.0 ха
5. Изработка на ДУП за станбената населба „Македонка“, урбана единица 69 и дел од урб.ед. 51, на потегот помеѓу патот Штип - Кочани, река Брегалница и северо-западната граница на АРМ.
   М=1:1000
   П=18,00 ха
6. Изработка измена и дополнување на ДУП на дел од „Автокоманда“ дел од УЕ 27 и 31 со опфат на помеѓу улиците „Сутјеска“, „Браќа Даневи“, „Солидарност“, „Широк дол“.

М=1:1000
П=10 ха

7. Изработка на измена и дополнување на ДУП на дел "Бело Брдо" дел од УЕ 2 опфат помеѓу улиците „Маршал Тито", „Стојан Рибата", „Сутјеска", „Трст" и „Славчо Стојменски".

   М=1;1000
   П=6.0ха

8. Изработка на измена и дополнување на населба „Ново село" дел од УЕ 89 и 90 со опфат на улиците „Кежовица", „Крсте Мисирков", „Димитар Влахов", „Милојкова" и „Никола Карев".

   М=1;1000
   П=15.0ха

9. Изработка на измена и дополнување на ДУП во централното градско подрачје - дел од урбана единица број 2, опфат помеѓу улиците: „Христијан Карпош", „Славчо Стојменски".

   М=1:1000
   П=1.0 ха

10. Изработка на ДУП за месност „Рибник" дел од УЕ 99 (кај поранешна ЗИК „Црвена Звезда"-Лакавица)

    М=1:1000
    П=2.0 ха

11. Изработка на урбанистичка документација вон населено место во близина на с. Долани.
12. Изработка на урбанистичка документација вон населено место во близина на с. Криви Дол.
13. Изработка на ДУП и урбанистички проекти од помал обем по барање на заинтересирани странки.

За извршување на предвидените задачи потребни се вкупно финансиски средства во висина од 4.500.000,00 денари вклучувајќи ги и трошоците за ажурирање на подлогите.

Урбанистички планови ќе бидат изработени со следните прилози:

1. Докумантациона основа во која се систематизирани податоци за постојната состојба во рамките на планскиот опфат, анализа на можностите за просторен развој и програмските проекции за подрачјето на планскиот опфат
2. Планската документација во која ќе се презентираат плански решенија и дефинираат сите плански одредби потребни за донесување и спроведување на планот, текстуален дел, графички дел и билансни показатели со граница на опфат, регулациони линии, парцелација на градежно земјиште, површина за градење, максимална висина до венец, намена на земјиште, решение за секундарна мрежа со нивелманско решение, плански решенија за

секундарни комунални и телекомуникациски инфрастуктури, детални параметри за заштита на споменични целини и градби од културно историско значење, параметри за спроведување на планот и други заштитни мерки.

Програмата може да се дополнува и изменува во текот на годината во колку за тоа има потреба.

## *ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ*

Финансирањето на Програмата ќе се врши според извршената работа од буџетот на Општина Штип.

Точките од 1 до 8 од Програмата ќе се финансираат од средствата во став 1, а точката 9 до 13 ќе се финансира од заинтересирани лица.

Број 0701-420/1
20 февруари 2009 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип
Драги Илиев, с. р.

56.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
## ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА
## НА ЈП „ИСАР“-ШТИП ЗА 2009 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за работа на ЈП „Исар“-Штип за 2009 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-421/2
25 февруари 2009 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип

Панде Сарев, с. р.

57.

Врз основа на член 36 точка 6 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” број 05/02) и член 21 точка 14, 16, 17 и 18 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 февруари 2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА
НА ЈП „ИСАР“-ШТИП ЗА 2009 ГОДИНА

I

Се донесува Програмата за работа на ЈП „Исар“-Штип за 2009 година со следните **заклучоци**:

1. На страна 2 од Програмата, Изградба и реконструкција на водоводни линии и водозафатни објекти, во Изведба на два бушени бунари во локалитетот „Штипско езеро“ комплет со пумпи и потребна афтоматика износот „100 000“ да се замени со „1.000.000“.
2. Програмата за одржување на јавната чистота на подрачјето на Општина Штип во Категорија 1 - Метење на јавни сообраќајни површини, улици, тротоари, плоштади и паркинг плацеви секојаноќ во годината, да се дополни со “ ул.„Борко Талев“ од Гимназијата до Стариот здравен дом.
3. Од Програмата за работа на ЈП „Исар“ да се издвои како посебна Програма, Програмата за одржување на јавната чистота и истата да ги содржи сите елементи согласно Законот за јавната чистота и Одлуката за одржување на јавната чистота.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Штип”.

Број 0701-421/1
20 февруари 2009 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип

Драги Илиев, с. р.

58.

# П Р О Г Р А М А
# ЗА РАБОТА НА ЈП „ИСАР“-ШТИП
# ЗА 2009 ГОДИНА

## П Р О Г Р А М А
## за изградба, реконструкција и одржување на водовод и канализација за 2009 година

ЈП „Исар“-Штип преку **РЕ „Водовод и канализација“** ги извршува следниве дејности од јавен интерес: производство и дистрибуција на вода за пиење и одведување на отпадна вода.

РЕ „Водовод и канализација“ врши редовно водоснабдување на град Штип и приградските населби Три чешми и с. Караорман, како и селата Драгоево и Долани.

Одржувањето на овие системи е континуирана активност што ја извршуваат вработените по предходно изработен план.

Оваа работна единица врши оддржување на постоечката главна и секундарна канализациона мрежа во градот и приградска населба Три Чешми.

РЕ „Водовод и канализација“ извршува и работи кои се сврзани со проектирање, изградба и реконструкција на системот за водоснабдување и на системот за одвод на отпадни води.

Во текот на 2009 година оваа работна единица ги планира следните активности:

**Изработување на инвестиционо-техничка документација**

| | |
|---|---|
| -Изработка на Идеен и Основен проект за реконструкција на водоводни линии предвидени со Програмата за работа за 2009 година | 90.000,00 |
| -Изработка на Идеен и Основен проект за реконструкција на канализациони линии предвидени со Програмата за работа за 2009 година | 90.000,00 |
| - Изработка на Идеен и Основен проект за водоснабдување на с. Караорман за приклучување на градскиот водоводен систем | 25.000.00 |

Вкупна вредност на предвидените активности изнесува 205.000,00 денари.

Изградба и реконструкција на водоводни линии и водозафатни објекти

| | |
|---|---|
| Изведба на два бушени бунари во локалитетот ”Штипско | 1.000.000 |

| | |
|---|---|
| езеро” комплет со пумпи и потребна автоматика | |
| Продолжување со реконструкција на дел од водоводна линија на ул.”Сутјеска” со должина од околу 250м.(потег од сервисна улица градски пазар до ОУ “ГоцеДелчев”) (активност предвидена со Програмата на ЈП ”Штип проект”-Штип). | 3.000.000 |
| Реконструкција на дел од водоводната линија на ул. “Страшо Пинџур” (потег од ул.“Г.М.Апостолски” до кулата) со должина од околу 100м. (активност предвидена со Програмата на ЈП ”Штип проект”- Штип) | 550.000 |
| Реконструкција на водоводни линии на разни локации во градот со должина од 2000м | 12.250.000 |

**Вкупна вредност на предвидените активности изнесува 16.800.000,00 денари.**

**Одржување на објекти и опрема**

| | |
|---|---|
| Санација на објектот “Филтер станица” во делот за површинска вода (хидро изоизолација, платформи, базени за припрема на реагенси, продори и други градежни работи) | 14.500.000 |
| Продолжување со санација на резервоарот “Каракуш” (ограда, хидроизолација, белење, антикорозивна заштита на цевната инсталација и др.) | 500.000 |
| Санација на резервоар Блок 85/91(оградување, антикорозив-на заштитна на постојната инсталација, белење и други градежни работи) | 150.000 |

**Вкупна вредност на предвидените активности изнесува 15.150.000,00 денари.**

**Изградба и реконструкција на канализациони линии**

| | |
|---|---|
| Реконструкција на дел од канализациона линија на ул.” Сутјеска” со должина одоколу 220м.(потег од сервисна улица градски Пазар до о.у. “Гоце Делчев”), .(активност предвидена со Програмата на ЈП ”Штип-проект”-Штип). | 3.000.000 |
| Реконструкција на канализациона линии на разни локации во градот со вкупна должина од 600м | 4.350.000 |
| Изведба на контролни шахти (невлезни) на разни локации во градот | 400.000 |

**Вкупна вредност на предвидените активности изнесува 7.750.000,00 денари.**

За потребите на РЕ „Водовод и канализација“ за 2009 година е планирарана и набавка на:

| Р.бр. | опис | количина | ед.цена | вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Товарно транспортно возило со продолжена кабина | 1 | 984.000 | 984.000 |
| 2. | Пикап | 1 | 492.000 | 492.000 |

**Напомена**: Активноста предвидена како санација на објектот "Филтер станица" во делот за површинска вода (хидроизолација, платформи, базени за припрема на реагренси, продори и др.) ќе се реализираат ако се издвојат средства од буџетот на Општина Штип.

Сите претходно наведени активности ќе се финансираат од следните извори:

- сопствени извори
- буџет на Општина Штип
- други извори

**П Р Е Г Л Е Д**
**на планирани приходи и расходи**

| **Приходи** | |
|---|---|
| Прих.од вода претп. | 23.100.000,00 |
| Прих.канал.прет. | 9.107.000,00 |
| Прих.од вода дома. | 41.331.300,00 |
| Прих.канал.домак. | 13.636.500,00 |
| Други прих.раб.ра. | 8.720.000,00 |
| Други приходи | 3.785.200,00 |
| **Вкупно:** | **99.680.000,00** |

| **Расходи** | |
|---|---|
| Потр.матер.и суров. | 3.000.000,00 |
| Пот.елект.енерг. | 23.000.000,00 |
| Потр. горива.и мази. | 3.000.000,00 |
| Потр.рез.делови | 2.500.000,00 |
| Трош. за услуги | 5.600.000,00 |
| Амортизација | 9.000.000,00 |
| Бруто плата | 42.000.000,00 |
| Останати трошоци | 8.000.000,00 |
| **Вкупно:** | **96.100.000,00** |

## ПРОГРАМА
за работа за изнесување, транспортирање и депонирање
на комуналниот цврст и технолошки отпад за
2009 година

Изнесување, транспортирање и депонирање на комуналниот цврст отпад е планирано во согласнот со Одлуката за комунален ред на Општина Штип „Службен гласник на Општина Штип" број 13/98 и Одлуката за јавна чистота.

**Собирање на отпадот**:

Собирањето на комуналниот цврст и технолошки отпад ќе врши во специјални садови и тоа: 75 контејнери со запремнина од 1,1м$^3$ распоредени во централното градско подрачје, 205 контејнери со запремнина од 5 м$^3$ распоредени на територијата на град Штип и во индустриската зона и канти за смет од 80л. распоредени на физичките лица.

**Изнесување на отпадот**:

Динамиката на изнесување, транспортирање и депонирање на комуналниот цврст отпад е изготвена во зависност од густината на населението, количината на отпадот и условите за изнесување на истиот.

Физичкиот обем на задачите е дефиниран преку регистрирањето на стамбените, дворните и индустриските површини како и предвидените превозни сретства со кој се извршуваат работите.

Димензионирањето на работната рака е извршено врз основа на просечните норми и преку снимање на работните дневни задачи и утврдување на норми.

За обезбедување на целосна контрола врз работата во извршувањето на задачите по квалитет и одредена динамика во планот се предвидени дневни задачи на секое специјално возило.

Во согласност со горе наведеното изготвен е динамичен план со следниов распоред:

- Изнесувањето на сметот од централното градско подрачје од контејнери со запремнина 1,1м$^3$ ќе се врши секој ден.
- Празнењето на големите контејнери од 5м$^3$ ќе се врши двапати неделно.
- Во зависнот од количината на отпадот изнсеувањето на сметот од контејнерите се врши со дополнување со ноќна смена со дневно планирање спрема потребите.
- Празнењето на кантите од урбаните заедници ќе се врши еднаш во неделата по претходно утврден динамичен план.

Динамиката на изнесување по возила е дадена во приложениот преглед. Изнесувањето на отпадот ќе се врши непрекинато, систематски и без застој. Повремен застој може да се појави смо во случј на лоши временски услови.

Реализацијата на предложената програма ќе се извршува со следнава механизација:

| р.бр. | опис на возилото | количина |
|---|---|---|
| 1. | специјални возила смеќари | 6 |
| 2. | специјални возила автоподигачи | 2 |
| 3. | специјално возило комбинирано | 1 |
| 4. | трактори | 4 |

Имајќи ја во предвид староста на возилата и опремата со кој располага ЈП за квалитетно извршување на работните задачи за тековната 2009 година планирана е набавка на следниве специјални возила:

| р.бр. | опис | количина | **износ** |
|---|---|---|---|
| 1. | специјално возило смеќар комбиниран 18-24м3 (половно или на лизинг) | 1 | **3.000.000** |
| 2. | специјално возило автоподигач | 1 | **1.300.000** |
| 3. | Садови за смет со запремнина 1,1$м^3$ | 60 | **900.000** |

**П Р Е Г Л Е Д**
**на непосредни извршители на програмата**

| ред.бр | Работно место | Број на извршители |
|---|---|---|
| 1. | Шеф на РЕ | 1 |
| 2. | Референт по комунална хигена | 1 |
| 3. | ПКВ и КВ работници | 29 |
| | **Вкупно**: | **31** |

**Депонирање на отпадот**

Депонирањето на отпадот се врши на Градската депонија за комунален цврст отпад која се наоѓа во месноста Трештена скала. Во согласност со Оперативниот план на ЈП „Исар“-Штип за добивање на А интегрирана еколошка дозвола за 2009 година на депонијата се планирани следниве активности:

| Име на активноста | износ |
|---|---|
| Изработка на проектна документација за зафакање на атмосверските води од околното земјиште и нивно повторно враќање во депониското тло. | 100.000 |
| Оградување на депонијата и поставување на влезна врата.<br>Поставување на 500м ограда. | 110.000 |
| Изгардба на бетонско плато за маневрирање на возилата со присапен пат за багерот до депонираниот материјал. На овој начин ќе се овозможи секојдневно покривање на депонираниот отпад со инертен материјал со цел да се спречи разлетување на лесни | 700.000 |

| | |
|---|---|
| фракции од отпадот (најлон кеси, хартија), ширење на непријатни мириси, присуство на инсекти, глодари, птици и сл. | |
| Годишна дезинфекција и дератизација на депонијата | 50.000 |

Со одлука на Советот на Општина Штип РЕ „Комунална хигена“ ги извршува и оџачарските услуги што подразбира чистење и контрола на објектите за спроведување на чад и опрема за ложење (греење). Оваа услуга ќе се врши со еден вработен.

П Р Е Г Л Е Д
на планирани приходи и расходи

| **Приходи** | |
|---|---|
| Прих.од смет претп. | 9.100.000,00 |
| Прих.од смет дома. | 14.800.000,00 |
| Приходи од работна рака | 1.000.000,00 |
| Други приходи | 1.000.000,00 |
| **Вкупно:** | **25.900.000.00** |

| **Расходи** | |
|---|---|
| Потр.матерј.и суро. | 2.000.000,00 |
| Пот.елект.енерг. | 200.000,00 |
| Потр. гори.и мази. | 3.500.000,00 |
| Потр.рез.делови | 1.800.000,00 |
| Трошоци за услуги | 2.000,000.00 |
| Бруто плата | 12.500,000.00 |
| Останати трошоци | 2.200.000,00 |
| Амортизација | 1.500.000,00 |
| **Вкупно:** | **25.700.000,00** |

Предвидената програма ќе се финансира одследниве извори:
- сопствени сретства,
- донации,
- буџетски средства,
- кредити и друго.

Динамиката на изнесување отпад по возила

**СМЕЌАР - РЕОН 1**

**Понеделник**: К.Неделков, Фирус Демир (Блок 85), Асном (Блок 85), Христијан Карпош (до трговски), Маршал Тито.

**Вторник**: Г.М.Апостолски, Ванчо Прке, Г. Делчев (позади црква), Тошо Арсов, Плоштад, Кирил и Методиј, Борис Кидрич (до дујлето), Блок 70.

**Среда**: Димитар Влахов, Крсте Мисирков, Милојкова, Ѓ.Ѓаковиќ, Н. Карев - дел (Ново Село), Партизанска - дел (до Дујлето), 9ти мај.

**Четврток**: Г.М.Апостолски, Блок 70-дел, Х. Карпош (до трговски), М. Тито-дел, Еврејска, 11-ти Октомври, Питу Гули, Радански пат.

**Петок**: Ванчо Прке, Гоце Делчев (позади црквата),Тошо Арсов (црквата), Плоштад, Кирил и Методиј, Б. Кидрич (до дујлето), Радански пат - дел.

## СМЕЌАР - РЕОН 2

**Понеделник**: Мазги, М. Ацев, Ленинова, В.П.Јорданова, В. Доганџиски, Личка, Карл Маркс (зграда) .

**Вторник**: В. Главинов, Г.М.Апостослски, Страшо Пинџур, Блок 77, Козјак Планина, Тодор Коларов, Љубен Иванов.

**Среда**: Гоце Делчев-дел, Пребег, Брегалничка, Три Чешми.

**Четврток**: Карл Маркс (од раскрсница Пиринска), Партизанска, Баби (дел).

**Петок**: К. Планина (згради), Страшо Пинџур (јаја - згради), Б. Миладинови (театар-згради), Страшо Пинџур (Црв.Згради-згради), Карл Маркс (згради), Баби (дел).

## СМЕЌАР - РЕОН 3

**Понеделник**: Сутјеска (до пазарот), Сутјеска (згради), И. Л. Рибар, П. Караѓозов (згради), Широк дол (згради и куќи), Пиринска (Југококта).

**Вторник**: Славчо Стојменски, Иво Лола Рибар, Сутјеска (од Базалт до Диспанзер), Н. Тесла, Астибо, Пролетерска, 4-ти Јули, Г. Прличев, М. Соколов.

**Среда**: П. Карагозов, 5 ти Конгрес, Ц. Јованова, Солидарност (до диспанзер) Никоманска, Плачковички одред (инспектор), Товарник, Кајгана.

**Четврток**: Сутјеска (згради), П. Карагозов (згради), Широк дол (згради), Пиринска (згради), М. Недев-Сењак-куќи, П. Карагозов (згради), Пелтеково имање, 7-ми Конгрес (Сењак-куќи), Митрашинска-Никоманска, Дуго село-Никоманска, 11март-Никоманска.

**Петок**: Дузлак

**СМЕЌАР - РЕОН 4**

**Понеделник**: Д.Х.Димов, Коле Неделков, Благој Мучето, Трст, Цветан Димов, Христијан Карпош-дел, Вера Циривири, Стојан Рибата, Иво Лола Рибар, дел, 29 ноември – дел (стар конак), 7-те кули контејнери.

**Вторник**: Д.Х.Димов, Борко Талев, Цветан Димов, 15-ти Корпус.

**Среда**: Вардарска, Добре Радосавлев, 19-та бригада, Лисец, Корушка, 7-те кули контејнери.

**Четврток**:Сане Ѓоргиев, 29-ти Ноември, Битолска, Карл Маркс, Кежовица, Касарна мали контејнери.

**Петок**: Г.М.Апостолски (7-те кули), Цветан Димов (диви градби), Железничка - долен дел, Вера Циривири, Христијан Карпош - дел.

**СМЕЌАР - РЕОН 5**

**Понеделник**: Студенска менза, Комерцијална банка, Медицинска школа, Згради Партизанска (стадион), Градски Пазар, ОУ Гоце Делчев, згради А,Б,Ц (Рад. пат), Панче Караѓозов - дел, 5-та П. конференција, Згради на Радански пат, Пелтеково имање.
**Вторник**: нас. Пребег, населба Македонка, Џемаил Биедиќ, Ванчо Икономов, 11-ти Март.
**Среда**: Баби 5, Косовска-дел, Радански пат, Пиринска-зградите со ординациите, Димитар Влахов.

**Четврток**: Студенска менза, Комерцијална банка, ДСУ Медицинско, В. П. Јорданова-дел, згради Партизанска кај стадион, Бензински помпи, Градски Пазар, ОУ Гоце Делчев, Сутјеска згради А,Б Ц, Радански пат.

**Петок**: с.Караорман, Железничка - горен дел, кеј Димитар Влахов.

**МЕРЦЕДЕС - РЕОН 6**

**Понеделник**: 8-ми Ноември, Сутјеска, Браќа Даневи, Сремски Фронт, Сењак 1, Сењак 2, Сењак 3, Сењак 4, Широк дол, Баби

**Вторник**: Кругот на Македонка, Индустриски дел до Македонка и индустриски дел од населба Македонка до Железничка станица.

**Среда**: Индустриски дел од влезот на градот ,,Велес - Штип,, до кружен тек - Железничка станица населба Пребег, Индустриски дел од Кружен тек до Астибо со неговиот круг, Индустриски дел од влезот на градот (Струмица - Штип) до Ново село.

**Четврток**: 8-ми Ноември, Сутјеска, Браќа Даневи, Сремски фронт, Сењак 1, Сењак 2, Сењак 3, Сењак 4 , Баби.

**Петок**: Круг на Македонка, Индустриски дел од Македонка, Индустриски дел од Македонка до Железничка станица.

**СМЕЌАР - РЕОН 7 (Ноќна смена 7 дена во неделата)**
1. УВР
2. Стар Пазар
3. Хотел Гарни - контејнер 1,1м$^3$
4. Трговски - 3 контејнери 1,1м$^3$
5. Стопанска банка - контејнер 1,1м$^3$
6. Борис Кидриќ - дел
7. Позади нама - 2 контејнери 1,1м$^3$
8. ул. Ванчо Прке
9. ул. Ванчо Прке 6 контејнери 1,1м$^3$
10. Хотел Оаза- 4 контејнери 1,1м$^3$
11. Згради Пошта
12. Кино контејнер 1,1м$^3$
13. Плоштад контејнер 1,1м$^3$
14. Црква контејнер 1,1м$^3$
15.Собрание контејнер 1,1м$^3$
16. Г.М.Апостолски дел (од камен мост до слаткара Пролет)
17. Згради стара дистрибуција-контејнер 1,1м3
18. Младински дом - контејнер 1,1м3
19. Автобуска станица
20. Раскрсница Дујле - 2 контејнери 1,1м3
21. Стара млекара и Арадан СА
22. Сремски фронт - 2 контејнери 1,1м3
23. Сутјеска - 3 контејнери 1,1м3

**ТРАКТОР - РЕОН 1**
**Понеделник**: Пионерски дом, Бриони и паркот, Печатница 2-ри август, Продавници - Стадион Арена (Џексон), Печатница Хилјадников, 2-ри Август (Св.Илија), Мирче Ацев (Св. Илија), Стојан Гогов (Св. Илија), Центар - продавници, Стар Пазар, Ванчо Прке - конфекција, Младински дом, Продавници спроти Автобуска станица, Радански пат - дел.

**Вторник**: Ѓошо Сламката, Центар продавници, Сремска, Сутјеска.

**Среда**: Пионерски дом, Бриони и паркот, Продавници - Стадион Арена, Печатница Хилјадников, Центар-продавници, Стар Пазар, Младински дом, Солунска, Косовска - дел.

**Четврток**: Пионерски дом, Бриони и парк, Продавници - Стадион Арена, Печатница Хилјадников, Косовска-диви градби, Центар-продавници, Косовска - дел.

**Петок**: Центар - продавници, Пумпи - водовод, Јајце, 8-ми март, Антон Панов.

**ТРАКТОР - РЕОН 2**
**Понеделник**: Јосиф Ковачев, Митко Цецов, Штипски сокак (Б. Кидрич), Никола Карев, Јаким Стојков.

**Вторник**: Кочо Рацин, Првомајска, Овчеполска, Д. Х. Димов - дел, Јане Сандански, Борко Талев - дел, Стар Здравен дом.

**Среда**: 29-ти Ноември, Охридска, Христо Ботев, Никола Чаулев, Тодор Чучков, Сане Горгиев - дел.
**Четврток**: Тодор Коларов, Козјак Планина, Штиски Сокак, 4-та Македонска бригада.
**Петок**: Исар, Бел камен, Пане Гочев, Борис Данев, Стив Наумов, Илинденска, Каваклија, Диви градби В. Доганџиски.

Програма за одржување и користење на паркови
и други јавни површини од локално значење
за 2009година

ЈП „Исар“-Штип преку **РЕ „Зеленило и спортски објекти“** ја извршува дејноста уредување и одржување на паркови, зелени и рекреациони површини и одржување на спортски објекти.
- Јавни градски паркови, дрвореди, скверови, тревници, цветни површини, излетнички места и приградски пошумени реони и појаси се групирани во 8 реони и тоа:

**Реон „Бриони“**

| | |
|---|---|
| 1. Парк “Триангла” лоциран помеѓу ул.”Г.М Апостолски” и кеј на река Отиња | 2.700м$^2$ |

| | |
|---|---|
| 2. Парк ”Кули” лоциран пред првата станбена зграда од низот на згради наречен Кули | 2.672м$^2$ |
| 3. Парк Влахчево лозје-Пчеларник, лоциран меѓу ПОС со шуми Серта  и угостителски објект “Бриони” | 8.000 м$^2$ |
| 4. Парк “Кртеке” лоциран помеѓу нас.”Блок 77” и патот за Суитлак | 24.800м$^2$ |
| **Вкупно**: | **38.172м$^2$** |

**Спецификација на трошоци потребни за одржување на Реон Бриони**

| | |
|---|---|
| 1. Машинско косење: (со косачка; тример )<br>6м x 4бр. = 24 x 10.500м2 = 252.000м2 x 1.50 = 378.000 ден<br>6м x 1бр. =  6 x 27.672м2 = 162.032м2 x 1.50 = 243.045 ден | 621.045,00 |
| 2. Гребулење и собирање искосена трева<br>6м x 4бр. = 24 x 10.500м2 = 252.000м2 x 0.50 = 126.000,00 ден<br>6м x 1бр. =  6 x 27.672м2 = 162.032м2 x 0.50 = 81.016,00 ден | 418.032,00 |
| 3. Утовар на трева во количка<br>6м x 4бр. = 24 x 10.500м2 = 252.000м2 x 0.11 = 27.720,00 ден | 27.720,00 |
| 4.Утовар на трева во трактор<br>6м x 1бр. = 6 x 27.672м2 = 166.032м2 x 0.10 = 16.603,00 ден | 16.603,00 |
| 5. Полевање на тревник со прскалка<br>6м x 16бр. = 9 6 x 10.500м2 = 1.008.000м2 x 0.30 = 302.400,00 ден | 302.400,00 |
| 6. Собирање на отпадоци и хартија<br>10м x 8бр. = 80 x 38.172м2=3.053.760м2 x 0.06=183.225,00 ден | 183.225,00 |
| 7.Чистење на тревник одлист<br>3м x 2бр. = 6 x 38.172м2 = 229.032м2 x 0.53 = 121.386,00 ден | 121.386,00 |
| 8.Метење на патеки во тревник<br>10м x 20бр. = 200 x 1.560м2 =312.000м2 x 0.29 = 90.480,00 ден | 90.480,00 |
| 9.Чистење на паркови патеки степеници од снег<br>2 мx 20бр. = 40 x 1.560м2 = 62.400м2 x 5.17 = 322.608,00 ден | 322.608,00 |
| **Вкупно**: | **2.122.630,00** |

**Реон “Центар”**

| | |
|---|---|
| 1. Парк " Коле Неделковски " | 1.750 м$^2$ |
| 2. Парк “Стар Пазар”лоциран помеѓу ул.”Маршал Тито” и кејот на река Отиња | 2.000 м$^2$ |
| 3. Сквер пред управната зграда на ГРО”Бетон” | 80 м$^2$ |
| 4. Комбинирана паркова површина “Плоштад” | 1.671м$^2$ |

| | |
|---|---|
| 5. Парк “Безистен” лоциран пред Домот на културата “Ацо Шопов” работничкиот универзитет и околу хотел “Астибо” | 6.148 $м^2$ |
| 6.Паркова површина околу спомен обележјето на депортираните Евреи од II Светска војна | 183 $м^2$ |
| **Вкупно**: | **11.832$м^2$** |

**Спецификација на трошоци потребни за одржување на Реон Центар**

| | |
|---|---|
| 1.Машинско косење :<br>6м x 4бр. = 24 x 11.832м2 = 283.968м2 x 1.50 = 269.770,00 ден | 425.952,00 |
| 2.Гребулење и собирање искосена трева<br>6м x 4бр. = 24 x 11.832м2 =283.968м2 x 0.50 =,141.984,00 ден | 141.984,00 |
| 3.Утовар на трева во количка<br>6м x 4бр. = 24 x 11.832м2 =283.968м2 x 0.11 = 31.236,00ден | 31.236,00 |
| 4.Полевање на тревник со прскалка<br>6м x 16бр.=9 6 x11.832м2 =1.135.872м2 x 0.30= 340.762,00 ден | 340.762,00 |
| 5.Собирање на отпадоци и хартија<br>10м x 8бр. = 80 x 11.832м2 = 946.560м2 x 0.06 = 56.794,00 ден | 56.794,00 |
| 6.Чистење на тревник одлист<br>3м x 2бр. = 6 x 11.832м2 = 70.992м2 x 0.53 = 37.626,00 ден | 37.626,00 |
| 7.Утовар на лист во трактор<br>35.496м2 x 0.22 = 7.809,00 ден | 7.809,00 |
| 8.Метење на патеки во тревник<br>10м x 20бр. = 200 x 671м2 = 134.200м2 x 0.29 = 38.918,00 ден | 38.918,00 |
| 9.Чистење на паркови патеки степеници од снег<br>2 mx 20бр. = 40 x 671м2 = 26.840м2 x 5.17 = 138.762,00 ден | 138.762,00 |
| **Вкупно**: | **1.219.843,00** |

**Реон “Дујле”**

| | |
|---|---|
| 1. Сквер “Дујле” лоциран помеѓу ул.”Партизанска” и ул.”Борис Кидрич” | 500 $м^2$ |
| 2. Сквер “Интернат” | 407 $м^2$ |
| 3. Булевар “ Партизанска “ | 1.880 $м^2$ |
| 4.Тревна површина “8$^{ми}$ Ноември” лоциран меѓу р.Брегалница, бул.”ЈНА”, ПТТ и станбен блок | 17.000 $м^2$ |
| 5.Бул.”Гоце Делчев” | 5.200 $м^2$ |
| 6. Кружен ток на Булевар Гоце Делчев | 2.100$м^2$ |
| **Вкупно**: | **27.087 $м^2$** |

## Спецификација на трошоци потребни за одржување на Реон Дујле

| | |
|---|---|
| 1.Машинско косење:<br>6м x 4бр. = 24 x 27.087м2 = 650.088м2 x 1.50 = 617.584 ден | 975.132,00 |
| 2.Гребулење и собирање искосена трева<br>6м x 4бр. = 24 x 27.087м2 =650.088м2 x 0.50 =325.044,00 ден | 325.044,00 |
| 3.Утовар на трева во количка<br>6м x 4бр. = 24 x27.087м2 = 650.088м2 x 0.11 = 71.510,00ден | 71.510,00 |
| 4.Полевање на тревник со прскалка<br>6м x 16бр.=9 6 x 27.087м2=2.600.352м2 x 0.30=708.106,00 ден | 708.106,00 |
| 5.Собирање на отпадоци и хартија<br>10м x 8бр.=80 x27.087м2=2.166.960м2 x0.06 =130.018,00 ден | 130.018,00 |
| 6.Чистење на тревник одлист<br>3м x 2бр. = 6x 27.087м2 = 162.522м2 x 0.53 = 86.136,00 ден | 86.136,00 |
| 7.Утовар на лист во трактор<br>81.261м2 x 1.47 = 17.877,00 ден | 17.877,00 |
| 8.Метење на патеки во тревник<br>10м x 20бр. = 200 x 715м2 = 143.000м2 x 0.29 = 41.470,00 ден | 41.470,00 |
| 9.Чистење на паркови патеки степеници од снег<br>2 мx 20бр. = 40 x 715м2 = 28.600м2 x 5.17 =147.862,00 ден | 147.862,00 |
| **Вкупно**: | **2.503.155,00** |

## Реон "Пребег "

| |
|---|
| 1. Парк "Пребег" во непосредна близина на деловниот објект "Реплек" 2.500м$^2$ |

## Спецификација на трошоци потребни за одржување на Реон Пребег

| | |
|---|---|
| 1.Машинско косење :<br>6м x 4бр. = 24 x 2.500м2 = 60.000м2 x 1.50 = 90.000 ден | 90.000,00 |
| 2.Гребулење и собирање искосена трева<br>6м x 4бр. = 24 x 2.500м2 = 60.000м2 x 0.50 = 30.000,00 ден | 57.000,00 |
| 3.Утовар на трева во количка<br>6м x 4бр. = 24 x 2.500м2 = 60.000м2 x 0.11 = 6.600,00 ден | 6.600,00 |
| **Вкупно**: | **153.600,00** |

## Реон "Исар"

| | |
|---|---|
| 1.Спомен обележје на паднатите борци од НОВ со површина од | 6.550 м$^2$ |
| 2.Косини: Железничка-М. пат; бул.Партизанска; Сењак- Баби; Безистен со површина | 6.000 м$^2$ |
| **Вкупно**: | **12.550 м$^2$** |

**Спецификација на трошоци потребни за одржување на Реон Исар**

| | |
|---|---|
| 1.Машинско косење :<br>6м x 1бр. = 6 x 9.000м2 = 54.000м2 x 1.50 = 81.000,00 ден | 81.000,00 |
| 2.Гребулење и собирање искосена трева<br>6м x 1бр. = 6 x 9.000м2 = 54.000м2 x 0.50 = 27.000,00 ден | 27.000,00 |
| 3.Утовар на трева во трактор<br>6м x 1бр. = 6 x 9.000м2 = 54.000м2 x 0.10 = 5.400,00 ден | 5.400,00 |
| 4.Метење на патеки во тревник<br>10м x 20бр. = 200 x 500м2 = 100.000м2 x 0.29 = 29.000,00 ден | 29.000,00 |
| **Вкупно**: | **142.400,00** |

**Реон Баби**

| | |
|---|---|
| 1. Парк кај М.З. | 500$м^2$ |

**Спецификација на трошоци потребни за одржување на Реон Баби**

| | |
|---|---|
| 1.Машинско косење:<br>6м x 4бр. = 24 x 500м2 = 12.000м2 x 1.50 = 18.000 ден | 18.000,00 |
| 2.Гребулење и собирање искосена трева<br>6м x 4бр. = 24 x 500м2 = 12.000м2 x 0.50 = 6.000,00 ден | 6.000,00 |
| 3.Утовар на трева во количка<br>6м x 4бр. = 24 x 500м2 = 12.000м2 x 0.11 = 1.320,00 ден | 1.320,00 |
| **Вкупно:** | **25.320,00** |

**Реон Сењак**

| | |
|---|---|
| 1.Парк Сењак | 650м2 |

**Спецификација на трошоци потребни за одржување на Реон Сењак**

| | |
|---|---|
| 1.Машинско косење :<br>6м x 4бр. = 24 x 650м2 = 15.600м2 x 1.50 = 23.400 ден | 23.400,00 |
| 2.Гребулење и собирање искосена трева<br>6м x 4бр. = 24 x 650м2 = 15.600м2 x 0.50 = 7.800 ден | 7.800,00 |
| 3.Утовар на трева во количка<br>6м x 4бр. = 24 x 650м2 = 15.600м2 x 0.11 = 1.320 ден | 1.716,00 |
| **Вкупно**: | **32.916,00** |

## Реон "Суитлак"

| | |
|---|---|
| 1.Излетничко место Суитлак со површина од | 25.000м$^2$ |

## Спецификација на трошоци потребни за одржување на Реон Суитлак

| | |
|---|---|
| 1.Машинско косење:<br>6м x 1бр. = 6 x 25.000м2 = 150.000м2 x 1.50 = 262.980 ден | 262.980,00 |
| 2.Гребулење и собирање искосена трева<br>6м x 1бр. = 6 x 25.000м2 = 150.000м2 x 0.50 = 75.000,00 ден | 75.000,00 |
| 3.Утовар на трева во трактор<br>6м x 1бр. = 6 x 25.000м2 = 150.000м2 x 0.10 = 16.603,00 ден | 15.000,00 |
| **Вкупно**: | **352.980,00** |

**Се вкупно: 118.291м$^2$**

| |
|---|
| Одржување на дрвореди и грмушки на: ул."Г.М.Апостолски", "Васил Главинов", "М.Тито", "В.Прке", "Сутјеска", Бул."ЈНА", "Х.Карпош", Бул."Г.Делчев", Бул."Партизанска", населби: Железничка, Баби, Сењак, Пролет<br>**1.896 бр.** |

| | |
|---|---|
| 1.Наводнување на дрвореди со цистерна:<br>4м x 4бр. = 1 6 x 1.400сад. = 22.400бр. x 19.98 ден= 447.552,00 ден | 447.552,00 |
| 2.Окопување на дрвореди:<br>5м x 1бр.=5 x 1.896сад.=9.480бр.x30.00 ден=284.400,00 ден | 284.400,00 |
| 3.Наводнување на грмушки и дрвореди рачно:<br>4м x 4бр. = 1 6 x 496бр. = 7.936бр. x 0.95 ден= 7.539,00 ден | 7.539,00 |
| 5.Садење на сите цветни површини и жардињери со цветен насад: 40.000 бр.x 25 ден. = 1.000.000 ден | 1.000.000,00 |
| **Вкупно :** | **1.739.491,00** |

Во градското зеленило ќе се извршуваат активности според календарот за работа кои следуваат според сезоната:чистење на зелените површини со гребулење,собирање на отпад и шут, метење стази, сечење и кастрење на суви, стари и оболени дрва, кастрење грмушки, прашење, окопување, машинско и рачно косење со гребулење, полевање со прскалки и рачно, полевање дрвореди со цистерна, припрема на цветни површини со садење, прашење и полевање, губрење на тревни површини.

- Обновување на дрворедите низ градот со нови садници со претходна санитарно-техничка сеча на стари и суви стебла.
- Спроведување на техничката вода од бунарите на р. Отиња до парковите во централното подрачје;
- Расадничкиот матерјал и садниците кој ќе се користат за одржување на зелените површини се од сопствено производство од постојниот расадник. Расадникот ќе биде одржуван а во 2009 година е планирано да се зголеми неговиот капацитет.

Покрај редовното одржување на зелените површина во текот на 2009 година доколку се обезбедат средства, се планиара уредување на следниве паркови површини:

Реконструкција на дел од парк 8ми Ноември
(лоциран помеѓу ПТТ и станбен блок)

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1.Клупи | 10 | 6.000 | 60.000 |
| 2.Кандалабри | 5 | 10.000 | 50.000 |
| 3.Садници | | | 100.000 |
| 4. Цветен насад | 2.000 | 30 | 60.000 |
| **Вкупно**: | | | **270.000** |

**Реконструкција на булевари Гоце Делчев, Партизанска и сквер Дујле**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1.Поставување на линија за наводнување | | | 100.000 |
| **Вкупно**: | | | **100.000** |

**Реконструкција на дел од парк Кртеќе**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1.Тревни површини 15.000м2х0.05кг. | 750 | 200 | 150.000 |
| 2.Клупи | 33 | 6.000 | 198.000 |
| 3.Кандалабри | 25 | 10.000 | 250.000 |
| 4.Садници | | | 100.000 |
| 5. Цветен насад | 5.000 | 30 | 150.000 |
| 6.Стази со бехатон плочки | 1370 м2 | 493 | 675.410 |
| 7. Стази - ивичњаци | 1370м | 246 | 337.020 |
| Вкупно: | | | **1.860.430** |

**Реконструкција на парк Триангла**
лоциран помеѓу Г.М. Апостолски и кеј на р.Отиња

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1.Тревни површини 2.700м2х0.05кг. | 135кг | 200д | 27.000 |
| 2.Клупи | 20бр. | 6.000д | 120.000 |
| 3.Кандалабри | 10бр. | 3.000д | 30.000 |
| 4.Садници | | | 30.000 |
| 5. Цветен насад | 2.000бр | 30д | 60.000 |
| 6.Стази со бехатон плочки | 360 м2 | 493д | 177.480 |
| 7. Стази - ивичњаци | 360м | 246д | 88.560 |
| Вкупно: | | | **533.040 ден.** |

**Реконструкција на парк Влахчево лозје и парк Кули**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1.Тревни површини 8.000м2х0.05кг. | 400кг | 200д | 80.000 |
| 2.Клупи | 30бр | 6.000д | 180.000 |
| 3.Садници | | | 70.000 |
| 4. Цветен насад | 3.000бр | 30д | 90.000 |
| Вкупно | | | **420.000** |

| | |
|---|---|
| **Вкупно**: | **3.183.470** |

За извршување на сите погоре наведени реконструкции, потребно не се вкалкулирани трошоци за работна рака и потрошен материал, што е од 30%до50%од вкупната вредност на реконструкциите.

Врз основа на нормите за одржување на градското и приградско зеленило добиени преку Стопанска комора на Македонија и единични цени на чинење на одржување на м$^2$/бр., час, е даден следниот табеларен преглед:

| Вид на работа | квалиф. | бр/м$^2$ | цена |
|---|---|---|---|
| 1. Машинско косење | КВ | м$^2$ | 1,50 |
| 2. Гребулење тревник пред машинско косење | НК | м$^2$ | 0.24 |
| 3.Машинско косење со ротациона косачка влечена со трактор | КВ | м$^2$ | 0.25 |
| 4.Гребулење и собирањ. на трева | НК | м$^2$ | 0,50 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5. Изнесување трева со количка | НК | $м^2$ | 0.11 |
| 6. Чистење тревник од лист | НК | $м^2$ | 1.47 |
| 7. Утовар на лист во трактор | НК | $м^2$ | 0.22 |
| 8. Утовар на трева во трактор | НК | $м^2$ | 0.10 |
| 9. Утовар на гранки | ПК | $м^3$ | 210 |
| 10. Сечење на плевел по патеки | НК | $м^2$ | 7.81 |
| 11. Рачно косење | ПК | $м^2$ | 2,39 |
| 12. Полевање на тревник (рачно) | НК | $м^2$ | 0,95 |
| 13. Полевање на тревник со распрскувач | НК | $м^2$ | 0.30 |
| 14. Полевање дрворед со цистерна | ПК | бр | 19,98 |
| 15.Окопување на грмушки и жива ограда во паркови површини | ПК | бр | 15.93 |
| 16.Прашење на цветни површини | ПК | $м^2$ | 19.50 |
| 17.Окопување-прашење ружи | ПК | бр. | 17.34 |
| 18. Окопување дрворед | ПК | “ | 30,00 |
| 19.Кроење дрва | КВ | час. | 300.00 |
| 20. Кроење грмушки | КВ | бр. | 100,00 |
| 21. Озеленување на нови површини (орање,фрезирање,рамнење,сеење,валирање) | КВ | $м^2$ | 60,00 |
| 22. Собирање отпад. и хартија | НК | $м^2$ | 0,06 |
| 23 Кроење жива ограда | КВ | “ | 50.00 |
| 24. Сечење на суви дрвја | КВ | час | 300.00 |
| 25.Метење патеки | ПК | “ | 0,29 |
| 26.Садење сезонско цвеќе | КВ | $м^2$ | 25,00 |
| 27.Копање дупки за садење садници | КВ | бр. | 132,50 |
| 28.Поправка парковски клупи и бојадисување | КВ | бр. | 40,60 |
| 29.Расфрлање ѓубре со количка до 50м | ПК | $м^3$ | 478.06 |
| 30.Одржување на жардињери<br>-полевање<br>-плевање<br>-прашење | <br>ПК<br>ПК<br>ПК | “$м^2$ | <br>0.68<br>19.98<br>22,22 |
| 31.Расфрлање песок со количка до 50м | ПК | $м^3$ | 478.06 |
| 32.Машинско собирање на лист со дувалка | НК | $м^2$ | 0.53 |
| 33.Чистење на паркови патеки степеници од снег | НК | $м^2$ | 5.17 |
| 34. Валирање тревник | ПК | $м^2$ | 0.25 |

**П Р Е Г Л Е Д**
**на планирани приходи и расходи**

| **Приходи** | |
|---|---|
| Прих.од зел.претпр. | 1.500.000,00 |
| Прих.од зел.домак | 2.000.000,00 |
| Други приходи | 2.000.000,00 |
| Средства од буџетот за одржување на зелени површини и корито на р.Отиња | 3.000.000,00 |
| **Вкупно**: | **8.500.000,00** |

| **Расходи** | |
|---|---|
| Потр.матер.и суро. | 600.000,00 |
| Потр.елект.енерг. | 140.000,00 |
| Потр.гориво | 400.000,00 |
| Потр.резер.делови | 100.000,00 |
| Трошоци за услуги | 100.000,00 |
| Бруто плата | 5.500.000,00 |
| Амортизација | 150.000,00 |
| Други трошоци | 500.000,00 |
| **Вкупно:** | **7.490.000,00** |

За извршување на работните операции дадени во табеларниот преглед РЕ „Паркови и зеленило“ располага со:

**основни средства**

| | | |
|---|---|---|
| 1. трактор Тома Винковиќ | бр. | 1 |
| 2. трактор голем со сите приклучни машини | бр. | 1 |
| 3. моторна косилица за трева | бр. | 2 |
| 4. моторна пила | бр. | 3 |
| 5. моторна коса FS-85 (тример ) | бр. | 6 |
| 6. моторен тастер XT-75 | бр. | 1 |
| 7. моторна дувалка SX -85 | бр. | 3 |

**Вработени**

| | |
|---|---|
| 1. шеф на РЕ Паркови и зеленило | 1 извршител |
| 2. референт по шуми | 1 извршител |
| 3. техничар оперативец | 2 извршители |
| 4. возач на трактор | 1 извршител |
| 5. одржувач на стадион | 1 извршител |
| 6. расадничар | 1 извршител |

| | |
|---|---|
| 7. општи работници | 14 извршители |
| Вкупно: | 21 извршители |

За извршување на редовните активности во текот на 2009 година е планирана и набавка на:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Товарно транспортно возило со продолжена кабина | 1 | 984.000 | 984.000 |

## Програма за одржување на коритото на река Отиња за 2009 година

Вкупната површина на коритото на река Отиња е 59.315м$^{2.}$. Во текот на целата година според календарот за работа ќе се врши редовно косење и наводнување на 35.000м$^2$ површина која е посеана со тревно семе. На оваа површина има ископано два бунара од кои преку систем за наводнување се врши редовно наводнување на истата. Останатиот дел од 24.315м$^2$ е самоникнатата трева која се коси машински - со тример, но во иднина на оваа површина се планира изградба на систем за наводнување.

## С П Е Ц И Ф И К А Ц ИЈ А
## на трошоци за одржување на коритото на река Отиња планирани средства од Буџет на Општина Штип

| | |
|---|---|
| 1.Машинско косење со трактор во река Отиња 44.000м$^2$x 0,25=11.000,00x 6 бр. | 66.000,00 |
| 2.Машинско косење со тример во река Отиња 15.315м$^2$x1.50=22.972 x 6 бр. | 137.835,00 |
| 3. Собирање на искосена трева 59.315м$^2$x 6 = 355.890 м$^2$ x 0.5ден. | 177.945,00 |
| 4. Утовар на искосена трева во трактор 355.890 м$^2$ x 0.10ден. | 35.589,00 |
| 5. Наводнување во река Отиња 35.000м$^2$x 0,30=10.500 x 4 пати=42.000 x 6 бр. | 252.000,00 |
| 6.Собирање на отпадоци и хартија 10мх5бр = 50бр.х 59.315=2.965.750 м$^2$ х0.06=177.945,00ден. | 177.945,00 |
| 7.Варасување на зидови на р. Отиња 8.000м$^2$x 25ден.= 200.000,00 ден. | 200.000,00 |
| **Вкупно ден**: | **1.005.198,00** |

**Напомена**: Во моментот на подготовка на оваа програма ЈП „Исар“ има доставено до Советот на Општина Штип предлог за утврдување на висината на цените за одржување на јавните површини. Доколку Советот на Општина Штип даде согласност за предложениот ценовник кои веќе е изгласан од Управниот Одбор, РЕ „Паркови и зеленило“ ќе може да ги спроведе активностите предвидени во програмата, а со остварените приходи ќе покрие направените трошоци.

Повлекувањето на средствата од Буџетот на Општина Штип ќе се врши врз основа на склучен договор со Општина Штип по доставени месечни ситуации за извршена работа од страна на ЈП „Исар“ РЕ „Паркови и зеленило“.

П Р О Г Р А М А
за работа за 2009 година на
РЕ „Пазар со наплатна служба“

Делот од работната единица - Пазарна служба врши пазарни услуги редовно одржување на новиот и стариот пазар, наплата на пазарните услуги, пазарни такси, резервација за тезги за продавање на разновидна стока, одржување на хигиената на пазарот, поправање на тезги, огради, уредување на зелени површини во кругот на пазарот.

Покрај извршувањето на секојдневните редовни работни задачи во текот на 2009 година се планирани и следниве активности:

| | |
|---|---|
| 1. Поправка на старите тезги. | 50.000,00 |
| 2. Санирање на плато бр.1 покривање со церада и бетонирање со проценета вредност | 250.000,00 |
| Вкупно: | 300.000,00 |

Наведените активности се планира да се финансираат од сопствени извори.

П Р Е Г Л Е Д
на планирани приходи и расходи

| Приходи | |
|---|---|
| Прих.од паз.такса | 1.500.000,00 |
| Прих.од резервации | 900.000,00 |
| Други приходи | 800.000,00 |
| **Вкупно:** | **3.550.000,00** |

| Расходи | |
|---|---|
| Потр.матерј.и суро. | 50.000,00 |
| Потр.елект.енрг. | 120.000,00 |
| Трошоци за услуги | 30.000,00 |
| Амортизација | 450.000,00 |
| Бруто плата | 2.700.000,00 |
| Други трошоци | 50.000,00 |
| **Вкупно**: | **3.400.000,00** |

Делот од РЕ Наплатна служба во 2009 година ќе продолжи во континуитет да ги извршува следниве работни задачи:

- Редовно читање и проверка на водомерите од страна на реонските инкасатори.
- Редовно изготвување на месечните сметки за корисниците на услугите.
- Постојана комуникација и соработка со корисниците на услугите.
- Редовна достава и наплата на месечните сметки,преку реонските инкасатори и преку 5-те наплатни центри во градот.
- Редовно изготвување на опомени пред тужби и решенија за исклучување од водоводната мрежа на корисниците кои нередовно ги плакаат сметките.
- Изготвување и достава до Правната служба на прегледи на корисниците кои нередовно ги плакаат сметките заради утужување.
- Изготвување на периодични и годишни извештаи за работата на РЕ Наплатна служба.

Во 2008 година наплатните центри кој сеуште не се ќе бидат опремени со компјутерска опрема со што ке се има целосен увид во сметките, за побрзо и максимално точно извршување на наплатата.

Раскнижувањето на платените сметки ке се врши секојдневно со што евиденцијата ке биде во секое време ажурирана.

Одделението за контрола на корисниците на услугите редовно ке ги копнтролира водомерите како и површините на објектите.истото редовно ке врши сервисирање на водомерите на корисниците на услугите како и перманентно откривање и ликвидирање на нелегални приклучоци за вода.

## ПРОГРАМА
## за активности во РЕ „Бања Кежовица“
## во 2009 година

РЕ „Бања Кежовица“ во рамките на своите активности ги врши следниве основни дејности:

- обезбедува услови за бањско капење на граѓаните
- ноќевање и престој на гости во сопствени сместувачки капацитети,
- перење и пеглање на постелнини и секаков вид веш.

Во делот за бањско капење бањата располага со женски и машки општ дел со соблекувални и 15 посебни туш кабини.

Сместувачкиот дел располага со 12 соби со вкупно 32 легла и општа кујна со трапезарија.

Комплексот располага и со сопствена перална и машина за пеглање кои се користат за соствени потереби.

Во текот на 2009 година оваа работната единица ги планира следните активности:

I ) Редовно работење на сите објекти

II) Реконструкција на водоводната и електро инсталацијата во машката бања.

III) Реновирање на делот со туш кабини.

IV) Инсталирање на парно греење во просториите на објектот за ноќевање

V) Медиумска презентација

I ) Во текот на 2009 година оваа РЕ ќе продолжи со редовно работење на сите објекти со цел да им овозможи на граѓаните да ја одржуваат личната хигена како и задоволување на условите за ноќевање и престој на гости во сместувачките капацитети.

II) Со оглед на застареноста на електричната и водоводната инсталација во машката бања и од безбедносни прични неопходна е реконструкција која ќе ја извршат вработените во ЈП, со материјали кои веќе се набавени.

III) Реновирање на делот со туш кабини.

За Реновирање на делот со туш кабини е изработен главен проект со инвестициона вредност од 700.000ден кој ги опфаќа следниве активности:

- Поставување на нова водоводна инсталација (ПВЦ)
- Поставување на нова електро инсталација и осветлување.
- Промена на подни и зидни плочки
- Поставување на таванска конструкција од лим.
- Поставување на нови ПВЦ врати.
- Молерофарбарски работи.

Моменталните услови во туш кабините се под било какво ниво и отаму потребата за нивно реновирање што како активност во претходната година не е реализирано поради недостиг на финансиски средства.

IV) За загревање на објектот за ноќевање се користат 25 грејни тела (греалки и термо печки) кои се големи потрошувачи на електрична енергија. Со инсталирање на парно греење, кое ќе ја користи топлата вода од бањата, ќе се намалат трошоците за електрична енергија и истовремено ќе се подобрат условите што ќе овозможи зголемен број на посетители.

**В) Медиумски активности.**

Во текот на 2009 година ќе продолжи презентацијата на Бањата преку медиумите, веб страната како и со пропаганден материјал.

| опис на активноста | износ |
|---|---|
| 1. Реконструкција на водоводната и електро инсталацијата во | 100.000,00 |

| | |
|---|---|
| машката бања | |
| 2. Реновирање на делот со туш кабини | 700.000,00 |
| 3. Поставување на парно греење во објектот за ноќевање | 400.000,00 |
| Вкупно: | 1.200.000,00 |

Предложените активности ќе се реализираат во ависност од обезбедените финансиски средства.

**П Р Е Г Л Е Д**
**на планирани приходи и расходи**

| **Приходи** | |
|---|---|
| Прих.од такси биле. | 2.500.000,00 |
| Прих.од ноќевање | 2.000.000,00 |
| Прих.од тргов.стока | 200.000,00 |
| Вонредни приходи | 100.000,00 |
| **Вкупно:** | **4.800.000,00** |

| **Расходи** | |
|---|---|
| Потр.матер.и суровини | 200.000,00 |
| Набавн.вред. | 200.000,00 |
| Потр.елект.енрг. | 420.000,00 |
| Тршоци за гориво и рез.дел. | 180.000,00 |
| Трошоци за услуги | 100.000,00 |
| Амортизација | 300.000,00 |
| Бруто плата | 3.300.000,00 |
| Други трошоци | 80.000,00 |
| **Вкупно:** | **4.800.000,00** |

П Р О Г Р А М А
за одржување на гробишта за 2009 година

Одржувањето на гробиштата ЈП„Исар“ го врши преку РЕ „Погребна служба“ .

Во текот на 2009 година РЕ „Погребна служба“ ги планира следните активности:

I. Одржување на гробишта

Проектна документација

| Опис на активноста | мера | количина | ед.цена | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1. Изработка на проект за парцелизација и начин на доделување на гробните места врз основа на У.П.на град Штип. | 1 | 1 | 50.000,00 | 50.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. Изготвување на план за одржување на гробиштата | 1 | 1 | 50.000,00 | 50.000,00 |
| **Вкупно**: | | | | **100.000,00** |

Изградба, реконсрукција и одржување на гробиштата

| Опис на активноста | мера | количина | ед.цена | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1. Изведба на водоводни линии за нови јавни чешми. | м | 300 | 300,00 | 90.000,00 |
| 2. Бетонирање на бетонски патеки | м | 300 | 600,00 | 180.000,00 |
| 4.Оградување на дел од новите гробишта | м | 300 | 450,00 | 135.000,00 |
| 5. Изаработка и монтажа на влезни врати во двата дела | бр. | 2 | 30.000,00 | 60.000,00 |
| 6. Одржување на постојните зелени површин ии одржување на јавната чистота. | м² | 9.000 | 3,40 | 30.600,00 |
| 7.Изградба на нови зелени површини со поставување на 20 клупи и 20 корпи за отпадоци, | м² | 3.000 | 50,00 | 150.000,00 |
| 8. Асфалтирање или бетонирањена приодните патишта низ гробиштата | м² | 3000 | 700,00 | 2.100.000,00 |
| **Вкупно**: | | | | **2.745.600,00** |

Средствата во висина од 2.845.600,00 денари се планира да се обезбедат од:

1. надоместок за одржување на гробиштата-гробарина;
2. надоместок за пристап и користење на гробна инфраструктура (мртовечница, ладилник и други инфраструктурни објекти) од операторите на погребални услуги и каменорезачи;
3. надоместок за доделување на употреба на гробно место.

ЈП "Исар" - Штип
Директор

Симеон Донев

59.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на

Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА
ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА
ВО ОПШТИНА ШТИП ЗА
2009 ГОДИНА

I

Се објавува Програмата за одржување на јавната чистота во оптшина штип за 2009 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-422/2
25 февруари 2009 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип
Панде Сарев, с. р.

60.

Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота („Службен весник на РМ“ број 111/08), член 7 од Одлуката за одржување на јавната чистота во Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 14/08) и член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општината Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 февруари 2009 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА
ВО ОПШТИНА ШТИП ЗА 2009 ГОДИНА

Под поимот одржување на јавната чистота се подразбира:

1. Чистење (миење и метење) на јавни површини и отворени простори на јавни објекти
2. Чистење на снег во зимски услови.

Одржувањето на јавната чистота преставува континуиран процес кој обезбедува трајно и квалитетно чистење на јавните површини. За реализирање на овие активности ЈП ″Исар″ изготви Годишна програма за одржување на јавната чистота за 2009 година.

Со Програма за одржување на јавната чистота за 2009 година се утврдени: видот и обемот на работите што треба да се извршат, финансиските сретства за вршење на работите, временските рокови за извршување на работите, динамиката и начин на вршење на работите, како и поставување на корпи за отпадоци на јавните површини.

1. **Вид и обем на работите**:

Во планирањето и димензионирањето на работата, работната рака и механизацијата за одржувањето на чистотата на јавните површини како клучни фактори се земени:

- Одредувањето на нивото и динамиката на одржување на комуналната јавна чистота на јавните површини (категоризацијата)
- Димензиите, типот и формата на јавните површини (големина)
- Начинот на одржување на јавната чистота
- Пресметка на нормите за работа врз кои се врши димензионирањето на работата, работната рака и механизацијата.

**Потекло и вид на сметот на јавните површини**

Под поимот смет се подразбира збир на отпадоци кои се создаваат при одржувањето на јавната чистота.

Под поимот собирање на смет се подразбира отстранување на создадениот смет и сместување во садови за смет.

Според начинот на живеење и работење на луѓето одржувањето на јавната чистота е условено од следниве фактори:

- Густината на населеност
- Градскиот сообраќај
- Станбениот простор
- Културните навики на населението
- Стандардот
- Самодисциплината на граѓаните
- Придржување на позитивните прописи

Од овие фактори е условен и степенот на загаденост на јавните површини, начинот и динамиката на одржување на истите.

**1.1. Секојдневен смет**:

а) Отпадоци од возила кој настануваат при:

- при превоз на разновиден материјал (градежен материјал, овошје, зеленчук и технолошки материјал)
- при товарање и растоварање на разни стоки
- при собирање на домашен смет
- при косење на тревни површини

в) Загадувања од атмосверата

- загадување од чад, прав

- индустриски очаци
- гасовите од моторните возила

г) При интензивно врнење на дождови

- наноси од земја, песок, лисја и друго.

**1.2. Сезонски смет**

Се појавува сезонски и обично го има два вида

- лисја од дрвата, суви гранки и слично
- песок, згура и ситен камен кој во зимскиот период служи за посипување на јавните површини заради намалување на клизавоста кој по престанокот на мразевите и снеговите треба темелно да се отстрани.

**2. Динамика, начин и временски рокови за вршење на работите**:

За изработка на организациониот план за чистење на јавните површини еден од важните фактори е категоризацијата на јавните површини. Категоризацијата на јавните површини зависи од: населеноста на градот, распоредот на работните и стамбените објекти, интензитетот на сообраќајот.

Имајќи го во предвид искуството од претходните години ја предлагаме следнава категоризација:

**I. Категорија**

Центарот на градот и трговскиот дел на градот каде улиците, тротоарите, плочниците се со густа фреквенција на движење. Работите ќе се изведуваат секој работен ден во годината дење или ноќе во зависност од временските услови и обемот на работата.

Работите од оваа категорија ќе се изведуваат секој ден со исклучок во зимски периоди при поголеми врнежи на снег и појава на ноќни мразеви.

**II. Категорија**

Густо населени улици и населби со послаб градски промет и луѓе. Работите ќе се изведуваат еднаш во неделата.

**III. Категорија**

Улици од кои се собираат отпадоци со рачни колици секојдневно во годината во две смени.

Собирање на отпадоци со рачни колички и празнење на садовите за отпадоци поставени на јавните површини (корпи за отпадоци и отпушоци).

Работите ќе се изврдуваат секој работен ден во годината.

**IV. Категорија**

Миењето на јавните површини се врши рачно со црево. Работата се извршува еднаш месечно 7 пати во годината по завршувањето на зимските месеци.

**V. Категорија**

Во оваа категорија спаѓа: изнесувањето на песок, камен, кал, лисја по поројни дождови.

**VI. Категорија**

Чистење на снег од јавните површини на **Категорија I**

Снегот и мразот од тротоарите се собира на рабовите на тротоарот, а ако тротоарите се потесни од 1,5м. на работ од коловозот при што се внимава да не се затрупуваат сливниците и да не се нарушува движењето на возилата и пешаците. Снегот и мразот од кејот на река Отиња ќе се фрлаат во коритото на река Отиња. Отстранувањето на складираниот снег и мраз ЈП Исар ќе го врши со сопствена механизација.

Работниците кој ја одржуваат чистотата на јавните површини ќе работат во центарот на градот (улици предвидени во категорија I) и ќе ги извршуваат следниве работи:

- Отварање на пешачки премини
- Отварање на пешачки патеки по тротоарите и плочниците
- Целосни чистење на мостовите
- Чистење и празнење на уличните корпи

Чистењето на снегот пред објектите (пристапот до самиот објект) е во надлежност на сопствениците или корисниците на објектите.

**Повремени работи**

Како повремени работи се јавуваат пречистување на јавните површини по барање на органите на општината за време на државните празници, по барање на инспекциските служби, собирањето на сметот после јавните манифестации на барање на организаторот на јавната манифестација и друго. Овие работи се извршуваат надвор од планираната програма.

Во Програмата за одржување на јавната чистота за 2009 година не се предвидени следниве активности:

- Одржување на површини на отворените простории на јавните обкекти и на дворните површини на колктивните и индивидуалните објекти.
- Расчистување на диви депонии
- Слободните површини кои не се наменети за промет на сообраќај.

**I-ва Категорија**

**Метење на јавни и сообраќајни површини улици, тротоари, плоштади и паркинг плацеви секој работен ден во годината**

| **р.б.** | **Име на површината** | **м$^2$** |
|---|---|---|
| 1. | ул. ”Маршал Тито” од Здравен дом до раскрсницата кај црквата- подлога асфалт | 8.250 |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | плочник над “Безистен”<br>- подлога мермерни плочки | 2.500 |
| 3. | Плоштад “Слобода”<br>- подлога мермерни плочки | 3.000 |
| 4. | Плоштад “Тошо Арсов”<br>- подлога асфалт | 3.000 |
| 5. | ул “Ванчо Прќе”<br>- подлога асфалт | 8.000 |
| 6. | ул “Гоце Делчев” од рас.”В.Прке” позади црква “С. Никола“ ул. “Д.Влахов” до детска градинка Н. Село<br>- подлога асфалт | 8.000 |
| 7. | ул.”Христијан Карпош” од здравен дом до рас. на ул.”Еврејска”<br>- подлога асфалт и коцка | 3.500 |
| 8. | ул.”Јосиф Ковачев”,ул.”Маршал Тито” позади “Трговски центар”, раскрсница до црква “С.Никола”<br>- подлога асфалт | 9.500 |
| 9. | ул. “Тошо Арсов”, Дел од центар (Безистен)<br>- подлога асфалт | 2.000 |
| 10. | ул. “Г.М.Апостолски”<br>- подлога асфалт и коцка | 8.600 |
| 11. | ул.”Васил Главинов”од гимназија до мост кај црква<br>- подлога асфалт | 3.500 |
| 12. | ул. „Борко Талев“ од гимназија до сатр здарвен дом<br>- подлога коцка | 2.000 |
| 13. | Кеј на р. Отиња<br>- подлога асфалт и плочки | 4.150 |
| 14. | ул.”Кирил и Методи”,”Борис Кидрич”од семафори кај”На-ма” до семафори кај рас. “Дујле”<br>- подлога асфалт | 10.750 |
| 15. | ул. „Партизанска“ од кривина кај Исарот до диспанзер<br>- подлога асфалт | 36.000 |
| 16. | ул. „Сутјеска“ (дел) од школото до Електроисток<br>- подлога коцка | 17.000 |
| 17. | ул. „Панче Караѓозов“<br>- подлога коцка | 8.500 |
| 18. | ул. „Енгелсова“<br>- подлога | 8.500 |
| 19. | ул. „Булевар ЈНА“<br>- подлога асфалт | 11.000 |
| 20. | ул. „Гоце Делчев“ од „Огледалото“, „Мал одмор“ до кружен тек во населба „Железничка“ | |

| | | |
|---|---|---|
| | - подлога асфалт | 31.000 |
| 21. | Раскрсница „Дујле“ до мост на р. Брегалница<br>- подлога асфалт<br>- површина со тротоари | 9.500 |
| 22. | Стара чаршија (степеници, тротоари) позади зградите кај Трговски центар и На-Ма<br>- подлога ботонска и терацо | 5.500 |
| 23. | ул. „Сремски фронт“ од Базалт до ОУ „Димитар Влахов“<br>- подлога асфалт | 15.000 |
| | Вкупно: | 218.750 |

## II-ра Категорија

Метење на јавни-сообраќајни површини (улици, тротоари)
еднаш во неделата 07,00-15,00 часот

| Р. Бр. | Име на површината | м$^2$ |
|---|---|---|
| 1. | ул.”Страшо Пинџур”од кам. мост до Фонд за здравство<br>- подлога коцка | 2.650 |
| 2. | Ул ”Вита Поп-Јорданова”<br>- подлога коцка | 3.500 |
| 3. | ул “Димитар Влахов” од црква до мост на р. Брегалница<br>- подлога асфалт | 6.500 |
| 4. | ул “Крсте Мисирков”<br>- подлога асфалт | 3.000 |
| 5. | ул “Христијан Карпош” до раскр. на ул “Коле Неделков”<br>- подлога коцка | 4.500 |
| 6. | ул “Гоце Делчев”од бифе “Мал Одмор” до раскр.”Дујле”<br>- подлога асфалт | 6.700 |
| 7. | С. Стојменски - од црвена кула до ул. И.Л.Рибар<br>- подлога асфалт | 1.760 |
| 8. | Стојан Рибата - од И.Л.Рибар до трговски центар<br>- подлога асфалт | 2.500 |
| 9. | И. Л. Рибар - од ул. Ванчо Прке до спој со ул. Б.Кидрич<br>- подлога асфалт | 6.000 |
| 10. | Борис Кидрич-штипски сокак<br>- подлога бетон | 300 |
| 11. | Крушевска Република-од почеток до спој со Лески (Р. Јовановиќ) | 7.474 |

| | | |
|---|---|---|
| | - подлога асфалт | |
| 12. | Лески-од пат за Караорман до спој со К. Република<br>- подлога асфалт | 7.976 |
| 13. | Солидарност-од спој со П.Карагозов до диспанзер<br>- подлога коцка | 7.500 |
| 14. | Браќа Даневи-од спој со П.Карагозов до спој со Солидарност<br>- подлога коцка | 3.490 |
| 15. | Суитлак улица<br>- подлога асфалт | 6.253 |
| 16. | Суитлак улица<br>- подлога коцка | 1.500 |
| | Вкупно: | 68.850 |

**III-та Категорија**

Улици од кои се собираат отпадоци со рачни колици
и празнење на корпи за отпадоци секој работен ден во годината

| Р.бр | Име на улица | $м^2$ |
|---|---|---|
| 1. | ул.”Маршал Тито” | 8.250 |
| 2. | ул. “Ванчо Прке” со пасажи | 8.500 |
| 3. | ул.”Јосиф Ковачев” | 4.500 |
| 4. | ул. “Тошо Арсов” | 4.500 |
| 5. | ул. ”Ген. Михајло Апостолски” | 8.600 |
| 6 | Кеј на р. Отиња | 4.150 |
| 7. | Плоштад ”Слобода” | 3.500 |
| 8. | Плочник над безистен | 2.500 |
| 9. | ул. „Кирил и Методи“, „Борис Кидрич“ | 4.300 |
| 10. | ул. „Васил Главинов“ | 3.500 |
| 11. | ул. „Партизанска“ | 4.400 |
| 12. | ул. „Сутјеска“ | 6.800 |
| 13. | ул. „Гоце Делчев“ | 8.000 |
| 14. | ул. „Борис Крајгер“ | 6.000 |
| 15. | ул. „Сремски фронт“ | 1.000 |
| | **Вкупно**: | **78.500** |

Распоред на корпи за отпадоци

| Р.бр. | Локација | Количина |
|---|---|---|
| 1. | Кеј на река Отиња | |

| | | |
|---|---|---|
| | Од мост кај кулите до раскрскрсница кај градска Црква С.Никола ( лева и десна страна)<br>Од градска Црква С.Никола до бензинска на Макпетрол | 60<br><br>4 |
| 2. | Маршал Тито<br>Дом на култура<br>Музеј | <br>6<br>4 |
| 3. | Центар<br>Плоштад слобода<br>Ванчо Прке (со подвозници)<br>Борис Кидрич | <br>6<br>32<br>8 |
| 4. | Булевар Гоце Делчев<br>Од Градска Црква до Македонија пат<br>Од Македонија пат до Мал одмор<br>Од Мал одмор до Универзитет Гоце Делчев<br>ЕМУЦ (автобуска постојка)<br>Автобуски постројки Железничка станица | <br>6<br>4<br>8<br>2<br>4 |
| 5. | Булевар Партизанска<br>Дом на млади<br>Автобуска Станица (постојки) | <br>1<br>2 |
| | Раскрсница Дујле (паркинг)<br>Нова пошта (паркинг)<br>Пред Градски стадион | 3<br>2<br>2 |
| 6. | 8ми Ноември<br>Детска радинка<br>ОУ Тошо Арсов<br>Боро Арсов | <br>2<br>2<br>2 |
| 7. | Ул Сутјеска<br>Пред ОУ Гоце Делчев<br>Градски пазар<br>Монтажни бараки<br>Автобуска постојка кај Базалт | <br>2<br>2<br>4<br>2 |
| 8. | Ул. Сремски фронт<br>Автобуска постројка пред Кам маркет<br>Пред Детска градинка Сончогледи<br>Пред ОУ Димитар Влахов | <br>3<br>2<br>4 |
| 9. | Ул. Борис Крајгер<br>Од спој со Панче Караѓозов до Диспанзер | <br>6 |
| | **Вкупно**: | **185** |

Паркови површини

| | | |
|---|---|---|
| 1. | **Реон Бриони** | |

| | | |
|---|---|---|
| | Парк Триангла<br>Парк Влахчево лозје<br>Парк Кртеке | 13<br>20<br>70 |
| 2. | **Реон Центар**<br>Парк Коле Неделков<br>Парк Стар Пазар<br>Комбинирана паркова површина Полоштад<br>Парк Безистен | <br>7<br>13<br>13<br>33 |
| 3. | **Реон Дујле**<br>Парк 8-ми Ноември 1<br>Парк 8-ми Ноември 2 (пред пошта ) | <br>21<br>14 |
| 4. | **Парк Сењак** | 6 |
| | **Вкупно**: | **210** |

**IV**-та Категорија

Миење на улици со асфалтна подлога,
еднаш месечно седум месеци во годината

| р. б. | Име на улицата | $м^2$ |
|---|---|---|
| 1. | “Хр.Карпош”(дел)<br>“Маршал Тито” (дел)<br>“Крсте Мисирков” | 2.500<br>9.500<br>3.000 |
| 2. | “Г. М. Апостолски” (дел)<br>“Васил Главинов” (дел)<br>“Димитар Влахов” до бенз. пум.<br>“Партизанска” до ”Дујле” | 3.000<br>1.600<br>2.200<br>3.500 |
| 3. | “В.Влаховиќ”, ”Гоце Делчев”<br>од раск. Алумина до раск. на ул. ”Ванчо Прќе” | <br>19.000 |
| 4. | “АВНОЈ” кеј кај кулите<br>“Јосиф Ковачев” (дел)<br>“Борис Кидрич” и дел<br>од ”Кирил и Методи | 3.960<br>4.150<br>3.000<br>10.700 |
| 5. | Булевар”ЈНА”<br>“Енгелсова”<br>Раскрсница “Дујле” | 4.640<br>5.560<br>9.400 |
| 6. | Сремски Фронт”, “Д. Крупишки”<br>“Лески”<br>“Крушевска Република” | 22.000<br>6.700<br>4.500 |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Сутјеска од о.у.Гоце Делчев до ЕВН | 17.000 |
| 8. | Борис Крајгер-од Диспанзер до спој со Панче Карагозов -подлога асфалт | 15.000 |
| | **Вкупно**: | **150.910** |

## П Р Е Г Л Е Д
## на годишен физички обем за одржување на јавната чисота на јавно прометните површини во 2009 година

| р.б. | Категорија | Опис на работа | Површина $м^2$ | Денови | Годишна површина |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Категорија I | Метење секој работен ден | 218.750 | 296 | 64.750.000 |
| 2. | Категорија II | Метење еднаш во неделата | 68.850 | 52 | 3.580.200 |
| 3. | Категорија III | Собирање на отпадоци со рачни колички и празнење на корпи за отпадоци | 78.500 | 296 | 23.236.000 |
| 4. | Категорија IV | Рачно миење со црево еднаш месечно 7 пати во годината | 150.910 | 7 | 1.056.370 |
| 5. | Категорија VI | Чистење на снег од јавните површини | 8.820 | 10 | 88.200 |

| р.б. | динамика на интервенции | норма за 7 часа | Број на вработени | цена $м^2$ |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Метење секој работен ден | 9.000 $м^2$ | 24 | 0,1262 |
| 2. | Метење улици еднаш неделно | 6.047 $м^2$ | 2 | 0,1420 |
| 3. | Собирање на отпадоци со рачни колички и празнење на корпи за отпадоци | 19.625 $м^2$ | 4 | 0,0980 |

3. Финансиски средства за вршење на работите**:**

## ПРЕСМЕТКА
## За потребните финансиски сресства за спроведување на предложената Програма за одржување на јавната чистота за 2009 година

| Р.б. | Позиција на работа | е. М. | количина | ед. цена | износ во ден. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Метење секој работен ден | $м^2$ | 64.750.000 | 0.1336 | 8.650.209 |
| 2. | Метење еднаш во неделата | $м^2$ | 3.582.200 | 0.1420 | 508.672 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3. | Собирање на отпадоци со рачни колички и празнење на корпи за отпадоци | $м^2$ | 23.236.000 | 0.0980 | 2.277.127 |
| 4. | Рачно миење на улиците со црево еднаш месечно 7 пати во годината (во летниот период) | тура | 650 | 3.200 | 2.080.000 |
| 5. | Изнесување на земја камен и кал по поројни дождови. | тура | 150 | 800 | 120.000 |
| 6. | Чистење на снег од јавните површини | $м^2$ | 88.200 | 5.1700 | 455.992 |
| | **Вкупно**: | | | | **14.092.000** |

| Р.б. | опис | Количина | ед. цена | вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Набавка и монтажа на улични корпи за отпадоци | 200 | 3.000 | 600.000 |

| | |
|---|---|
| **Се вкупно:** | **14.692.000** |

**П Р Е Г Л Е Д**
**на непосредни извршители на програмата**

| ред.бр | Работно место | Број на извршители |
|---|---|---|
| 1. | Референт по комунална хигена | 2 |
| 2. | Чистачи на јавно прометни површини | 30 |
| | Вкупно: | 32 |

Планирани приходи

| | |
|---|---|
| 1. Домаќинства<br>- станбенаповршина 14.345$м^2$x0.50=457.172x12 | 5.486.070 |
| - дворна површина 545.635$м^2$x0.06 =32.738x12 | 392.857 |
| 2. Претпријатија<br>- Работни простории 364.923$м^2$ x1,20 =437.908x 12 | 5.254.892 |
| - дворна површина 377.272 $м^2$ x 0,30 =113.181x12 | 1.358.179 |
| 3. Средства од буџетот на Општина Штип | 2.200.000 |
| **Вкупно**: | **14.692.000** |

Наплатата на надометокот за одржување на јавната чистота ЈП „Исар“ ќе ја врши со доставување на сметката за собирање и транспортирање на комуналниот отпад. Надоместокот за одржување на јавната чистота на сметката ќе се прикажува одвоено.

Средствата собрани од надоместокот за одржување на јавна чистота се приход на буџетот на Општина Штип и се користат за финансирање на оваа програма.

Повлекувањето на средствата од буџетот на СО Штип ќе се врши врз основа на склучен договор со Општина Штип по доставени месечни ситуации за извршена работа од страна на ЈП „Исар“ РЕ „Комунална хигиена“.

Број 0701-422/1 | Претседател
20 февруари 2009 година | на Советот на Општина Штип
Ш т и п | Драги Илиев, с. р.

61.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
## ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ВО ОПШТИНА ШТИП 2009/14 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за донесување на План и Програма за управување со отпад во Општина Штип 2009-2014.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-423/2 | Градоначалник
25 февруари 2009 година | на Општина Штип
Ш т и п | Панде Сарев, с. р.

62.

Врз основа на член 18 став 1 од Законот за отпад („Службен весник на РМ“ број 68/04, 71/04, 107/07, 102/08 и 143/08) и член 21 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 февруари 2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ВО ОПШТИНА ШТИП 2009/14 ГОДИНА

I

Се донесува План и Програма за управување со отпад во Општина Штип 2009-2014.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-423/1
20 февруари 2009 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип
Драги Илиев, с. р.

63.

ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА
УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ВО ОПШТИНА ШТИП
2009/14 ГОДИНА

Врз основа на склучен Договор помеѓу ДЕКОНС-ЕМА и Општина Штип број 03-141 од 15.09.2008 година, а според Законот за отпад („Службен весник на РМ“ број 68/04, 71/04, 107/07 и 143/08), се пристапи кон изработка на План и Програма за управување на отпад на територија на општина Штип. Документот е финансиски подржан од Програмата за животна средина на Министерството за животна среидна и просторно планирање.

Во рамките на проектната активност во периодот септември-ноември 2008 година се реализирани неколку увиди на лице место, увиди во постојна техничка докумнетација за работата на депонијата, работата на

Јавното комунално претпријатие „Исар“-Штип и општина Штип (Сектор за комунални дејности и животна средина).

Овој документ треба да ги определи стратешките цели на Општина Штип во идниот шестгодишен развоен период димензионирани во приоритети, реално изводливи во определено време и со реална финансиска конструкција и да предложи Програма за реализација на активностите за 2009 година.

Во подготовката на документот учествуваше консултанската компанија ДЕКОНС-ЕМА со следниот тим:

1. Менка Спировска, дипломиран биолог
2. Маја Коцова, инжинер по животна средина
3. Д-р Бошко Ников, металург

ДЕКОНС-ЕМА
Управител,
Менка Спировска

**Вовед**

Планирањето е есенцијална алатка за воспоставување на одржлив систем за управување со отпад. Поглавјето II на Законот за отпад („Службен весник на РМ“ број 68/2004, 71/2004, 107/2007, 102/2008 и 143/2008)-Стратегија, планови и програми за управување со отпадот, детално го опишува процесот на планирање, како на национално, така и на локално ниво и ги дефинира барањата за планско-програмските документи. Основни документи за планирање и развој на управувањето со отпад се:

1. Национална стратегија за управување со отпад (ја донесува Владата за период од 12 години на предлог на МЖСПП) - (член 16);
2. Национален план за управување со отпад (го донесува МЖСПП за период од 6 години) - (член 17);
3. Национална програма за управување со отпад (се донесува за период од една година) - (член 19);
4. Планови и програми за управување со отпад на ЕЛС - (член 18и19).

Плановите за управување со отпадот на Единиците на локалната самоуправа треба да бидат во согласност со Националната стратегија за управување со отпад („Службен весник на РМ“ број 39/08) и Националниот план за управување со отпад на Република Македонија (кој што е во нацрт верзија) и се донесуваат за период не пократок од три години, а не подолг од шест години. При изработка на плановите за управување со отпад на локално ниво исто така треба да бидат земени предвид насоките дадени во другите стратешки и плански документи, донесени на национално и локално ниво, особено Националниот акционен план за животна средина (НЕАП) и Локалните акциони планови за животна средина (ЛЕАП).

Програмата за управување со отпад, која е алатка за реализација на Планот за управување на отпадот, на годишно ниво, претставува основен документ за планирање на сите активности во текот на планираната календарска година, како и основа за пресметување на делот од општинскиот буџет, наменет за целите дадени во Планот и Програмата за управување со отпад.

Овој документ треба да ги определи стратешките цели на Општина Штип во идниот шестгодишен развоен период димензионирани во приоритети, реално изводливи во определено време и со реална финансиска конструкција и да предложи Програма за реализација на активностите за 2009 година.

Согласно став 1 од член 18 и согласно точка 2 од став 1 од член 19 од Законот за управување со отпад, градоначалникот му ги предлага на усвојување Планот (2009-2014) и Програмата за управување со отпад (2009), на Советот на општината.

## I. План за управување со отпад во Општина Штип (2009-2014)

### 1. Опис и оцена на постоечката состојба за управување со различните видови отпад

Општина Штип се наоѓа во централниот источен дел на Република Македонија и опфаќа 44 населени места. Зафаќа простор со површина од 556 км$^2$, односно 3,1 % од површината на Републиката. Површината на градот Штип, кој е и седиште на Општината, со населбите е 13,5 км$^2$ и претставува единственото рурално подрачје на територијата на општината. Општина Штип лежи во сливното подрачје на реката Брегалница, лева притока на р. Вардар.




**Слика 1** Општина Штип, територијална поставеност

Подрачјето на општината е претежно со планинска и ридска конфигурација. Просечната висинска разлика, помеѓу планинските сртови и рамнинските предели по теченијата на реките изнесува 1.300, а средната надморска висина е 250 метри.

Со новата територијална поделба на Република Македонија, од Општина Штип се издвои Општина Карбинци, која сега егзистира самостојно, но во низа сегменти овие две општини и натаму се тесно поврзани.

Согласно член 42-а од Законот за отпад („Службен весник на РМ" број 68/2004, 71/2004, 107/2007, 102/2008 и 143/2008), управувањето со комуналниот отпад во Општина Штип му е доверено на Јавното комунално претпријатие „Исар", кое е основано на 11.03.1997 година, од страна на општината.




Во согласност со податоците од пописот 2002, Општина Штип има вкупно 47.796 жители.

Три населени места во општината, ги добиваат услугите на Јавното комунално претпријатие: градот Штип со околу 42.652 жители, Три Чешми со 1.065 жители и Караорман со 800 жители, што претставува 93% од населението во целата општина. Во однос на домаќинства, тоа изнесува вкупно 12.172 домаќинства. Останатите населени рурални места, кои се простираат по целата територија на општината, не ги добиваат услугите од ЈКП заради малиот број на жители и економската неисплатливост. Иако овие населени места претставуваат само 7% од вкупното население на општината, сепак претставуваат проблем кој треба да се решава во иднина.

Годишната количина на цврст отпад во градот и населените места, кои се опслужени од ЈКП „Исар" кој е подигнат, изнесува околу 72.000 $м^3$ (количините се пресметани според возилата кои се испратени на терен). Количината на отпад претставена подолу (Табела 3), а којшто се одлага, е пресметан врз база на запремината на возилата и извршената работа. Прецизни мерења на самата депонија не се направени. Ако кон оваа количина се додаде и отпадот од селските населби, кој се складира исклучиво на диви депонии, сериозноста на проблемот добива уште поголема димензија.

Изнесување, транспортирање и депонирање на комуналниот цврст отпад се реализира во согласнот со Одлуката за комунален ред на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 13/98).

Собирањето на комуналниот цврст и индустриски отпад се врши во специјални садови и тоа: 70 контејнери со запремнина од 1,1$м^3$, распоредени во централното градско подрачје, 205 контејнери со запремнина од 5$м^3$ распоредени на територијата на град Штип и во индустриската зона и канти за отпад од 80л, распоредени на физичките лица.

Динамиката на изнесување, транспортирање и депонирање на комуналниот цврст отпад е димензионирана во зависност од густината на нселението, количината на отпадот и условите за изнесување на истиот.

Физичкиот обем на задачите е дефиниран преку регистрирањето на станбените, дворните и индустриските површини, како и предвидените превозни сретства со кои се извршуваат работите. На слика 2 претставена е мапата на градот каде што ЈКП „Исар“ ги дава своите услуги. Во годишната програма, којашто ЈКП „Исар“ ја доставува до општината на разгледување и усвојување, е дефинирана динамиката на собирање, транспортирање и депонирање на отпадот. Во табела 1 е даден преглед на возниот парк со кој располага ЈКП „Исар“.

Табела 1 Возен парк

| р.бр. | опис на возилото | количина |
|---|---|---|
| 1. | специјални возила смеќари | 6 |
| 2. | специјални возила автоподигачи | 3 |
| 3. | специјално возило комбинирано | 1 |
| 4. | трактори | 3 |

Или пак преточено во капацитет на собирање на отпад:

- 3 трактори -5 $м^3$
- 1 комбинирани возило -24 $м^3$
- 3 камиони за кревање на отпад -5 $м^3$
- 6 други видови камиони наменети за собирање на отпад:

- 3 возила со запремнина од 8 $м^3$
- 1 возило со запремнина од 12 $м^3$
- 2 возила со запремнина од 18 $м^3$




**Слика 2** Мапа на градот Штип

Комуналното претпријатие стопанисува со релативно стар возен парк. Дел од возилата кои се на располагање и со кои редовно се врши услугата на собирање и транспортирање на комуналниот отпад се дадени подолу:

> Мицубиши год. на произвоство 2000 - 2 броја
> ТАМ-1983
> Мерцедес -1983
> Ивеко специјално -1997
> Мерцедес -1981
> Мерцедес - комбиниран -1991
> Ивеко - камион за кревање на отпад -1997
> Там - камион за кревање на отпад -1986
> Там - камион за кревање на отпад -1988

Превозните средства се веќе доволно амортизирани, што се гледа од годината на нивното производство и времетраењето на нивната употреба. При голема амортизираност на возилата не е можно да се постигне квалитетно и безбедно собирање на комуналниот отпад. Дополнителен проблем, кој претставува оптеретување на ЈКП е одржувањето на механизацијата, т.е. возилата поради нивната дотраеност. Поправките на механизацијата се вршат во рамките на самото претпријатие. Имајќи ги предвид староста на возилата и опремата со која располага ЈКП „Исар", за

квалитетно извршување на работните задачи потребна е набавка на следниве специјални возила:

Табела 2 Нови возила

| р.бр. | опис | количина |
|---|---|---|
| 1. | специјално возило смеќар комбиниран 18-24 м3 | 1 |
| 2. | специјално возило автоподигач | 1 |

Од досегашното искуство на Јавното комуналното претпријатие, дадена е една општа динамика на подигање, транспортирање и депонирање на отпадот и таа се однесува на компании/комерцијални/индустриски субјекти каде подигањето на отпад е 1 до 3 пати неделно. Понатаму, изнесувањето на отпадот од централното градско подрачје од контејнери 1,1 $м^3$ се врши секој ден, додека празнењето на контејнерите од 5 $м^3$се врши двапати неделно. Празнењето на кантите во Урбаните заедници се врши еднаш во неделата. Во зависност од количината на отпадот изнесувањето на отпадот се врши со ноќна смена со дневно планирање спрема потребите.

Изнесувањето на отпадот се врши непрекинато, систематски и без застој. Повремен застој може да се појави само во случај на лоши временски услови.

Димензионирањето на работната рака е извршено врз основа на просечните норми и преку снимање на работните дневни задачи и утврдување на норми.

Нема точни или мерени количини на создаден отпад за општина Штип. Направени се пресметки за продуцираната/генерирана количина на отпад и истата е претставена во табелата подолу. Показателот за генерирање на отпад по жител во година за урбана средина е земен 288 кг/жител, просечна вредност која е измерена при анализата на отпадот по количина и состав во рамките на Проектот "Национален план за управување со отпад и физибилити студии" (DHV Prowa-SWC„ проект финансиран од ЕУ, управуван од ЕАР-2005), споредена со количините дадени во Стратегијата за управување со отпад („Службен весник на РМ" број 39/08) кои изнесуваат 285-350 кг/жител. За рурални средини овој показател е помал и изнесува околу 140 кг/жител.

Табела 3 Генериран отпад во Општина Штип

| **Година** | **2002** | **2003** | **2004** | **2005** | **2006** | **2007** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Бр. жители во урбана средина (93%) | 44517 | 44570 | 44624 | 44677 | 44731 | 44785 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Генериран отпад во урбана средина (т/год) | 12821 | 12836 | 12852 | 12867 | 12883 | 12898 |
| Број жители во рурална средина (7%) | 3279 | 3283 | 3287 | 3291 | 3295 | 3299 |
| Генериран отпад во рурална средина (т/год) | 459 | 460 | 460 | 461 | 461 | 462 |
| Вкупен број на жители | 47796 | 47853 | 47911 | 47968 | 48026 | 48083 |
| **Вкупно генерирање на отпад во Општина Штип (т/год)** | **13280** | **13296** | **13312** | **13328** | **13344** | **13360** |

Количината на отпад која што се подига, транспортира и одлага е претставена како генериран отпад во урбана средина и го опфаќа градот Штип и две населени места.

Врз основа на член 19 од Статутот на ЈКП „Исар" Штип и членот 27 и 29 од Законот за комунални дејности, управниот одбор на седницата закажана на ден 27.03.2007 ја донесе Одлуката за цената за собирање и депонирање на отпад кај правни и физички лица. Цените за собирање и депонирање на смет по категории на корисници по метар квадратен изнесуваат:

| Р. б. | Категорија на корисници | Денари |
|---|---|---|
| 1. | Домаќинства станбена површина | 1,60 |
| 2. | Домаќинства дворна површина | 0,20 |
| 3. | А) Интелектуални услужни канцеларии (адвокати, осигурителни друштва, економски бироа, нотари)<br>Б) Услужни и трговски правни субјекти (бутици, кафичи, колонијални продавници и маркети, ситни занаетчии, фризери, дискотеки | 8,00 15,00 |
| 4. | Дворни површински плацеви за складирање на градежни материјали, огрев | 0,60 |
| 5. | Текстилна и кожарска индустрија | 3,00 |
| 6. | Останати правни лица | 2,50 |
| 7. | Школи, детски градинки | 2,00 |
| 8. | Простор што го заземаат подвижни рингишпили, циркуси | 40,00 |

Депонирањето на цврстиот комуналниот отпад, што е производ на животните и работни активности на луѓето, како и од работата на индустриските капацитети е еден од посериозните проблеми во општината.

Комуналниот отпад порано се депонирал многу блиску до градот, на локалитетот Крстот до населбата Пребег, кој локациски се наоѓа над

рекреативниот центар Кежовица, односно над р. Брегалница која се употребува за наводнување. Старата депонија не ги задоволувала ниту минималните санитарни стандарди и прописи. На локацијата немало никаква инфраструктура (вода, електрична енергија) и не се употребувале средства за дезинфекција, ниту постоела јама за угинати животни и др. Отпадот се одлагал без никаков третман (само се нивелирал и затрупувал со земја и песок). Близината на депонијата до елитната станбена населба и рекреативен центар, објективно претставува сериозен проблем и потенцијален извор на заразни заболувања и епидемии. Процедните и атмосферски води сеуште ги загадуваат подземните и површински води на дел од сливното подрачје на р. Брегалница. Распаѓањето на органските материи предизвикува непријатен мирис и загадување на воздухот. Исто така, старата депонија е потенцијална опасност од пожари и експлозии и претставува висок ризик за ова подрачје. Досега неколку пати е направена штета од опожарување на околните ниви. Правецот на ветерот е таков што при палење на депонијата, целиот чад одел во правец на Градот, создавајќи сериозни проблеми. Ова место сега е веќе напуштено и не се користи за одлагање на отпад и истото е во фаза на рекултивација со препокривање со градежен материјал и земја од различни локации.

Сегашната локација, на која што сега се одложува отпадот, има добиено дозвола од Министерство за животна средина и просторно планирање за времено депонирање и истата е дефинирана и во Генералниот Урбанистички План (ГУП) на градот Штип. Истата локација е одобрена преку Одлука за определување на депонија за времено депонирање на колмуналниот цврст отпад и технолошки отпад на подрачјето на општина Штип донесена од Советот на оштината на седница одржана на 15.04.2004 година. Депонијата е позиционирана на локалитеот „Трештена Скала“, на оддалеченост од 4 км од Градот и 2 км од обиколниот пат Скопје-Струмица. За локацијата е изготвен Елаборатот за заштита на животната средина и направен увид од страна на санитарни инспектори од Министерството за здравство. Оваа локација е во употреба од 2004 година, а се планира и понатаму да се користи се до нејзино пополнување. Истата има капацитет да ја прими количината на отпад, која се создава во градот Штип и околните населени места за период од околу 20 години. До самата локација се пристига преку нов асфалтиран пат изграден за таа немена. Локацијата на депонијата е опкружена со заштитна ограда, но истата е далеку од стандардите кои треба да се применуваат за една санитарна депонија или пак депонија со запазени минимум технички критериуми.

Општината има назначено локација за депонирање на шут (Старата депонија Крстот) и има договор со приватно претпријатие за уредување на истата. Дивите депонии во Општината се расчистуваат инцидентно, преку акции спроведени од страна на Локалната самоуправа, во кои учествуваат ЈКП „Исар" и ЈП за одржување на локални патишта и улици Штип. Досега

не се спроведени активности за уредување на просторот каде што се наѓаат дивите депонии после расчисутвањето. Со урбанистичките планови кои се во тек на изработка, овие простори ќе бидат опфатени и ќе им се даде идната намена.

И покрај постоењето на официјална депонија за одлагање на комуналниот отпад, создавањето на диви депонии или нерегулирано одложување на комуналниот отпад, како и на другите места во Републиката, е редовна пракса и во општина Штип. Тие се следните места: Мирјанина црква, населба Баби, кај диспанзерот и некои слични локации.

ЈКП „Исар“, во својата организациона структура има назначено лице кое ги следи состојбите врз животнта средина, меѓу кои и управувањето со отпадот. Истото лице е во секојдневна комуникација со општината, која исто така во Секторот за комунални дејности има назначено лице за животната средина. Преку комуникацијата на двата субјекти се следи состојбата со управувањето со отпадот. Понатаму се планира да продолжи ваквата меѓусебна соработка, со понатамошно зајакнување на знаењата и изведување на предвидените цели и активности за подобрување на управувањето со отпад во општината.

### *1.1 Состојби со селектирање и рециклирање на комуналниот отпад*

Постојниот начин на собирање и третман на комуналниот цврст отпад не го опфаќа селектирањето и рециклирањето на оние фракции на комуналниот цврст отпад кои може да бидат рециклирани. Нема организирано примарно селектирање на отпадот, а на местата кадешто се подига отпадот не се поставени соодветни садови за сепарирање на отпадот, па така, како конгломерат од различни фракции, комуналниот отпад завршува на депонијата.

Структурата на отпадот, односно фракциите од кои се состои отпадот, не е анализирана од страна на ЈКП „Исар". Врз основа на претходно дефинираните количини на комунален отпад кој се создава на територијата на општината Штип на годишно ниво, како и врз основа на структурата на фракции од отпадот идентификувана со Националниот план за управување со цврст отпад-Специјална Студија за состав на отпад (Проект финансиран од ЕУ преку CARDS Програмата 2001), на годишно ниво се претпоставува дека се создаваат следниве видови и количини на фракции од отпадот:

Табела 4 Состав на отпад

| Фракција | Застапеност (%) | Вкупно (тони) |
|---|---|---|
| Органски отпад | 26.2% | 3500 |
| Дрво | 2.7% | 361 |
| Хартија и картон | 11.6% | 1550 |

| | | |
|---|---|---|
| Пластика | 9.7% | 1296 |
| Стакло | 3.5% | 468 |
| Текстил | 2.9% | 387 |
| Метали | 2.6% | 347 |
| Опасен отпад | 0.2% | 27 |
| Композити | 2.2% | 294 |
| Комплексни производи | 0.3% | 40 |
| Инертен отпад | 3.6% | 481 |
| Други категории | 3.6% | 481 |
| Ситни делови | 30.9% | 4128 |
| Вкупно | 100% | 13360 |

Во моментов во Р. Македонија постои ланец на претпријатија кои се занимаваат со собирање на видови на отпад или фракции кои може да се рециклираат. Дел од нив егзистираат и во општина Штип. Пред се тоа се однесува на собирање на металот и хартијата, додека во последните неколку години се развива и мрежа на собирачи на ПЕТ (полиетилен терафталат) амбалажата и другите видови на пластика, како и преработувачи на овој вид на отпаден материјал.

Материјалите кои може да бидат искористени или преработени, претежно се собираат од страна на неформалниот сектор и потоа се продаваат на претпријатија кои се занимаваат со откуп, продажба или процесуирање на секундарни суровини.

Претпријатијата кои се занимаваат со откуп на секундардни суровини, се главно членки на Заедницата „Македонска Суровина". На териротијата на општина Штип стопанисуваат 4 претпријатија кои се бават со собирање на секундарна суровина. Истите имаат можност привремено да го складираат сепарираниот отпад, а потоа да го препродадат на соодветни установи за справување/преработка на истиот.

### *1.2 Состојби со биоразградливиот отпад*

Праксата за собирање на биоразградливиот отпад во општината не е воспоставена, а согласно традиционалната употреба на истиот во земјоделието малку е веројатно дека и во иднина овој вид на отпад ќе биде дел од некој организиран систем за постапување. Со оглед на фактот што биоразградливиот органски отпад, како фракција во комуналниот отпад,

се сретнува со 26%, проценетите количини што се создаваат на територија на општина Штип се дадени во следната табела.

Табела 5 Генерирање на биоразградлив отпад

| Година | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен број на жители | 47796 | 47853 | 47911 | 47968 | 48026 | 48083 |
| Вкупно генерирање на отпад во општина Штип (т/год) | 13280 | 13296 | 13312 | 13328 | 13344 | 13360 |
| **Биоразградлив отпад (26% од вкупниот** | **3479** | **3484** | **3488** | **3492** | **3496** | **3500** |

Продукцијата на биоразградлив отпад, како фракција од комуналниот отпад не е особено голема и не дава индикации за изградба на локална комопстара, исклучиво за потребите на општина Штип, но никако не смее да се занемарат количините на биоразградлив отпад кои потекнуваат од земјоделието. Во следната табела е даден преглед на земјоделските површини во општина Штип:

Табела 6 Потенцијални количини на отпад од земјоделството (растителна маса)

| **Култура** | **Засеана површина (ха)** | **Органски отпад (т)** |
|---|---|---|
| Пченица | 2497 | 4994 |
| Јачмен | 2581 | 5162 |
| Рж | 30 | 60 |
| Афион | 130 | 260 |
| Фуражни култури (луцерка, граор...) | 80 | 160 |
| Пролетна пченица | 37 | 74 |
| Пролетен јачмен | 220 | 440 |
| Пченка | 268 | 2278 |
| Овес | 51 | 102 |
| Ориз | 210 | 210 |
| Сончоглед | 195 | 390 |
| Лозја | 340 | 340 |
| Тутун | 150 | 300 |
| Соја | 7 | 14 |
| Компир | 200 | 400 |
| Кромид | 300 | 600 |

| | | |
|---|---|---|
| Лук | 25 | 50 |
| Домат | 200 | 400 |
| Пиперка | 200 | 400 |
| Бостан | 210 | 210 |
| Грав | 50 | 100 |
| Грашок | 30 | 60 |
| Леќа | 5 | 10 |
| Зелка и кељ | 28 | / |
| Луцерка (пролетна сеидба) | 183 | / |
| Детелина | 20 | / |
| Фуражна пченка | 2 | / |
| Цреши | 39 | / |
| Вишни | 149 | / |
| Кајсии | 4 | / |
| Дуњи | 5 | / |
| Јаболки | **5** | / |
| Круши | **7** | / |
| Сливи | **6** | / |
| Праски | **1** | / |
| Ореви | **5** | / |
| Бадеми | **2** | / |
| **Вкупно** | | **16674** |

Улогата на сточарството во генерирањето на биоразградлив отпад, исто така е потенцијал кој не треба да биде занемарен. Податоците за состојбата со бројноста на добиток и живина, која што се одгледува во општина Штип, потекнува од "Пописот на земјоделство, 2007" (Државниот завод за статистика) и се однесуваат на соодветниот коефициент на генерирање на отпад, определување на количината на создаден биоразградлив отпад. Подолу, во табела, дадени се бројот на добиток и живина и генерирање на отпад од нивното одгледување. **Досега нема соодветно управување со ваквиот вид на отпад на територија на Општината, иако истиот може да претставува добар економски потенцијал**.

Табела 7 Генерирање на отпад од < сточарството на годишно ниво (естимаи ии)

| Вид | Број | Потенцијален отпад | Отпад по грло (просечно) | Угинати жиеотни од живата маса годишно | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Коњи (просечно животно од 300 кг) | 124 | Фецес, екскрет, простирка, угинати животни | 10 кг на ден | 2 % угинати животни | 1240тони фецес и простирка |
| Говеда (просечно животно од 500 кг) | 2438 | Фецес, екскрет, простирка, угинати животни | 40 кг на ден | 1% угинати животни | 97520тони фецес и простирка |
| Овци (просечно животно од 50 кг) | 31283 | Фецес, екскрет, простирка, угинати животни | 3 кг на ден | 2% угинати животни | 93849тони фецес и простирка |
| Кози (проечно животно од 50 кг | 2441 | Фецес, екскрет, простирка, угинати животни | 3 кг на ден | 2% угинати животни | 7323тони фецес и простирка |
| Свињи (проечно животно од 80 кг) | 3886 | Фецес, екскрет, простирка, угинати животни | 4 кг на ден | 12% угинати животни | 15544тони отпад (течно и цврсто) изѓубрување |
| Живина (просечно животно од 2кг) | 137601 | Фецес, екскрет, Простирка (ус-ловно), угинати животни, лушпи од јајца | 0,120-0,150 кг на ден | 5-15% (зависно од категоријата на живината) угинати птици | 2640тони фецес и простирка |

### *1.3 Состојби со индустрискиот отпад*

Отпадот кој доаѓа од индустриите, како и останатиот комунален отпад, се собира и се депонира на градската депонија „Трештена скала" лоцирана во близина на градот Штип. Јавното комунално претпријатие има склучено договор со индустриските капацитети за подигање на отпадот и истиот редовно се подига во согласност со динамиката на подигање, транспортирање и одложување на отпадот воспоставена од ЈКП „Исар“.

Индустриските капацитети, кои работат на територија на општина Штип, воглавно се поврзани со производство на текстил. Многу мал дел отпаѓа на другите видови на индустрија. Кај инсталациите нема развиен систем на сепарирање на отпадот. Истиот најчесто се собира во контејнери од кои редовно се отстранува генерираниот отпад.

На следната слика претставена е процентуалната застапеност на различните индустрии во Општината. Количината на отпад што се генерира од

индустриските капацитети е околу 535 т/годишно индустриски отпад, или 4% од целокупниот генериран отпад кој се создава во општина Штип, а завршува на градската депонија.

**Слика 3** Преглед на застапени индустрии



### *1.4 Состојби со опасниот отпад*

Опасниот отпад, како што е дефинирано во член 6 од Законот за отпад („Службен весник на РМ“ број 68/2004, 71/2004, 107/2007, 102/2008 и 143/2008), не смее да завршува на ниту едно нерегулирано место и не смее да се одложи на депонија за комунален неопасен отпад. На територијата на целата Република, сеуште нема регулиран пристап кон управување со опасниот отпад, ниту посочена депонија на која истиот би се одлагал. Истото е случај и со општина Штип, каде не се води сметка за сепарирање на опасниот отпад од домаќинствата (батерии, масла, масти, акумулатори и друго), соодветно собирање и третман. Резултат на тоа е негово одложување на градската депонија.

Многу различни видови на опасен отпад, кои можат да се идентификуваат според Листата на отпади (Сл.весник на РМ бр. 100/05), се депонира на депонијата за комунален отпад „Трештена скала". Околу 0,2 % од целокупниот отпад може да се класифицира како опасен отпад. Овде не е вклучен опасниот отпад кој доаѓа медицинскките установи, назначен како медицинки отпад, како посебна фракција, која претставува сериозен проблем и закана за квалитетот на животната средина.

### *1.5 Состојби со финансиската ситуација при управување со отпад во Општината*

Управувањето со комуналниот отпад во општината му е доделено на ЈКП „Исар“. Комуналното претпријатие освен со подигање, транспортирање и депонирање, се бави и со дополнителни комунални дејности кои ги извршува согласно донесенета одлука за негово формирање. Другите комунални дејности не се предмет на Планот за управување со отпад, но сепак во финансиските импликации на препријатието се земени во целост.

Во прилог е даден Прегледот на приходи и расходи на ЈКП „Исар" (Извор: Програма за изнесување, транспортирање и депонирање на комуналниот цврст и технолошки отпад) за 2008 година, од страна на ЈКП „Исар“, кадешто е вклучена и Програма на ЈКП за одржување на јавната чистота на подрачјето на град Штип.

**Табела 8** Преглед на приходи и расходи

| **Приходи** | |
|---|---|
| Прих.од вода претп. | 7.188.731,00 |
| Прих.од смет дома | 11.415.458,00 |
| Прих.од ЈПП. | 5.156.969,00 |
| Прих.од ЈПП дом. | 5.108.340,00 |

| **Расходи** | |
|---|---|
| Потр.матер.и суров. | 1.000.000,00 |
| Пот.елект.енерг. | 160.000,00 |
| Потр. горива.и мази. | 4.000.000,00 |
| Потр.рез.делови | 1.541.000,00 |

| | |
|---|---|
| Приходи од буџет | 1.502.954,00 |
| Други приходи | 800.000,00 |
| **Вкупно:** | **31.172.452,00** |

| | |
|---|---|
| Трош. за услуги | 1.700.000,00 |
| Бруто плата | 16.570.000,00 |
| Хранарина и | 3.500.000,00 |
| останати трошоци | 2.000.000,00 |
| Амортизација | 700.000,00 |
| **Вкупно:** | **31.171.000,00** |

## ***Финансиска анализа на општината Штип и ЈКП ИСАР***

**Кај Општина Штип** се анализираа планираните и реализираните трошоци и приходи за изминатите три години според определни категории, со пресметка на одредени проценти за реализација и/или учество.

1. Анализа на приходите

Првиот показател е соодносот меѓу планираните и реализираните приходи. Показателот е пресметан за секоја категорија на приходите.

Резултатите покажуваат дека во 2005 година реализираните приходи се околу 90% од планираните. Показателот се намалува од година во година и во последната анализирана година, 2007, достигнува само 63% на реализирани приходи од планираните. Од ова произлегува заклучокот дека показателот не е задоволителен параметар за прибирање на планираните приходи во општинската каса. Затоа, ова треба да биде предмет на понатамошни анализи на раководството, со цел да се надминат причините за ваквите појави.

Позитивни резултати од анализата се добија со констатацијата дека Општината прикажува приходи од самофинансирачки активности во износ дури до 70% од вкупните приходи во 2007. Овој показател за учеството на самофинансирачките активности во вкупните приходи покажува финансиска самостојност на Општината.

Показателот за структурата на приходите покажува дека структурата на приходите во основа се состои од даночни извори. Тие се дел од вкупните приходи со околу 30% до 40%. Исто така анализата покажува дека во вкупните приходи на Општината во 2006 и 2007 година големо учество имаат трансферите и донациите, кои го преземаат приматот на основни извори на приходи во 2008 година со над 90%. Ова покажува дека Општината нема да има потенцијални можности да се финансира од сопствени сретства во 2008. Затоа потребно е да се направат напори да се поврати структурата со доминантни приходи од самофинансирачки активности во износ дури до 70% од вкупните приходи, постигнати во 2007 и да се откријат причините за една ваква осцилација во структурата на приходите.

Врз основа на направената анализа се покажува дека Општината не ги реализира во целост планираните приходи. Најголемо отстапување се забележува кај даночните приходи. *Ова укажува на фактот дека е потребна подобра организација на администрацијата со цел предвидените приходи да се остварат и така да се обезбедат повеќе сретства во општинската каса во согласност со планираните преку општинскиот буџет, а кои пак ќе придонесат за реализација на вакви проекти.*

2. Анализа на трошоците

Првиот показател кој е пресметан го покажува соодносот меѓу планираните и реализираните трошоци. Показателот е пресметан за секоја категорија на трошоците. Реализираните трошоци се многу поблиску до планираните, споредбено со приходите. Сепак, вкупните трошоци за сите три години покажуваат дека реализираното е најмногу 70% од планираното. Многу се високи показателите кај категориите за плати, трансфери и донации и добра и услуги. Ова покажува дека кога Општината ги планира трошоците се фокусира во главно да ги покрие основните расходи за нејзино функционирање.

Показателот за структурата на трошоците покажува во основа подеднаква распределба на категориите трошоци низ годините. Доминираат трошоците за добра и услуги и за трансфери и донации со повеќе од 30%. Високо учество имаат и платите и добрата и услугите. Заемите не се присутни воопшто во сите три години што се смета за позитивен показател.

Анализата покажува дека Општината не ги реализира во целост и трошоците. Ова укажува на фактот дека Општината планира трошоци, кои не е во можност да ги реализира или едноставно не се изводливи, што значи има недостаток во процесот на планирање на трошоците. Значи во иднина треба да се работи на подобрување на ситуацијата, односно службите кои планираат трошоци повнимателно да се задржат на ова прашање со цел да се приоритизираат трошоците и во планот за реализација да се влучуваат најважните трошоци за Општината, секако водејќи особено сметка за тоа тие да бидат и реално изводливи. Така, доброто планирање на трошоците води од една страна кон подобрување на овој процент за успешност во реализацијата на трошоците, а од друга страна, што е многу позначајно, доведува до тоа да се реализираат трошоци кои се од исклучителна важност за Општината, како на пример имплементацијата на овој проект за планирање и управување со отпадот.

*Општа констатација за структурата на трошоците е дека недостасуваат финансирања на проектни задачи од страна на Општината со кои може да се реализираат сите планирани трошоци место тие да се прелеваат како резерви од една во друга година.*

Кај ЈКП „Исар“ финансиската анализа се направи со пресметка на показателите за ликвидност и солвентност за последните три години на основа на завршните пресметки.

Од показателите за ликвидноста се пресметаа коефициент на општа ликвидност и показателот за работен капитал.

Од показателите за солвентноста се пресметаа: коефициент на финансиска стабилност, коефициент за степен на самофинансирање и коефициент за солвентност.

**Табела 9** Показатели на ликвидност и солветност

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Показатели за ликвидноста** | | | |
| 1<br>2 | Коефициент на општа ликвидност<br>Работен капитал | **0.70 -**<br>**82,620,074.00** | **0.53 -**<br>**124,939,626.00** | **0.52 -**<br>**122,193,806.00** |
| **II.** | **Показатели за солвентноста** | | | |
| 1 | Коефициент на финансиска стабилнос | **0.65** | **0.47** | **0.48** |
| 2 | Степен на самофинансирање | **37.33** | **30.77** | **32.01** |
| 3 | Коефициент за солвентност | - **5.42** | **168.59** | **285.88** |

Врз основа на анализата на овие показатели за сите три години се извлекоа заклучоци за нивното движење и тековната финансиска состојба на ЈКП „Исар".

ЈКП „Исар" има генерално задоволителна ликвидност. Тековните обртни сретства ги покриваат само тековните обврски. Доколку ликвидноста се анализира вклучувајќи ги и долгорочните обврски на ЈКП „Исар", показателот се влошува затоа што се идентификувани скоро 50% долгорочни од вкупни обврски во 2007 година.

Во однос на финансиската стабилност, ЈКП „Исар" покажува просечна финансиска стабилност со просечна изложеност на фиксни сретства, што ја потврдува констатацијата од анализата на генерално задоволителна ликвидност. Претпријатието има можност за самофинансирање единствено со впаричување на фиксните сретства. Коефициентот на солвентност е со позитивен предзнак што укажува на позитивна солвентност, односно постои добивка со која би се покриле обврските со кои се завршуваат годините. И овој показател укажува на генерално добра финансиска состојба во која се наоѓа претпријатието. Општата констатација е дека во ЈКП „Исар" е потребно подобро управување со ликвидноста.

Претпријатието има минимални потенцијали за финансирање на некои од активностите, идентификувани во Планот и Програмата, но тоа е со ограничени можности.

Структурата на приходите и расходите може да варира од година во година. Сепак најбитните активности за непречено работење на претпријатието се покриени, што може да се види од прикажаните приходи и расходи.

*За подобра работа на претпријатието, а со тоа и подобрување на работата со управување со комуналниот отпад, општината треба да*

*изнајде механизам за дополнително финансирање на комуналното претрпијатие.* Општината можеби нема потенцијални можности за финансирање од сопствени сретства, но преку соработка со различни инвеститори може да придонесе кон подобрувањето на состојбата со управување со комуналниот отпад.

## 2. Предвидувања на идните состојби во врска со управувањето со отпад

### 2.1 Генерирање на отпад

Врз основа на фактот што бројот на населението во последните пописи спроведени на територија на Р. Македонија не покажува голем раст, (некаде околу 0,12% пораст на население на годишно ниво), вклучувајќи ги индикаторите за наталитет, морталитет и природен прираст на населението, се претпоставува дека ваквиот тренд ќе остане и за наредните 6 години.

Ако се претпостави исто така, дека создавањето на отпад по жител на годишно ниво нема да надмине 300 кг, заради спориот раст на економијата и стандардот на жителите на Општината, тогаш трендот на продукцијата на отпад за следните 6 години би бил следниот:

**Табела 10** Генерирање на отпад 2008-2014

| **Година** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Бр. жители во урбана средина (93%) | 44838 | 44892 | 44946 | 45000 | 45054 | 45108 | 45162 |
| Генериран отпад во урбана средина (т/год) | 12913 | 12929 | 12944 | 12960 | 12976 | 12991 | 13007 |
| Бр. жители во рурална средина (7%) | 3303 | 3307 | 3311 | 3315 | 3319 | 3323 | 3327 |
| Генериран отпад во рурална средина (т/год) | 462 | 463 | 463 | 464 | 465 | 465 | 466 |
| Вкупен број на жители | 48141 | 48199 | 48257 | 48315 | 48373 | 48431 | 48489 |
| **Вкупно генерирање на отпад во Штип (т/год)** | **13376** | **13392** | **13408** | **13424** | **13440** | **13456** | **13472** |

0.288 т/жител/година 0.79 кг/жител/ден

Во однос на воведување на систем за сепарирање и преработка на корисните фракции од отпадот предвидено е следното сценарио:

За периодот од 2009-2014 година, врз основа на проценетите количини, вкупниот отпад кој ќе се генерира изнесува 93 968 тони. Количнините на фракциите кои можат да се рециклираат, согласно составот на комуналниот отпад (презентиран во Табела 4), дадени се во следната табела:

**Табела 11** Состав на отпад 2009-2014

| Фракција | Застапеност (%) | Вкупно (тони) |
|---|---|---|
| Органски отпад | 26.2% | 24 620 |
| Дрво | 2.7% | 2 537 |
| Хартија и картон | 11.6% | 10 900 |
| Пластика | 9.7% | 9115 |
| Стакло | 3.5% | 3 289 |
| Текстил | 2.9% | 2 725 |
| Метали | 2.6% | 2 443 |
| Опасен отпад | 0.2% | 188 |
| Композити | 2.2% | 2 067 |
| Комплексни производи | 0.3% | 282 |
| Инертен отпад | 3.6% | 3 383 |
| Други категории | 3.6% | 3 383 |
| Ситни делови | 30.9% | 29 036 |
| Вкупно | 100% | 93 968 |

Органскиот отпад, како фракција, се издвојува со најголеми количини. Истиот варира од место до место и во најголема мерка зависат од прехрамбените навики на населението, како и од видот на стопанските активности. Дополнително, врз количината на отпадот во голема мерка влијае и сезоната. Сезонскиот карактер особено се манифестира во текот на пролетта и есента, кога се генерираат најголемите количини на биоразградлив отпад од домаќинствата.

Посебен аспект претставува органскиот отпад, кој се продуцира во земјоделството и во индустријата за производство на прехранбени производи. Во отсуство на организиран систем на селектирање на отпад, проценките за количините на биораградлив отпад од домаќинствата и земјоделието се базираат на калкулативни методи, базирани врз статистички податоци и имаат апроксимативен карактер.

## 2.2 Собирање, транспорт и одложување на отпадот

Системот за собирање, транспорт и одложување на отпадот досега го вршеше ЈКП „Исар". Истото е предвидено да стопанисува на територија на општина Штип се до моментот додека не се воведе регионално управување со отпадот, кое како насока е дадено во Стратегијата за управавување на отпад во Р.М. Местото каде што ќе се одложува отпадот е депонијата „Трештена скала", којашто и досега се користеше за одложување на комуналниот отпад. Доколку во периодот за којшто е изготвен овој План за управување на отпад не се воведе регионално управување со отпад, општината заедно со комуналното претпријатие ќе се обиде да го подобри управувањето со отпадот, преку исполнување на активностите предложени во Планот.

## 3. Насоки и цели во врска со управувањето со отпад

Општина Штип има за цел да го усогласи управувањето со отпадот, дадено во соодветните законски рамки и правни документи.

Законот за управување со отпадот е граден врз основа на фундаменталниот концепт или хиерархија за управување со отпадот, кој различните опции за справување со отпадот ги категоризира од најдобра до најлоша, согласно следниот редослед:

1. Превенција: (редукција / минимизација на создавање на отпад)
2. Повторна употреба
3. Рециклирање / компостирање
4. Искористување на енергијата содржана во отпадот по пат на согорување
5. Отстранување (на депонија)

Хиерархија за управување со отпад /
Приоритет при управување со отпад




**Слика 4** Хиерархија на управување со отпад

Општината, заедно со Комуналното претпријатие, ќе ги почитува насоките дадени во пропишаната легислатива, и преку исполнување на активностите дадени во Планот и Програмата за управување со отпад, ќе ја подобри сосојбата со управувањето на отпад во општината.

**4. Стимулативни мерки за реализација на активностите за избегнување и намалување на количеството на создадениот отпад, како и повторно користење, рециклирање и користење на отпад како извор на енергија**

Основната цел при секое управување со отпад е да се минимизираат количините на отпад, кои ќе се депонираат и да се искористи секоја фракција од отпадот којашто има соодветна употребна вредност.

Многу од мерките кои можат да се применат со цел да се намали количината на создавање на отпад, како и негово повторно користење, рециклирање и користење на отпадот како извор на енергија, се спроведуваат или треба да бидат спроведени на државно ниво.

Доколку постојат соодветни пунктови, места за собирање на отпад кој може да се рециклира (хартија, пластика, метал, органски отпад исл.), што би се поставиле од приватниот сектор или пак преку програми на ЈКП „Исар" за воведување на селективно собирање на комуналниот отпад (доколку се изнајдат финансиски сретства за нив), количината на депонираниот отпад значајно ќе се намали.

Во однос на јакнење на свесноста и мотивираноста на населението за потребата од намалување и селектирање на отпадот, се препорачува да се вободат стимулативни мерки, изразени низ:

- **намалување на цената на собирање на отпад,** за оние лица кои ќе вршат селекција на отпадот. Вредностите, т.е. количините кои би завршувале на градската депонија значително ќе се намалат, а со тоа ќе се подобри квалитетот на животната средина. Изводливоста на овој критериум може да се процени врз основа на анализа на трошоци за транспорт на отпад без претходно спроведена селекција и со применет систем на селекција на отпадот.
- **издавање на дозволи за интегрирано спречување и контрола на загадувањето.** Инсталациите, како мерка за намалување и избегнување на создавањето на отпадот од индустриските капацитети, треба да ги применуваат препораките од најдобрите достапни технологии, што е основа за издавање на интегрирани еколошки дозволи за кои што е надлежна Општината. Во најдобар случај пазарните услови треба да влијаат стимулативно врз бизнис секторот од оваа област.

**5. Начини за отстранување на отпадот што не може да се избегне и да се преработи**

При соодветно управување, т.е. започнување со системот на сепарирање на отпад, ќе се придонесе кон намалување на количините на депониран отпад на општинската/градска депонија.

Освен фракциите кои што имаат економска вредност и можат на различен начин да се искористат, другиот отпад мора да биде одложен на депонија.

Земајќи ја предвид сегашната состојба со управување на отпадот, во отсуство на сепарирање на истиот, како и минорни случаи на реупотреба и рециклирање, на тоа додавајќи ја сегашната состојба со депонијата „Трештена скала", која што не ги испонува ниту минимум техничките критериуми, треба да се стави посебен акцент при одложувањето на отпадот.

Ова општината ќе го реализира преку издавање на дозвола за усогласување со оперативен план на ЈП „Исар", каде ќе му бидат дадени соодветни услови за правилно управување со истата.

Веќе е отпочната идеата на регионално управување со отпад, каде што Општина Штип, заедно со соседните Општини, влегува во регионот на Источна Македонија, каде се формира заедничко тело на управување. Оваа препорака е една од мерките дадени во Стратегијата за управување со отпад.

Доколку се изгради соодветна регионална санитарна депонија тогаш отпадот кој што не може да се преработи, сепарира, реупотреби или рециклира, соодветно ќе се одложи на санитарна депонија и нема да претставува закана за животната средина.

Доколку се реализира концептот за регионално управување со отпадот, тогаш потребно е оваа опција детално да се изработи, преку изготвување на Студија за управување со отпадот на регионално ниво.

Ваквиот начин на управување со отпад не само што ќе го реши проблемот на прекумерно создавање на отпадот, туку ќе придонесе кон правилно одложување на истиот, со што ќе се намали притисокот врз животната средина. Се до моментот на регионално управување со отпадот, целокупниот отпад кој се собира од страна на ЈКП „Исар" ќе биде депониран на градската депонија.

Согласно пропишаната регулатива за формирање и одржување на депонии, треба да се внимава за состојбата за животната средина, особено на квалитетот на подземните води. ЈКП „Исар" е во процес на добивање на Б дозвола за усогласување со оперативен план, каде е опишано и влијанието на исцедокот од депонијата врз квалитетот на животната средина. Досега не се внимавало за правилно управување со депонијата и истата е без соодветна заштита, што може да резултира со загадување на подземните води.

Една од мерките за намалување на влијанието врз животната средина од постојната депонија за отпад во општина Штип, е Б-дозволата за интегрирано спречување и контрола на загадувањето, односно Б-дозволата за усогласување со оперативен план за Депонијата, во која децидно треба да бидат наведени мерките за намалување на загадувањата, поткрепени со

временска и финансиска рамка. Овие мерки мора да се испочитуваат доколку ЈКП сака да добие дозвола за управување со оваа депонија.

Делумно како фракција во комуналниот отпад се сретнува и опасниот отпад. Општината треба да се погрижи овој отпад да се сепарира од комуналниот, додека пак Државата, односно надлежниот орган за работите поврзани со животната средина, треба да се погрижи за финалното згрижување на опасниот отпад.

## 6. Определување на видот и на количеството отпад, според кои се определува обврската за правните и физичките лица да изработуваат програми за управување со отпад

Заради воведување на систем за управување со отпадот на ниво на Општина, треба да бидат вклучени сите создавачи на отпад (индивидуални, физички и правни лица) и да се воспостави соодветна база на податоци за сите правни и физички лица кои стопанисуваат во општина Штип. По идентификувањето, треба да се разгледаат оние индустриски капацитети кои според Законот за животна средина („Службен весник на РМ“ број 53/05, 81/05, 24/07) и Законот за отпад („Службен весник на РМ“ број 68/2004, 71/2004, 107/2007, 102/2008 и 143/2008) се обврзани да изготвуваат програма за животна средина, т.е. инсталации кои припаѓаат под ИСКЗ (Интегрирано Спречување и Контрола на Загадување) режимот и член 21 од Законот за отпад, кој вели дека сите создавачи на отпад со годишни количини поголеми од 150 т неопасен отпад или 200 кг опасен отпад, се должни да изготват плански документи за управување со отпад. Ваквите субјекти потребно е планските документи за неопасен отпад да ги достават до Општината за нивно разгледување и одобрување, додека пак планските документи за опасен отпад треба да се достават до надлежниот орган поврзан со работите околу животната средина (Министерство за животна средина и просторно планирање) на разгледување и одобрување. Општина Штип веќе има изготвено листа/база на инсталации, кои фигурираат на нејзината територија. За истите треба да се провери дали подлежат на ИСКЗ режимот. Информациите кои ќе се добијат од пополнетите барања за интегрирана еколошка дозвола или пак дозвола за усогласување со оперативен план треба да влезат во соодветната база на податоци за управување со отпад од индустриските капацитети, а со тоа ќе се придонесе до соодветно следење на количините на отпад, создадени од правните и физичките лица. Оние инсталации кои не припаѓаат кон ИСКЗ режимот, согласно член 24 од законот за животна средина, треба да изготват Елаборат за заштита на животната средина и истиот да го достават до МЖСПП за одобрување. Во него јасно треба да бидат нагласени сите видови на отпад кои се генерираат од таа инсталација. Ваквите информации Општината треба да ги бара и да ги систематизира во соодветна база за следење на создавањето, постапувањето со отпадот, неговиот транспорт и одлагањето.

## 7. Реализација на системот за мониторинг при управувањето со отпад

Согласно Законот за отпад и Поглавје X, Мониторинг, Општината треба да врши мониторинг на управувањето со отпад, преку реализација на активностите дефинирани во планот за управување со отпад на Општина Штип.

Мониторингот на управувањето со отпадот се состои од:

1) следење на состојбата со управувањето со отпадот;
2) собирање и доставување податоци за видот; количеството и за потеклото на создадениот, преработениот и отстранетиот отпад;
3) земање и испитување на мостри;
4) податоци за увозот, извозот и транзитот на отпадот;
5) контрола, обработка и анализа на податоците;
6) известување и предупредување на надлежните органи за можна опасност;
7) обезбедување информации за влијанието на создадениот отпад врз животната средина и
8) соработка и размена на податоци и информации со меѓународните информациони мрежи.

Добивањето на податоци за следење на реализацијата на планот и програмата воглавно треба да бидат обезбедени со пополнување на формуларите за идентификација и транспорт на отпад како и со пополнување на годишните извештаи за управување со отпад. Сите овие документи се дел од подзаконскиот акт: "Правилник за формата и содржината на дневникот за евиденција за постапување со отпад, формата и содржината на формуларите за транспорт и идентификација на отпадот и формата и содржината на обрасците за годишните извештаи за постапување со отпад" (Сл. весник бр. 7/2006) и претставуваат обврска за претпријатијата кои управуваат со отпад, како и за општинските власти.

Локалната администрација преку овие инструменти во секој момент може да има преглед за состојбите во областа на управувањето со отпад. Се разбира, пракса сеуште не постои, но во иднина ќе се воведе системот за следење на состојбите со оптад во општината.

Градоначалникот е должен да доставува годишен, консолидиран, извештај за состојбите во управувањето со неопасниот отпад во општина Штип до надлежното Министерство, најкасно до месец март за претходната година.

## 8. Конкретни мерки и активности за намалување на биоразградливите состојки во отпад наменет за отстранување и временскиот распоред и обемот на нивното реализирање

Сите активности, кои водат кон намалување на биоразградливите состојки од отпадот кој се носи на општинската депонија, се содржани во

предвиденото воведување на селекција на биоразградливиот отпад и неговото компостирање. Со оглед на фактот што во општина Штип количината на создаден биоразградлив отпад од домаќинствата не надминува 3500 т/годишно, доколку не се воведе регионално управување со оптадот, се препорачува да се премине кон привремено решавање на проблемот со сепарирање на отпадот и изградба на компостара која би опфатила неколку Општини кои се во близина на општина Штип. Во текстот што следува дадено е образложение за потребата од воведувањето на компостирањето во општина Штип.

## 8.1 Основа за воведување на компостирањето на биоразградливиот отпад

Европската директива за депонирање упатува на потребата земјите да ги намалат количините на депониран органски отпад. Затоа органскиот отпад во иднина ќе треба да биде пренасочен и третиран надвор од депониите.

Најефективната технологија за ова е компостирањето.

Доколку за отпадот се размислува на економски и одржлив начин, можно е дел од органската фракција на комуналниот цврст отпад да се искористи и да се произведе висококвалитетен подобрувач (бонификатор) на почва, компост, со споредлива или малку повисока цена од онаа за депонирање, а пониска од онаа за согорување, што би била втора опција за пренасочување на органскиот отпад надвор од депониите. Значи, произведениот компост ќе има индиректни ефекти врз количините и квалитетот на земјоделското производство, заради зголемување на квалитетот на почвата. При проценка на придобивките од компостирањето треба да се земат предвид и економските ефекти од намалување на депонискиот простор и продолжување на векот на траење на депонијата. За споредба, во Европа цената на депонирање е од 70-100 €/т, а за согорување повеќе од 120 €/т. Цената на произведен компост изнесува од 21-26 €/т, за годишен капацитет од 10.000 т.

Овие процеси треба да се изведувани под услови прифатливи за животната средина. Во Општините со голем број на земјоделски производители, како што е општина Штип, третманот на биоразградливиот отпад (од домакинствата, земјоделието и комерцијалниот-од пазарите) со компостирање, може да се гледа како повеќе исплатлив од депонирањето и согорувањето. Иако со сегашната пракса сеуште депонирањето е поефтино од компостирањето, со воведувањето на регионалните депонии трошоците за депониран тон ќе бидат многу повисоки од сегашните.

Придобивките од овој начин на третирање на отпадот не се само финансиски. Најголемата придобивка, како што напоменавме, е заштедата на простор за депонирање, но и намалувањето на транспортните трошоци од домовите до депонијата. Финансиската вредност на квалитетниот

компост не е голема, но неговата вредност при апликацијата на земјоделските површини е од огромна важност за подобрување на бонитетот на почвите и може да се пресмета и преку цената на добиениот производ (цената на производот и неговата конкурентност на пазарот).

Опциите за компостирање во општина Штип се ограничени заради лимитираните количини на органска фракција во комуналниот отпад што упатува на опциите од индивидуално компостирање или регионално здружување на повеке Општини со сличен квалитет на отпадот и изградба (или надоградба на постоечката-компостара Зрновци) централна компостара која би овозможила рентабилно компоститрање, со ниски цени на третманот и висок квалитет на компостот.

Но доколку ги калкулираме и количините на отпад од земјоделството и фармерските активности, во Општината во голема мерка се зголемува економската исплатливост за изградба на општинска компостара. Дополнителен проблем кој би требало да се реши, доколку се прифати компостирањето како концепт за намалување и адекватно искористување на отпадот, е организираниот систем за сепарирање и транспорт.

Сепак за реализација на оваа идеја е неопходно организирање на систем на управување со отпад, кој ќе овозможи соодветно селектирање и третман на материите кои може да се рециклираат (меѓу кои и биоразградливиот отпад), на финасиски одржлив начин.

Значи, како почетна активност во процесот на компостирање би била воведување на систем за селектирање на органската фракција и воведување на финансиски олеснувања за оние кои би го правеле тоа индивидуално во своите домаќинства или стопанства, а следна фаза би била здружување на повеке Општини и изградба (или надоградба на постоечката) централна компостара на регионално ниво.

## 8.2 Типови на органски отпад за компостирање

Производството на квалитетен компост бара одделно собирање на органски отпад. Пред да биде поставен системот за сепарирање и компостирање на органски отпад, потребно е да се воспостави и одржливо да се финансира добро организиран целокупен општ систем за собирање и управување со отпад.

Како значителен извор на биоразградлив отпад се и земјоделието и сточарството, кои не можат да се занемарат, со оглед на бројот на руралните неселени места во Општината и присуството на фармерско производство.

## 8.3 Препораки за активности, кои треба да се преземат од страна на општината Штип за управување со биоразградлив отпад

Изводливоста на воведувањето на одвоено собирање на органската фракција на комунален цврст отпад и на земјоделскиот растителен и животински отпад и производство на компост би се потврдила низ:

- Подготовка и реализација на пилот проект при што органскиот отпад од зелените пазари како и другите типови на "чист" органски отпад, кој е одделно создаден, може да се користи за производство на компост. Тоа може да се направи во посточките капацитети во регионот.
- Стимулирање на индивидуални иницијативи за одвоено собирање и компостирање на органскиот отпад на локално ниво, преку ослободување од дел од надоместокот за собирање на отпадот.
- Контрола на квалитетот на компостот со цел да се определи неговата употребна вредност.
- Подготовка и имплементација на информативна кампања насочена кон производителите на отпад и компост.
- Подготовка на програма за развој на пазарот. Програмата треба да ги вклучи сите носители (локалните власти, потенцијалните компостери и целокупниот сектор за управување со отпад).

Програмата треба да го промовира производство на компост и да ја дефинира инфраструктура за компостирање. • Трансфер на знаења и добри пракси, прво на општинско ниво, а потоа пошироко, на регионално ниво, со можност за окрупнување на активностите, со што би станале поефикасни и економски поисплатливи.

Компостот произведен од мешан комунален отпад не може да биде безбедно употребен во земјоделието. Во основа тој единствено може да биде употребен како покривачки материјал на депонии или во високо загадени рударски области за некои општи активности за ремедијација. Затоа мешаното компостирање може да биде прифатено само ако произведениот компост замени некој поскап материјал.

Сепак, земајки го во предвид руралниот карактер на Општина Штип, не би требало да се исклучи нејзиниот потенцијал за продукција на високо квалитетен компост, произведен само од растителните отпадоци кои потекнуваат од земјоделието.

## 8.4 Препорачана технологија за компостирање

За Општина Штип препорачливо е да одбере технологија на домашно компостирање или т.н. аериран куп за компостирање со ниски трошоци.

Инсталациите треба да бидат дизајнирани за работа на отворено со покриви или алтернативи за полупокриени површини. Се очекува дека со ваква поставеност ќе биде постигната најоптималната комбинација со ниски трошоци и контрола на процесот. Ова бара локација која нема да

биде близу до урбана средина или друга рурална средина наменета за живеење, односно надвор од населено место и може да се комбинира со депонија, за да се избегнат проблемите кои ќе се појават како резултат на испуштање на непријатен мирис.

Како што е претходно кажано, како опција треба да се разгеда и можното искористување на постоечките капацитети за компостирање на регионално ниво. Ова сепак треба да е предмет на една сеопфатна и детална студија, која би ја утврдила потребата и финансиската изводливост на компостирањето на биоразградливиот отпад во Општина Штип.

На следната табела се дадени инвестиции и трошоци за управување со централна постројка за третман на органскиот отпад, како една од опциите за компостирање:

**Табела 12** Трошоци за централна компостара

| Капацитет | Инвестиции | Цена на работењето |
|---|---|---|
| **10.000 тони/годишно** | € 750.000 - 1.000.000 | €21 -26/тон |
| **3.500 тони/годишно** | € 500.000 -650.000 | € 33 - 43 / тон |

Мора да се напомене дека овие бројки имаат апроксимативен карактер и не се резултат на детални анализи за изводливоста на компостирањето во Општина Штип.

Воведувањето на домашно-индивидуално компостирање би значело вложување од околу 3000-6000 денари/година по семејство. Меѓутоа, придобивката би била голема во поглед на намалувањето на количините отпад кои одат на депонија и подобрувањето на почвата.

## 9. Утврдување на потребите на Општината за изградба на објекти и инсталации за преработка на отпад

### 9.1 Генерални правци за идниот плански период во однос на управувањето со отпад

Дефинирањето на најсоодветниот начин на управување со отпадот за општина Штип, пред се треба да зависи од реалните можности за имплементација на вака поставената задача. Се смета дека по сите основи (институционални, организациски, финансиски, технички како и човечки ресурси), општината Штип има многу ограничени можности. Во таква ситуација, барањата на ЕУ Директивите и на Законот за отпад заедно со Стратегијата за управување со отпад, треба да се преточат во концепт кој барем минимално ќе ги задоволува овие критериуми и ќе покаже дека општина Штип во рамките на своите реални можности ќе даде свој придонес во приближувањето кон националните стандарди и оние на ЕУ

во делот на управување со отпадот и ќе го подигне степенот на заштита на животната средина од негативните влијанија на отпадот. Генерално, концептот на планскиот период треба да биде насочен во два правци:

1. Воспоставување на нов систем на управување со отпад, преку т.н. регионален пристап;
2. Воведување на систем за примарна селекција на отпад.

Директивите на ЕУ, кои се преточени во националното законодавство, се водич за воспоставување на најсоодветен начин на управување со отпад. Во нив се бара целокупното управување со отпад да биде безбедно за здравјето на човекот и за животната средина. Врз основа на погоре спомнатите генерални правци за достигнување на минимално ниво на усогласеност со овие директиви потребно е да се спроведат следните активности во период од шест години:

- постепено воведување на нова пракса за депонирање на отпадот на постојната општинска депонија;
- калкулирање на сите трошоци создадени при управувањето со отпад при формирањето на цената на услугата;
- регионално решавање на системот за управување со отпад;
- подигнување на степенот на наплата од домаќинствата, индустријата и институциите;
- постепено воведување на селекција на комуналниот отпад на местото на создавање (домаќинства, индустрија и институции);
- спроведување на јавни кампањи за потребата и придобивките од селектирање на отпад и компостирање.

## 9.2 Основа за воведување на примарна селекција на отпадот

Стратешката основа во врска со селектирање на отпадот на ниво на држава е негово намалување, реупотреба и рециклирање, заради економската исплатливост и зачувување на животнта средина.

Процентуалното учество на секоја фракција во комуналниот отпад е земено од Националниот план за управување со цврст отпад-Специјална студија за состав на отпад, каде беа направени мерења на фракциите од комуналниот отпад во урбани, семи-урбани и рурални средини.

Рециклирањето и повторното користење на корисните фракции од отпадот е еден од базичните елементи на современото одржливо управување со отпадот. Вредноста на овие материјали, а особено на материјалите кои се производ од фосилните горива (пластика) од ден на ден е се поголема и со тоа нивната преработка станува поисплатлива.

Моментално во Република Македонија се врши откуп на отпадна пластика, разните видови метали, хартијата и текстилот, додека стаклото не се откупува.

Со цел согледување на можните приходи, кои би се оствариле со собирање, процесирање и продавање на материјалите од комуналниот отпад, кои можат да бидат подвргнати на рециклажа, извршена е процена на можните приходи. Бидејќи цените по кои се откупуваат секундарните суровини се во зависност од видот и квалитетот на истите (видот на хартија, пластика или метал), како и степенот на обработка (балирани, испрани, иситнети, сепарирани по боја и др.), користени се просечни цени и тоа:

**Табела 13** Пазарни цени на одделни фракции од отпадот

| **Вид на суровина** | **Цена (од - до)** | **Просечна цена** |
|---|---|---|
| **Хартија** | **1 кат.балирана 4.62 ден/кг до 2.12 ден/кг неселектирана** | **2.5 ден./кг** |
| **Пластика** | **ПЕТ, земј.фолија 5-8 ден/кг** | **6 ден./кг** |
| **Метал** | **4.5 ден/кг дебелина < 3 мм**<br>**8 ден/кг дебелина > 6 мм** | **6 ден./кг** |
| **Текстил** | **Разни видови 1-2 ден/кг** | **1 ден./кг** |

Вкупните можни приходи по основ на собирање и продажба на материјали кои можат да се преработат се прикажани во следната табела:

**Табела 14** Вкупни потенцијални приходи од рециклажа на отпад

| **Фракција** | **Вкупно количина за период 2009-2014(вотони)** | **Единечна цена (просечна) ден/т** | **Вкупно можни приходи** |
|---|---|---|---|
| Пластика | 9115 | **6** 000 | **54** 690 000 |
| Хартија | 10 900 | **2** 500 | **27** 250 000 |
| Метал | 2 443 | **6** 000 | **14** 658 000 |
| Текстил | 2 725 | **1** 000 | **2** 725 000 |
| Органски отпад | 24 620 | **3** 000 | **73** 860 000 |
| | | Вкупно денари | 173 183 000 |
| | | Вкупно во евра | **2** 825 171 |

На годишно ниво, Општината би требала да обезбеди приход од над 470 862 €, од искористување на рециклабилните фракции од комуналниот отпад.

Може да се заклучи дека во општина Штип фракции од отпадот којшто може да се преработи се релативно мали и начинот на воведување на примарна селекција ќе зависи од неговата исплатливост. Регионалниот пристап е еден од условите за успешно организирање на овој вид на селекција.

Бенефитите од рециклирањето, покрај обезбедувањето на стабилни приходи, би се однесувале на заштитата на животната средина, како и продолжување на векот на користење на која и да било санитарна депонија, бидејќи и од аспект на волумен и од аспект на тежина значително би се намалиле и количините на отпад кои завршуваат на депонијата.

**9.3 Опис на системот на примарна селекција**

Врз основа на горе изнесеното, постои оправданост за воведување на примарна селекција на отпадот, како од системски (правен) аспект, така и од финансискиот аспект (прикажано како ефект). Овој систем може истовремено да служи за добивање на корисни фракции наменети за рециклажа и за компостирање. Веќе е изготвена "Физибилити студија за управување и рециклирање на отпадните материјали (хартија, пластика и стакло)" SNV, каде се претставени начините на сепарирање на овие корисни фракции.

Концепциски, примарната селекција може да биде воведена на два начина, во зависност од структурата и организационата поставеност на општината:

1. Со целосна покриеност на системот преку општинското јавно комунално претпријатие и
2. Со препуштање на целосна организација на селектирање, транспорт и рециклирање на отпад на заинтересирани претпријатија (договор за услуги, концесија).

Од технички аспект, минимално селектирање на отпад може да се изведува на следниве начини:

- со воведување на систем од две канти (или ќеси) за селектирање на влажен (биоразградлив отпад) и за сув отпад (пластика и хартија) или т.н. индивидуално селектирање на отпад,
- со поставување на т.н. рециклажни острови во регионите каде има колективно домување (систем на повеќе пластични или метални контејнери поставени на некое централно место кои граѓаните ги полнат со соодветни материјали за преработка) или
- со комбиниран систем од претходните системи.

Со воведување на селекцијата воедно би требало да биде опфатен и биоразградливиот отпад што е препорака од ЕУ Директивите, која обврзува на постепено намалување на количините на депониран биоразградлив отпад.

Изборот на најефикасниот и најсоодветниот систем треба да се направи врз детална анализа на техничките, финансиските, организациските и другите услови на работење.

За воведување на било кој систем од горенаведените, неопходно е претходно да се спроведе широка медиумска кампања заради информирање, едуцирање и инволвирање на јавноста во предвидените активности. За комерцијалните објекти и индустријата, интерното селектирање на отпадот може да се организира како било која друга работна задача, бидејќи веќе претходно треба да е воспоставен најопштиот систем на управување.

Интерес за спроведување на системот имаат:

**Локалната самоуправа,** заради тоа што се намалуваат количините на отпад наменети за депонирање со што се продолжува векот на траење на општинските или регионалните депонии (основниот принцип на современото управување со отпад), се создаваат можности за отворање на нови работни места и се ангажира јавноста како дел од процесот на заштита на животната средина и се остваруваат приходи од инсталациите кои се бават со рециклирање.

**Бизнис секторот** од локално или пошироко значење, кој се занимава со рециклирање, заради воспоставување на стабилен систем на дотур на селектиран материјал (со административно одобрување и ангажман на локалната администрација, во рамките на својот дел, преку издавање на локации за поставување на садови и потпишување на договор со бизнис секторот), кој има многу поголема вредност ако е селектриран во изворот на создавање (да не се меша со останатите видови на отпад, како што е денешната пракса).

**Јавните комунални претпријатија** би имале свој интерес заради помалите трошоци, како резултат од намалувањето на количините на отпад наменет за депонирање. Ова значи дека се намалува фрекфенцијата на собирање на отпад, било неделно или дневно. Ако ЈКП е вклучено во организирање на системот на селекција и преработка на отпадот тогаш финансиските добивки можат значајно да го подобрат финансиското работење на истите.

**Невладиниот сектор** има свој интерес заради можноста да учествува во креирањето и практицирањето на целокупниот систем.

Овој заеднички интерес може да биде движечка сила за спроведување на целосниот концепт.

## 10. Локации и инсталации за отстранување на отпад

Досегашната пракса на одложување на комуналниот отпад е на времената локација за депонија "Трештена скала", која треба да ги исполнува минимум техничките критериуми за одложување на комуналниот отпад. Сегашната состојба на депонијата е таква што истата секојдневно гори, благодарејќи на неформалниот сектор кој постојано е

присутен на депонијата. Нивната цел е да ги соберат материјалите за рециклирање, а со тоа и металот, како економско оправдана фракција која може да се издвои доколку останатите фракции се согорат. Така, депонијата е постојано опожарена причинувајќи сериозни загадувања на медиумите на животната средина.

Иако досега регионалното управување не е стапено во сила, сегашната состојба со депонирањето на отпад Општината може да го реши преку воведување на ИСКЗ режимот за депонијата „Трештена скала". Со соодветни услови дадени во дозволата за усогласување со оперативен план може да се доведе депонијата да работи под режим на минимум техничките критериуми, кои би биле далеку од оние кои важат за санитарна депонија, но сепак би гарантирале контрола на емисиите во животната средина.

## 11. Податоци за интегрираната национална мрежа за отстранување на отпад и инсталациите за преработка на отпад

Интегрирана мрежа за отстранување на отпад и на инсталациите за преработка на отпад на ниво на Р. Македонија не постои заради тоа што депониите се сеуште на ниско ниво во однос на усвоените стандарди, за да можат да служат за прифаќање и депонирање на отпад од другите Општини, иако во пракса тоа се случува но на несоодветен начин. Во однос на капацитетите за преработка на отпад (рециклажа), исто така не постојат средени податоци во вид на интегрирана национална мрежа.

Согласно Стратегијата за управување со отпад и Нацрт верзијата на Националниот план за управување со отпадот, преку развивање на регионален систем за управување со комуналниот отпад ќе се овозможи да се создаде интегрирана национална т.е. регионална мрежа за отстранување на отпадот.

## 12. Технички и други услови коишто треба да се исполнат при управувањето со отпад

Во Правилникот за постапување со комуналниот и другите видови на неопасен отпад (Службен весник на РМ бр. 147/07) јасно се поставени условите како правилно да се постапува со отпадот. Општината заедно со ЈКП „Исар" ги почитуваат условите поставени во овој Правилник и преку активностите наведени во овој план ќе продолжат со правилно управување со отпадот.

## 13. Мерки за санација на дивите депонии и на загадените области

Во Општина Штип не постојат индустриски загадени области кои имаат свое историско занчење. Сепак свеста кај повеќето од населението не е подигнато до ниво кое може да гарантира правилно управување со отпадот.

Идентификуваните диви депонии на територија на целата Општина, претставуваат сериозна закана за нарушување на медиумите на животната средина. Иако ЈКП редовно ги отстранува некои од настанатите диви депонии кои се резултат од неправилното одложување на комуналниот, опасниот и инертниот отпад, сепак Општината треба да изнајде начин како да ја подигне свесноста на неселнието околу начинот на селектирање, рециклирање и одложување на отпадот. Едукацијата на населението е една од приоритетни мерки кои треба да се спроведат со цел да се намали бројот на диви депонии. Дополнително, како мерка може да биде поставување соодветни контејнери на локациите (со поголем габарит), кадешто комуналниот отпад би се собирал на едно место и истиот лесно би бил остранет од локацијата или да се формираат претоварни пунктови.

Дивите депонии во иднина ќе бидат опфатени со урбанистичките планови, при што ќе им биде дадена идна намена. Отпадот кој што се наоѓа на нив треба да биде дислоциран и во зависност од неговата категорија ќе се одложи на соодветната депонија. Просторот којшто порано бил дива депонија, до неговата крајна намена (пропишана во идните урбанистички планови), Општината ќе го рекултивира.

## 14. Активности коишто се преземаат од страна на единицата на Локалната самоуправа во врска со управувањето со отпадот

Врз основа на претходните проценки и констатации, дефинирани се акции кои треба да се исполнат за следниот шест годишен период, дадени во Табела 16 . Предложените акции се дадени земајќи ги предвид реалните можности на општина Штип, како и барањата што произлегуваат од националната законска рамка и ЕУ директивите. Исполнувањето или неисполнувањето на акциите во голема мера ќе зависи од способноста на самата Општина, постепено, во фаз, да планира, имплементира и целосно да се справи со оваа проблематика. Предложените проценти на опслужено население, ниво на селекција и рециклажа и нивото на компостирање, се дадени врз основа на претпоставки за влегување на приватен капитал во оваа дејност, како најлесно изводлива опција за постигнување на дадените цели. Во секој случај, остварувањето на Планот треба да се следи систематски и секогаш да се интервенира доколку е потребно.

Анализа на јаките и слабите страни на состојбите со управување со отпадот се претставени во следната табела:

**Табела15** SWOT (ЈСМЗ) анализа

| Јаки страни | Слабости |
|---|---|
| - Формирано јавно претпријатие<br>- Има воспоставен систем на | - Застарен возен парк на ЈКП<br>- Слабо развиена свест кај населението |

| | |
|---|---|
| собирање и одлагање на отпадот<br>- Има релативно добра наплата<br>- Има времена депонија, која | - Недостаток на финансики средства/инвестиции (надворешни и на општината)<br>- Не се создадени услови за |
| ги задоволува минималните услови и има капацитет до 2020 г.<br>- Постои јака волја за учество во регионалниот пристап на решавање на отпадот<br>- Постои физибилити студија за сепарирање | селектирање, собирање и транспорт на биоразградлив отпад - Можно неприфаќање од соседните Општини во воведување на регионален систем на управување со отпад |
| Можности<br>- Намалување на отпад по пат на сепарирање<br>- Употреба на корисни фракции од комуналниот отпад<br>- Правилно управување со депонија<br>- Формирање пунктови за прифаќање на корисен отпад | Закани<br>- Несоодветно управување со отпадот<br>- Загадена животна средина |

Индикаторите за остварувањето на Планот можат да се одредат врз основа на конкретни показатели во однос на предложените активности. Истите зависат од вкупниот број на опслужено население, што соодветно би создавало одредени количини на отпад кои организирано ќе се собираат и врз основа на планираните проценти на рециклирање и компостирање, дадени се количините на селектиран отпад кои треба да се соберат. Овие индикатори се променливи, што значи ако некој од нив не се исполнил треба да се направи детална анализа за причините и врз основа на таа оценка да се ажурираат планските барања за следните години. Тоа значи да се намалат одредените плански барања, ако е можно да бидат изразени во бројки или да се оптимизираат одредени активности. Ако некој од индикаторите покажува успех, тогаш треба да се стимулира таа одредена акција. Исто така треба да се анализираат и оние индикатори кои не покажуваат ниту раст ниту намалување.

**Табела 16** Предвидени активности во планот за управување со отпад (период 6 години)

| Акции | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | Финансиски ресурси |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Јакнење на административните капацитети | Јакнење на капацитети на ЈКП и Општината | Техничка опременост | Техничка опременост | Техничка опременост | Техничка опременост | Техничка опременост | Буџет/ надворешни (кредити, донации) |
| 2. Уредување на постојна депонија (постигнување на стандарди за минимум технички критериуми) | Спроведува ње на условите дадени во дозволата за ИСКЗ | Спроведува ње на условите дадени во дозволата за ИСКЗ | Спроведувањ е на условите дадени во дозволата за ИСКЗ | Спроведувањ е на условите дадени во дозволата за ИСКЗ | Спроведување на условите дадени во дозволата за ИСКЗ | Спроведувањ е на условите дадени во дозволата за ИСКЗ | Буџет/ надворешни (кредити, донации и финансиски програми) |
| 3. Регионално управување со отпад во Источна Македонија | Изработка на физибилити студија за регионално управување со отпад | Формирање на регионално ЈКП и почеток на преговори за финансирање на инвести-цијата | Изработка на тендерска документациј а и избор на најповолни понудувачи | Изградба на центар за управување со отпад, набавка на комунални возила и контејнери | Почеток на новиот регионален систем за управување со отпад | Регионален систем за управување со отпад | значителни трошоци - надворешно финансирање |
| 4. Воведување на систем за селектирање и собирање на отпад на целата територија | Припремни работи за воведување на системот | Покривање на 20% од неопслуж. население | Покривање на 40% од неопслужено население | Покривање на 60% од неопслуж. население | Покривање на 80% од неопслуж. население | Покривање на 100% од неопслуж. население | по пресметка заедничко вложување (договор со приватен оператор) |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. Центри за рециклажа | Воведување на систем за примарна селекција | Ниво на рециклажа 10% | Ниво на рециклажа 10 **%** | Ниво на рециклажа 15 **%** | Ниво на рециклажа 15 **%** | Ниво на рециклажа 20 **%** | по пресметка заедничко вложување (договор со приватен оператор) |
| 6. Управување со биоразградливи от отпад | Селектирањ е/собирање/ Изградба на компостара | Ниво на застапеност 30% | Ниво на застапеност 50% | Ниво на застапеност 70% | Ниво на застапеност 75% | Ниво на застапеност 80% | Општина / инвестиција |
| 7. Мониторинг на управување со отпад | | | | | | | |
| 8. Подигање на јавна свест | Изготвување програма за подигање на јавна свест | Кампања за правилно управување со отпад и управување со органски отпад и сепарирање на отпад | Исполнување на активности од програмата | Исполнување на активности од програмата | Исполнување на активности од програмата | Исполнување на активности од програмата | Буџет/ програма за животна средина на МЖСПП |

# 15. Мерки за едукација и за подигање на јавната свест за управување со отпад

## 15.1 Учество на јавноста во процесот - управување со отпад

Воспоставување на пракса за вклучување на јавноста е битен фактор во процесот на донесување на одлуки, значајни за животната средина, преку соработка со јавните комунални претпријатија, Локалната самоуправа и НВО секторот. Процедурата за вклучувањето на јавноста е дефинирана во Архуската конвенција и стана обврска за Р. Македонија со денот на нејзиното ратификување. Исто така, елементи од Конвенцијата се преточени во Законот за животна средина, кои го гарантираат правото на учество на јавноста во одлучувањето и пристапот до правдата за прашања поврзани со животната средина.

Најважна активност во целиот процес е организација за собирање на отпадот, како одлука на граѓаните. Јавноста ќе биде јасно и прецизно информирана за начинот на собирање на отпадот.

Јавноста треба да биде информирана и едуцирана за потребата од намалување на отпадот, како и негова реупотреба и рециклирање. За секоја активност која што ќе ја превземе Оштината, јавноста ќе биде известена и вклучена во неа.

Во процесот на дефинирање на цените за извршување на услугите во областа на животната средина, јавноста треба да биде вклучена, а координатор на активноста може да биде локална НВО која се бави со оваа дејност или други стручни лица кои се бават со оваа проблематика. На ваков начин населението полесно ќе ја прими обврската и свесно ќе ја реализира.

Од голема важност е преземање на конкретни активности и проекти од типот "Заедно кон почиста Општина", организирање на трибини, конференции за печат и пратење на истото од страна на локалните медиуми. Највисока цел, која треба да се постигне со јавните кампањи, е зголемување на јавната свест кај населението, но и изнаоѓање на најдобро можно и одрживо решение со што ќе се воспостави баланс помеѓу потребите на населението, можностите на јавното комунално претпријатие и потребите на приватниот сектор.

Комуналните претпријатија или приватниот сектор ќе ја информираат јавноста за преземање на конкретни чекори во управувањето со отпадот ќе побараат мислење од граѓаните во врска со тоа. Ова е битно за понатамошно успешно работење и одржливост на целиот систем на работа. Од голема важност е системот за собирање на отпад да биде прифатен од страна на населението со што би се постигнале саканите ефекти, а би било од корист и за идните инвеститори кои што би го искористиле отпадот, како и за Јавното комунално претпријатие.

Медиумите се алатка на Општината и на ЈКП за подобро запознавање на јавноста за сите активности кои се преземени од оние кои управуваат со отпадот, било да е ЈКП „Исар" или приватно комунално претпријатие. Соработката со медиумите е важна поради:

- Пренесување на пораките преку медиумите;
- Можност да се чуе гласот на локалното население;
- Информирање и јакнење на свеста кај јавноста / целни групи во јакнење на животната средина;
- Можност за повикување на граѓаните на акција како и објаснување како тие можат да учествуваат;
- Можности за влијание врз државните органи (институции, власти, политичари).

Во согласност со горе наведеното, треба да се направи стратешки план за комуникација со медиумите при реализирање на Планот:

- Одредување на медиумски цели на Планот како резултат на општите проектни цели;
- Одредување на целни групи на кои ќе им се обраќаме и каков впечаток ќе оставиме врз нив;
- Одредување на пораки кои треба да бидат пренесени за постигнување на саканата цел.

**15.2 Активности на јавната кампања**

*Активностите кои треба да се преземат за реализирање на "Кампања за подигнување најавната свест":*

- Припрема, дизајн и печатење на промотивен материјал-флаери;
- Поставување на основни информации за Планот како и планираните активности кои следат за селективното собирање на комуналниот отпад и негово рециклирање;

*Подготовка на радио и телевизиски емисии под наслов "Правилно управување со отпад - пат до почист развој"*

Во соработка со заинтересирани телевизиски и радио канали со финансиска подршка од Општината, Програмата за животна средина на МЖСПП и други спонзори, би се снимиле одреден број на телевизиски и радио емисии, заради подобро претставување на проблемот-управување со отпад во општина Штип. Темите кои ќе се опфатат во емисиите, се оние кои се застапени во самиот документ "План и програма за управување со отпад во општина Штип". Емисиите ќе бидат во два циклуса, при што првиот циклус на емисии ќе биде со цел да се презентираат активностите кои ќе бидат преземени, а во вториот циклус ќе бидат презентирани постигнатите резултати од тие активности.

Овие емисии можат да одат два-три пати неделно, во ударни термини во текот на еден месец, а потоа да се повторуваат во одредени интервали.

*Кампања за подигнување на јавната свест во процесот на воспоставување на одрживо управување со отпад - Прва фаза:*

- Доставување на флаери на корисниците на комунални услуги;
- Поставување постери на достапни места во Општината со цел промоција на проектот и известување на јавноста за значајот на управувањето со отпадот и идниот одржлив развој на Општината;
- Емитување на првиот циклус на радио и телевизиски емисии;
- Одржување на конференција за печат со цел претставување на проектот, неговите цели и активности. На конференцијата треба да бидат повикани претставници од електронските и печатените медиуми;
- Web презентација на изведените активности во оваа фаза.

- *Втора фаза:*

Еднодневна работилница-обука на наставниот кадар во основните училишта која ќе ги опфати следните активности:

- Наставници од основните училишта кои ќе покажат заинтересираност за проектот, ќе учествуваат во работилница со цел нивна обука за изведување на работилници во рамки на училиштата на тема "Правилно управување со отпадот-пат до почист развој";
- Обуката ќе ги опфати следните теми: сегашна состојба во областа со управување со отпад, економски и еколошки аспекти на рециклирањето, примарна сепарација, потреба од минимизирање на отпадот, промена на навиките на потрошувачите, негативни ефекти и неправилно третирање наотпадот, неопходна промена на односот кон животната средина итн;
- Емитување на вториот циклус на радио и телевизиски емисии;
- Web презентација на изведените активности и постигнатите резултати во оваа фаза.

- *Трета фаза:*

Преземање на конкретни активности кои ќе ја финализираат јавната кампања:

- Повик кон локалното население во учество во акција за собирање на материјали за рециклирање;
- Организација на наставниот кадар заедно со учениците практично да ги применат искуствата стекнати од обуките и работилниците;
- Награди од страна на Општината до оние кои собрале најголема количина на материјали за рециклирање;
- Web презентација на изведените активности и постигнатите резултати во оваа фаза.

*Очекувани резултати одјавната кампања:*

- Развиен модел за едукација на населението за проблемите во животната средина;
- Развиен модел за едукација на наставниот кадар, подготвен да ги едуцира учениците во основните училишта за управување со отпадот,

потребата од рециклирање, минимизирање и повторна употреба на отпадот. Развиена свест на просветните работници за потребата од интензивирана едукација;

- Повисоко ниво на свест кај најмладата популација и поширокатa јавност за потребите од рециклирање и учество во примарната селекција на отпадот. Поголема заинтересираност на популацијата за проблемите во животната средина и учество во акции на ниво на Општината;
- Развиена свест на медиумите за потребата од учество и сеопфатно и реално информирање на јавноста за сите аспекти за заштитата на животната средина (посебно за отпадот) и актуелните случувања на тоа поле;
- Воспоставување на соработка на НВО секторот, локалната самоуправа, медиумите, ЈКП „Исар", приватниот сектор и сите заинтересирани во процесот за подигање на јавна свест и воспоставување на систем за управување со отпад. Процесот на подигнување на јавната свест е неопходно да се продолжи и да се збогатува со нови содржини во склад со принципите на правилно управување со отпадот.

## 16. Процена на трошоците за операциите на преработка и отстранување на отпад

Секое воведување на нов начин на собирање или третирање на отпад претставува предизвик за било која организација. Ризикот кој го носи учеството на населението е релативно висок и е потребно време да со соодветна медиумска јавна кампања и друг вид на мерки се постигнат зацртаните резултати. Поради ова, при дефинирање на приходите усвоено е дека во првата година ќе се постигне рециклирање на 40% од генерираните количини на рециклабилен материјал, во втората година 60%, а во другите години 70%.

Приходите по основ на продажба на рециклабилни материјали кои се обработени до фаза на балирана хартија и иситнета пластика се следните:

| Година/ Опис | 2008(40%) | 2009(60%) | 2010(70%) | 2011 (70%) | 2012(70%) |
|---|---|---|---|---|---|
| Генериран ПЕТ отпад | 421480 | 422680 | 423888 | 425096 | 426320 |
| ПЕТ амбалажа | **421** | **423** | **424** | **425** | **426** |
| Друг вид на | 1041 | 1057 | 1075 | 1094 | 1111 |

| Хартија | 1747 | 1769 | 1792 | 1815 | 1839 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Приходи МКД** | **7,584,704** | **11,510,016** | **13,595,243** | **13,769,806** | **13,930,448** |
| **Вкупно приход** | **€ 123,329** | **€187,155** | **€221,061** | **€ 223,899** | **€226,511** |

Постојниот начин на управување со отпадот во општина Штип, кој вклучува и управување со комуналната општинска депонија, која не ги задоволува ниту најелементарните стандарди за санитарна депонија, предизвикува негативно влијание врз животната средина и економијата и претставува ризик по истите. Исто така, постојното управување со отпадот не е во согласност со националната правна рамка и ЕУ директивите за управување со отпадот.

Средствата за подигање, транспортирање и одложување на отпадот веќе се претставени во претходните поглавја. Трошоците не е планирано да се менуваат за овој вид на услуги кои ги дава ЈКП „Исар".

Воведувањето на селекција на материјалите кои можат да се рециклираат од комуналниот отпад, претставува активност за која се потребни релативно големи финансиски сретства. Ова претставува голема потешкотија за Локалните самоуправи, кои се надлежни за обезбедување на комунални услуги, каква што е и подигнувањето и депонирањето на комуналниот отпад.

Искуствата покажуваат дека инвестирањата во соодветното управување со комуналниот отпад (во овој случај селекција и рециклирање на корисните фракции од комуналниот отпад), генерално овозможуваат, односно резултираат со економски и социјални добивки.

Во 2007 година изготвена е Физибилити студија за управување и рециклирање на отпадните материјали на ниво на општина Штип и Карбинци (пластика, хартија, стакло), финансирана од Холандската Влада, во која се дадени одредени препораки за начинот на селектирање и рециклирање на корисните фракции од комуналниот отпад.

Студијата нуди 3 опции:

- Селекција на отпадот во соодветен погон
- Селектирање на отпадот на местото на создавање на отпадот со полуавтоматски процес
- Селектирање на отпадот на местото на создавање на отпадот со мануелен процес

Врз основа на извршената анализа и дефинираните инвестициони трошоци се предлага имплементирање на третата опција, односно Селектирање на отпадот на местото на неговото создавање со мануелен процес на одделување на материјалот кој може да се рециклира, пред

негова продажба на претпријатијата кои се занимаваат со рециклирање на пластика и хартија.

Оперативните трошоци за селектирање на отпад на годишно ниво само за општина Штип се прикажани во следната табела:

**Табела 17** Оперативни трошоци за селектирање на отпад

| Вид на трошоци | Износ на трошоци | Износ на трошоци |
|---|---|---|
| Плати на вработени (бруто) | МКД 2,640,000 | € 42,927 |
| Трошоци за возила | МКД 300,000 | € 4,878 |
| Одржување и поправки | МКД 250,000 | € 4,065 |
| Електрична енергија, вода и канализација | МКД 600,000 | € 9,756 |
| Телекомуникации | МКД 60,000 | €976 |
| Потрошен материјал | МКД 300,000 | € 4,878 |
| Други оперативни трошоци | МКД 200,000 | € 3,252 |
| Трошоци за собирање на селектираниот материјал, специјални камиони | МКД 1,500,000 | € 24,390 |
| Транспортни трошоци | МКД 500,000 | €8,130 |
| **Вкупно** | **МКД 6,350,000** | **€103,252** |

## 17. Финансиски инструменти за спроведување на планот за управување со отпад

Планот за финансирање на активностите за имплементација на планот и програмата во себе вклучува:

- финансиски сретства од сопствени извори и
- финансиски сретства од надворешни извори.

**За првата категорија на активности** од планот и програмата кои не можат да добијат карактер на т.н. проектни трошоци финансирани од надворешни извори, се оценува дека Општината и ЈКП „Исар" треба да ги ангажираат сопствените интелектуални ресурси или да ангажираат од

сопствени сретства локални/регионални консултанти за реализација на овие активности. Проценетите трошоци за овие активности би се движеле во граници од 2.000 - 4.000 евра.

Резултатите од направената анализа на финансиските податоци за Општината и покрај негативните параметри укажуваат дека потребните сретства и за двете активности Општината може да ги издвои од сопствени сретства. Анализата укажува дека во Општината потребно е да се подобри начинот на кој се обезбедуваат приходите во општинската каса и начинот на кој тие се трошат. Имено, станува збор за подобрување на процесите на реализација на планираните приходи и трошоци, односно имплементирање на буџетот.

**За втората категорија на активности** од планот и програмата кои можат да добијат карактер на т.н. проектни трошоци финансирани од надворешни извори, се оценува дека треба да се подготви и спроведе тендерска постапка за нивна реализација. Трошоците за организацијата и спроведувањето на тендерската постапка ќе се подмири од сопствени извори и се очекува да се движи во граници од 1.000 - 2.000 евра, додека пак самата набавка ќе се финансира од надворешни сретства.

**Структура на планот за финансирање на имплементацијата на планот и програмата за управување со отпадот во општината Штип:**

**а) задолжување од страна на Општината, ЈКП „Исар" или комбинирано;**

Според последните измени на Законот за финансирање на Локалната самоуправа, објавени во Службен Весник бр.67/2007, секоја Општина за да се задолжи потребно е претходно да добие согласност од страна на Министерството за финансии. За да ја добие оваа согласност, Општината треба да поднесе Барање за задолжување до Министерството за финансии, одделение за јавен долг и во тој предлог Општината треба да наведе за што бара одобрение за задолжување, да даде опис на проектот за кој се задолжува, кои се предностите од неговото имплементирање, но најважно од се, во што ги препознава Општината корисностите од имплементацијата на проектот. Откако ќе добие позитивен одговор од Министерството, Општината ќе може да оди со опцијата задолжување. Она што е важно да се има во предвид пред да се пристапи кон овој чекор, е дека постојат законски ограничувања за максималниот износ на задолжување за кое Општината може да добие одобрение за задолжување, а тоа е: за краткорочно финансирање, 10 до 20% од тековно оперативните приходи од минатата година и за долгорочно финансирање, задолжувањето не смее да надмине 100% од тековниот оперативен буџет на Општината.

**б) буџетска (владина) контрибуција;**

Според последниот Закон за задолжување на Општините, а во согласност со новите правила за финансирање на Општините од буџетски

сретства, Општините можат да добијат буџетско (владино) учество во некој проект само доколку се докаже дека проектот е од јавен (државен) интерес.

**в) финансирање од страна на донатори во форма на грант;**

За да се обезбедат средства по овој основ, најповикано е раководството на општината затоа што општината самостојно, на основа на подготвен предлог проект или физибилити студија, треба да агитира кај потенцијалните инвеститори за обезбедување на сретства. Најчесто користена практика е организирање на донаторски конференции од страна на Општината на кои се поканувaат сите меѓународни организации, институции или претпријатија кои финансираат проекти, донираат сретства или работат во областа за која се бара финансиска поддршка.

**г) комбинирано финансирање со донација и владина контрибуција;**
**д) со учество на приватен капитал за јавни услуги (договор за концесија);**
**ѓ) средства од сопствен буџет;**

Со цел општината да може да смета на сопствени сретства за финансирање на овие активности, потребно е редовно да ја следи финансиската состојба на Општината и јавното претпријатие преку следење на погоре пресметаните показатели со особено внимание на движењето на показателот за расположливиот работен капитал кој во основа покажува колку сретства има Општината и јавното преептпијатие на располагање за инвестиции.

## II. ПРОГРАМА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ (2009 ГОДИНА)

### 1. Процена на видот и количеството на различните видови отпад

Врз основа на Планот за управување со отпад, на територијата на општина Штип за период 2009 година јануари-декември се очекува да се создадат 13 392 тони комунален отпад. Од генерираниот отпад се очекува 93% од истиот да биде организирано собран, транспортиран и одложен на привремената депонија „Трештена скала", во непосредна близина на градот Штип. Процентуалниот состав на посебните фракции отпад се претпоставува дека ќе биде сличен со оној којшто е на национално ниво, како што следува:

| Фракција | Застапеност (%) | Вкупно (тони) |
|---|---|---|
| Органски отпад | 26.2% | 3 509 |
| Дрво | 2.7% | 362 |

| | | |
|---|---|---|
| Хартија и картон | 11.6% | 1 553 |
| Пластика | 9.7% | 1 299 |
| Стакло | 3.5% | 469 |
| Текстил | 2.9% | 388 |
| Метали | 2.6% | 348 |
| Опасен отпад | 0.2% | 27 |
| Композити | 2.2% | 295 |
| Комплексни производи | 0.3% | 40 |
| Инертен отпад | 3.6% | 482 |
| Други категории | 3.6% | 482 |
| Ситни делови | 30.9% | 4 138 |
| Вкупно | 100% | 13 392 |

## 2. Мерки / активности за реализација на барањата на Планот за управување со отпад

- o Селекција на отпадот, повторно користење и рециклирање;
- - Се препорачува воведување на приватен оператор за организирање на примарната селекција на отпадот.
- o Компостирање на биоразградливиот отпад;
- - Се препорачува да се спроведе јавна кампања за домашното компостирање.
- - Се промовира модел на компостирање.

## 3. Начин на работа на објектите за преработка и отстранување на отпадот

ЈКП „Исар" изработува годишна оперативна програма која што е поврзана со годишната програма на општината Штип. Дополнително, Општината ќе ги користи услугите на приватни оператори за уредување на депонијата (Крстот) која е одредена за депонирање градежен шут и инертен отпад.

Доследно спроведување и следење на имплементација на условите дадени во дозволата за усогласување со оперативен план за постојна депонија (Трештена скала), се до моментот на воспоставување на регионално управување со отпадот, кадешто ќе се почитуваат процедурите за добивање на интегрирана еколошка дозвола за регионална санитарна депонија.

Воведување на катастар на загадувачи (отпад како загадувач) каде што сите оние индустриски капацитети кои создаваат оптад ќе бидат евидентирани и врз основа на годишните количини на создаден отпад ќе бидат обврзани да доставуваат годишни програми за сопственото управување со отпад.

**4. Мерки и активности за селекција на отпадот, вклучувајќи го и издвојувањето на опасните состојки од отпадот**

Во една избрана населба кадешто е доминантно колективно живеење, ќе се оформат 25 локации - зелени острови, на коишто ќе се собира комуналниот отпад. Тоа ќе бидат пунктови на селекција на отпадот, затоа што на истите локации ќе се постават 3 контејнери со запремина од 1.1 $м^3$, различно обоени во коишто посебно ќе се одлага пластика, хартија и комунален отпад.

**5. Мерки и активности за поттикнување на компостирањето на био-разградливиот отпад**

5.1 Јавна кампања

За прифаќање на концептот за искористување на биоразградливиот отпад, Општината ќе спроведе јавна кампања за подигање на јавната свест, која што ќе содржи: организирање на јавни презентации, подготовка на популарен материјал (лифлети, постери), информирање преку јавните медиуми, едукации на младата популација.

5.2 Техничка докуменатација

Врз основа на проценети количини на биоразградлив отпад и инвентарот на инсталации кои генерираат ваков вид на отпад, Општината ќе превземе активност на подготовка на проектна документација за управување со овој вид на отпад, која ќе даде предлози за капацитетот на објектот, применетата технологија и пласирање на крајниот продукт.

**6. Начините за едукација и за подигање на јавната свест на граѓаните во врска со управувањето на отпадот**

Изработка на програма за подигање на јавна свест, која ќе содржи елементи на информирање на населението и едукација на неколку старосни категории од населението за соодветно управување со отпадот.

**7. Реализација на обврските за намалување на количеството на био-разградливиот отпад што се отстранува на депониите**

Реализацијa на обврските за намалување на количеството на био-разградливиот отпад што се отстранува на депониите, ќе се спроведе низ едукација на населението и подготовка на проектна документација.

## 8. Начинот на функционирање на интегрираната мрежа за преработка и за отстранување на отпадот

До постигнување на капацитети за преработка на отпадот на територијата на општина Штип ќе се превземат активности за подобрување на системот за отстранување на отпад со збогатување на возниот парк на ЈКП.

## 9. Реализација на мониторингот и на информативниот систем во областа на управувањето со отпадот

Мониторинот на состојбите со отпадот ќе се реализира преку база на податоци која што ќе ја оформи ЈКП во соработка со Општината. Достапност до базата на податоци ќе имаат надлежните вработени од ЈКП и Секторот за комунални работи во Општината.

Мониторингот за 2009 г. ќе се спроведе со пополнување на обрасците за идентификација и транспорт на отпад, како и со изготвување на годишните извештаи за управувањето со отпадот. Овие обрасци се задолжителни за приватните прептријатијата, како и за ЈКП.

## 10. Реализација на мерки за спроведување на увоз, извоз и транзит на отпад низ територијата на Република Македонија

Реализација на мерки за спроведување на увоз, извоз и транзит на отпад низ територијата на Република Македонија ќе се спроведува во согласност на постојната законска регулатива.

## 11. Други мерки од важност за реализација на Планот за управување со отпад

Инвентаризација на бројот на дивите депонии, приближно определување на количините на депониран материјал, како и видот на депониран материјал.

Расчистување на депониите и нивна рекултивација.

**Табела 18** Активности за 2009 година за управување со отпад

| **Акции од планот** | **Активност** | **Вкупно процене-Ти финансиски средства(денари)** |
|---|---|---|
| 1. Јакнење на администра-тивни капцитети | Јакнење на капацитети на ЈКП и општината | |

| | | |
|---|---|---|
| | - ЈКП: нова организациона поставеност, ефикасно искористување на постоен кадар | 540 000 |
| | - Општина: вработување на кадар за следење на животната средина | **15** 000 |
| | - Техничко опремување на администрација (компјутери) | 60 000 |
| 2. Уредување на на постојна депонија (постигнување на стандарди за минимум технички критериуми) | Спроведување на условите дадени во дозволата за ИСКЗ<br>-Оградување<br>Пристапен пат<br>-Физичко обезбедување | |
| 3. Регионално управување со отпад во Источна Македонија | Изработка на физибилити студија за регионално управување со отпад | 3 100 000 |
| 4. Воведување на систем за селектирање и собирање на отпад на целата територија | Припремни работи за воведување на системот<br>Возен парк и садови за собирање на отпад<br>- 1.1 $м^3$ 75 броја<br>Возила (смеќар и автоподигач) | 3 100 000 |
| 5. Центри за рециклажа | Проектна документација (хартија и пластика) | 600 000 |
| 6. Управување со биораз- Градливиот отпад | Проектна документација | 600 000 |
| 7. Мониторинг на управување со отпад | Изготвување на база на податоци<br>- Диви депонии (инвентаризација и предлог мерки за решавање) | / |
| 8. Подигање на јавна свест | Изготвување програма за подигање на јавна свест | 600 000 |
| **Вкупно** | | **8.615 000** |

64.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК

ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ НА
КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ
ПРИ СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП
01.01. ДО 31.12.2008 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучок за усвојување на Извештајот на Комисијата за еднакви можности при Советот на Општина Штип 01.01. до 31.12.2008 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-424/2
25 февруари 2009 година
Штип

Градоначалник
на Општина Штип
Панде Сарев, с. р.

65.

Врз основа на Програмата за работа на Советот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 16/08 година) и член 46 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 февруари 2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ
НА КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ
ПРИ СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП
01.01. ДО 31.12.2008 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот на Комисијата за еднакви можности при Советот на Општина Штип 01.01. до 31.12.2008 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-424/1 | Претседател
20 февруари 2008 година | на Советот на Општина Штип
Ш т и п | Драги Илиев, с. р.

66.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА
ВРАБОТУВАЊЕ НА ОПШТИНИТЕ ШТИП И КАРБИНЦИ ЗА
2009/10 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за донесување на Локален акционен план за вработување за општините Штип и Карбинци за 2009/10 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-425/2 | Градоначалник
25 февруари 2009 година | на Општина Штип
Ш т и п | Панде Сарев, с. р.

67.

Врз основа на член 46 и член 21 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 февруари 2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА

# ВРАБОТУВАЊЕ НА ОПШТИНИТЕ ШТИП И КАРБИНЦИ ЗА 2009/10 ГОДИНА

I

Се донесува Локален акционен план за вработување за општините Штип и Карбинци за 2009/10 година со следните **забелешки** и **заклучоци**:

1. Координативнто тело да организира презентација на Локалниот акционен план за вработување пред НВО на локално ниво.
2. Да се оствари соработка со Универзитетот „Гоце Делчев"-Штип по однос на креирањето на студиски програми, планирање на уписната политика и имплементација на активностите од Планот преку Центарот за развој на кариера.
3. Локалниот акционен план за вработување да се достави до општинските средни училишта и Универзитетот „Гоце Делчев"-Штип.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 0701-425/1
20 февруари 2009 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип

Драги Илиев, с. р.

68.

ОПШТИНИ
Штип и Карбинци




**Локален акционен план за вработување**

Изработен со поддршка од:
Техничка помош за поддршка на политиката за вработување (трета фаза)

Проект финансиран од ЕУ управуван од Европската агенција за реконструкција

**ПАРТНЕРСТВО**
**ЗА ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ОПШТИНИТЕ ШТИП И КАРБИНЦИ**

Социјалното партнерство овозможува сеопфатно истражување на состојбите на целните групи, каде секој од социјалните партнери придонесува со предлагање и изнаоѓање на проблемот. Секој од социјалните партнери треба да ги следи состојбите и движењата на оние целни групи за кои може да обезбеди најсоодветни и најточни податоци. Социјалните партнери беа селектирани врз основа на нивното предходно искуство и експертиза во областа на социјалната сфера. Утврдена е методологија за работа и распределени се задачи за секој од социјалните партнери

**I. Агенција за вработување на РМ-Центар за вработување Штип:** (даде податоци и информации за состојбите на локалниот пазар на труд врз основа на расположливите податоци од делокругот на своето работење - евидентирање на невработени лица во општината и спроведеното анкетно истражување меѓу работодавачите за анализа на потребите од вештини, врз основа на кои се дефинираа одредени карактеристики на локалниот пазар на труд.)

**II. Синдикат:**

- Основна синдикална организација (да ги стават на располагање сите податоци од направените досегашни истражувања, податоци за лицата од категориите стечајни работници и технолошки вишок)
- СОНК

**III. Организации на работодавачи:** ( да ги пренесат ставовите и потребите на работодавачите за специфични профили и идентификување на потребите од одредени работни места, презентирање на нивните развојни бизнис планови, што ќе послужат како индикатор за потребите од кадри во перспектива)

- Кластер за текстил,
- Регионална стопанска комора

**IV. Невладини организации:** (ќе ги стават на располагање резултатите од нивните досегашни истражувања, ќе бидат носители на активностите за спроведување на дополнителни истражувања за конкретни

целни групи, ќе обезбедат обучувачи за работилниците, ќе ги пренесат нивните искуства во изработка на акционите планови, ќе ја обезбедат граѓанската партиципација во подготовката на Акциониот план, што ќе го направи прифатлив и апликативен односно применлив).
- Невработеност - „Светла визија„;
- Проблеми од областа на социјалата - „Ехо„;
- Проблемите на младите - „Младински клуб„;
- Проблемите на етничките заедници - „Здружение за права на ромите„ и
- „Центар за пермакултура и мироградба„

**V. Образовни институции:** (ќе учествуваат во целиот процес и стекнатите искуства и заклучоците ќе ги вклучат во нивните годишни програми и планови за работа, ќе бидат носители на иницијативи за усогласување на образовните насоки со потребите на пазарот на трудот).
- Средни училишта;
- Универзитет „ Гоце Делчев„ и
- Работнички универзитет-спроведува програми за доквалификација и преквалификаци

**VI. Претставници на Општина Штип и Општина Карбинци** (ќе ги спроведат подготовките, ќе го обезбедат редовното учество на партнерите и ќе ги координираат сите активности за успешна реализација на целокупниот процес).

## ПРЕДГОВОР

Со осамостујувањето на нашата држава, и со промена на стопанството од планско во пазарно, се создадоа услови за поефикасно работење, но се појавија и многу проблеми. Настана затворање на големи индустриски капацитети, а со тоа и голем број на вработени останаа без работа. Во текот на 17 годишниот транзиционен период, економијата бавно се развиваше и не беше во можност да ги апсорбира големиот број на отпуштени работници, ниту пак сите лица кои штотуку го завршија својот образовен процес. Сите овие години од осамостојувањето на Р.М. невработеноста се намалува (со осцилации), но и покрај тоа сепак е многу висока, како во регионот така и во ЕУ, и не ги задоволува Лисабонските критериуми кои се основа за влез во Европската Унија. Неповолната состојба не го заобиколи ниту нашиот микрорегион општините Штип и Карбинци, каде што драстично се одрази затоа што буквално сите поголеми стопански капацитети (ТК “Македонка”; МК “Астибо”; ЗИК “Црвена звезда” и др.) кои беа темел на нашето локалното стопанство се затворија. Текстилната индустрија која беше и претходно носечка гранка,

брзо се преструктуира во помали капацитети и апсорбира дел од невработените, поточно невработените од женски пол, но остави и голем дел на невработени лица.

За подобрување на лошата слика со невработеноста на општина Штип и Карбинци, со изготвување на Локалниот акционен план за вработување се отвора можност за намалување на невработеноста, а со тоа и поголем економски раст на микрорегионот. Како поттик за изготвувањето на овој значаен акционен план за нашите општини, е и поволната клима што ја даваат новите законски регулативи, национални стратегии, како и заживувањето на програмите кои ги промовира Владата на Република Македонија, а се однесуваат за нашиот регион (Рамномерен Регионален Економски Развој; Слободна економска зона; карго аеродром; Униврзитет и др.). Воедно со отпочнување на II фаза на децентрализацијата дел од проблемите со невработеноста се симнуваат на локално ниво.

Како главен административен центар во источниот дел на Република Македонија, и поволната геостратегиска пложба, Општина Штип заедно со Општина Карбинци, заслужуваат изготвување на Локален акционен план за вработување, кој несомнено ќе отвори можности за поголемо работно ангажирање на населението намалувајќи ја бројката на лица кои бараат работа, а со тоа и поголем економски раст.

Од Партнерството

## ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

### Вовед

Локалниот акционен план за вработување за микрорегионот Штип и Карбинци е во функција на намалување на невработеноста, односно подобрување на локалната економија (микроекномија), и се однесува на периодот 2009/10 година.

Партнери, односно засегнати страни за изготвување и имлеметирање на ЛАПВ се: Л.С. на Штип и Карбинци, АВРМ – Центар за вработување Штип, Организација на работодавачи – Кластер на текстил, Н.В.О-и., Синдикални организации, Средните училишта во Штип, Унверзитет „Гоце Делчев" итн.

За изготвување на ЛАПВ се применија следните методологии/техники: Анализа и анкета на пазарот на трудот за Штип и Карбинци; SWOT анализа (слаби страни и можности); изготвување на Логичка рамка. Дадените насоки/приоритети во ЛАПВ за микрорегионот Штип и Карбинци за 2009/10 се во согласност со **Стратешкиот план за локален економски развој** за Штип и Карбинци од 2005 год.,, **Национална стратегија за вработување 2010 год., Национален**

**Акционен план за вработување 2006/08 год**. (од 2006 год.), како и со новите **Интегрирани насоки за пораст и работни места** на ЕУ (насоки 14;15; 17-24) и **Милениумските развојни цели** усвоена од страна на ОН на Милиениумскиот самит септември 2000 година.

## Главни заклучоци од анализата на состојбите на локалниот пазар на труд

Анализата на побарувачката и понудата на работната сила, во микрорегионот Штип и Карбинци упатува на повеќе релевантни заклучоци во однос на промените и постојните состојби на пазарот на трудот:

- Евидентен е недостиг на работници со солидно образовно ниво, како во текстилната индустрија, така и во занаетчиско-услужните дејности;
- Од високообразовани кадри како дефицитарни се издвојуваат: електро и машинските инженери, дипломираните градежни инженери (од сите насоки), архитектите, шумарските и графичките инженери, дипломираните професори по странски јазици итн.;
- Најбарани се работниците со средно образование, а побарувачката за работна сила со високо образование беше и останува мошне мала;
- Во однос на понудата на работната сила може да се констатира дека доминантна е невработеноста: на мажите (67%), постари од 50 години (37%), со ниско ниво на образование (64%), невработеност подолга од 8 години (26%). Оттаму, структурата на понудата на работната сила може да се оцени како исклучително неповолна, и не ги задоволува потребите на побарувачката;
- Најголем број на нови вработувања се очекуваат во малите и средните претпријатија, каде во 2008 во споредба со 2007 година тој е поголем за 31,4%, односно 7,4% и
- Општина Штип се карактеризира со пораст на населението, но помал од оној во земјата, а Општината Карбинци со намалување на вкупното население. Повеќе од 90% од вкупното население во Штип е градско, а Карбинци е рурална општина. Во двете општини се одвива интензивен процес на стареење на населението.

## Главни препораки од анализата

Од извршената анализа на пазарот на трудот во општините Штип и Карбинци дадени се следните препораки за дефинирање на целите на ЛЕАП – от:

- Да се поттикне економската активност и пораст на вработеноста во другите сектори (покрај индустријата), како и поттикнување на претприемништвото, отворање на нови мали и семејни бизниси, поддршка на занаетчиско-услужните дејности;

- Поради релативно големиот број на активни, но нерегистрирани земјоделци треба да се предвидат активности за поддршка на земјоделството;
- Во насока на зголемување на побарувачката за работна сила секако позитивно ќе влијае сузбивањето на нелојалната конкуренција, намалувањето на даночното оптоварување, како и трансформирањето на неформалното вработување во формално и
- Со оглед на неусогласеноста на побарувачката и понудата на работната сила во однос на одделни профили на работници, неопходни се активности за стекнување на нови знаења и вештини, проширување на можностите за obuka преквалификација и доквалификација на работната сила.

## Локална стратегија за вработување

Во споредба со националните параметри во целина микрорегионот Штип и Карбинци се карактеризира со повисоко ниво на економска активност на работоспособното население, односно стапки на вработеност и значително пониски стапки на невработеност. Трендот е во намалување за побарување на работната сила, поради тоа еден од главните проблеми во микрорегионот сеуште е невработеноста и намалените услови за вработување. Постојат повеќе причини за невработеноста пред сѐ немањето на слободни работни места во постоечките капацитети, неповолна структура на понудата на работната сила( *демографски и стручно*), недостаток од одредени профили, подемот на сивата економија. Од тие причини главните стратегиски насоки на општината во наредните две години во насока за намалување на невработеноста се: подобрување на деловното опкружување и креирање на активни мерки за вработување во соработка со Министерството за труд и социјална политика.

## Главни насоки и приоритетни цели на акциониот план за вработување

Насоките на идниот економски развој на микрорегионот Штип и Карбинци се утврдени со *Стратешкиот план за локален економски развој на општините Штип и Карбинци* усвоен во 2005 година. Во контекст на подготовката на Локалниот акционен план за вработување, значајно е да се имаат предвид стратешките насоки и цели на локалниот економски развој, значајни за поттикнување на вработеноста:

- ***Одржлив индустриски развој;***
- ***Современо земјоделско производство;***
- ***Развој на човечки ресурси и образовни институции и***

- ***Одржливо користење на природните ресурси и заштита на животната средина.***

Најголем број на вработени во микрорегионот Штип и Карбинци, апсорбира текстилната индустрија (45%), односно индустријата наспроти другите стопански гранки. Од друга страна евидентираното невработено население е со структура која не е барана на пазарот на трудот. Од тие причини главните стратешки насоки за намалување на невработеноста во микрорегионот Штип и Карбинци, во делот на Локалната економија е една и во делот на вработувањето три насоки, и тоа:

- *Подобрување на Бизнис опкружувањето во општините Штип и Карбинци;*
- *Сузбивање (намалување) на сивата економија;*
- *Намалување на невработеноста на ранливите групи и*
- *Усогласување на понудата со побарувачката на работна сила.*

**План за имплементација на целите**

Активностите за реализација на целите на Акциониот план планирано е да се имплементирааат во период од две години и тоа од страна на одговорните институции, а следењето ќе го врши мониторинг тим составен од члeновите од кординативното тело. Мониторинг тимот ќе го известува координативното тело еднаш годишно за постигнатите резултати од активностите.

**Буџет за реализација на целите**

За целосно имплементирање на Акциониот план потребно е да се обезбедат неопходни финансиски средства и тоа од:
- Буџетот на РМ и од Министерствата за Труд и социјална политика, Министерство за образование и наука;
- Буџетот на општините од микрорегионот;
- средстава од меѓународни проекти во РМ и странски донации и
- Проекти и програми на Европската унија – развој на човечки ресурси од ИПА финансискиот инструмент.

Целокупната Буџетска рамка е во согласност со утврдените проритети, цели и активности, како и со можностите на човечки и материјани ресурси.

Вкупните средства потребни за реализација на активностите се 15.420.000 МКД. Подетален Буџет на страница 28.

## Промени и постојни состојби на побарувачката за работна сила

## Специфичности на локалниот економски развој

Локалниот економски развој во микрорегионот Штип и Карбинци се карактеризира со релативно голема застапеност на секторот индустрија кој работи профитабилно и апсорбира значителен дел од работната сила.

Во поглед на носечката економска активност општините Штип и Карбинци битно се разликуваат. Имено, во општината Штип тоа е индустрискиот сектор во кој доминира текстилната конфекциска индустрија, а релативно голема е застапеноста и на кожарската, прехрамбената, дрвната и металната индустрија. Од другите сектори се издвојуваат транспортните услуги и трговијата на големо и мало.

Во општината Карбинци, пак, доминантна е застапеноста на земјоделието во сите подсектори (полјоделство, лозаро-овоштарство, сточарство). Најголем дел од постојните производствени претпријатија се од прехрамбено-преработувачката индустрија.

Кога зборуваме за специфичностите на локалниот економски развој на микрорегионот Штип и Карбинци треба да се има предвид и планираната реализација на слободната економска зона и карго аеродромот.

Овој микрорегион изобилува со разновидни природни ресурси, поточно минерално-суровински и агрономски потенцијал од секаков вид (обработливо земјиште за развој на полјоделството и лозаро-овоштарството, како и поволни услови за сточарството). Тие претставуваат солидна основа за развој на земјоделието кое може да абсорбира значителен дел од неангажираната работна сила.

Насоките на идниот економски развој на микрорегионот Штип и Карбинци се утврдени со *Стратешкиот план за локален економски развој на општините Штип и Карбинци* усвоен во 2005 година. Во контекст на подготовката на Локалниот акционен план за вработување, значајно е да се имаат предвид стратешките насоки и цели на локалниот економски развој значајни за поттикнување на вработеноста:

- ***Одржлив индустриски развој*** за чија реализација се предвидени три развојни цели: подобрување на бизнис опкружувањето, поддршка на развојот на секторот на мали и средни претпријатија и привлекување на нови инвестиции;
- ***Современо земјоделско производство,*** за кое се предвидени три развојни цели: примена на современи агро-технички мерки во примарното земјоделие, извозна промоција на агро-индустриските производи и практикување т.е. владеење на политиката на аграрно земјиште на локално ниво;

- ***Развој на човечки ресурси и образовни институции***. Во неа се предвидени и разработени четири конкретни развојни приоритети: Формирање на Универзитет (тоа е веќе реализирано); Усогласување на образованието со потребите на стопанството (каде се предвидени комбинирани програми за јакнење на капацитетите и квалификација на работната сила од разни аспекти); Подобрување на квалитетот на примарното и средното стручно образование (за што се предвидени мерки за осовременување на училиштата од сите аспекти) и формирање на Центар за технологија;
- ***Одржливо користење на природните ресурси и заштита на животната средина,*** за чија реализација се предвидени три развојни цели: одржливо користење на минерални и енергетски суровини, користење обновливи извори на енергија, заштита на животната средина и креирање на систем за просторно планирање.

**Главни носители на вработеноста и профили на работодавачите**

Според расположливите податоци на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија вкупниот број на вработени во микрорегионот Штип и Карбинци денес изнесува 17195 лица. Најголем дел од нив се ангажирани во текстилната индустрија (44,7%). Од другите сектори со поголем број на вработени се издвојуваат трговијата (10,8%), чевларската индустрија (7,2%), образованието (6,5%), здравството (6,2%), градежништвото (4,5%) и транспортот (3,7%). Со релативно поголемо учество во вкупно вработените се диференцираат и дрвната индустрија и земјоделството. Притоа, во општината Штип доминантна е вработеноста во секторот индустрија, а во општината Крбинци две третини од вработените отпаѓаат на секторот земјоделство. Во последните години најголем дел од новите вработувања се реализирани во текстилната и чевларската индустрија.

Од поголемите компании во текстилната индустрија би ги издвоиле: Максима, Албатрос, Фам моде, Семак Фешн, Ларс, ИН ТАЈМ текстил, а во чевларската индустрија: Баргала и Ева Мар Ева. Што се однесува на другите сектори како носители на вработеноста во дрвната индустрија се диференцираат Мебел-Штип и Бреза, а во секторот земјоделство компаниите: Фруктана, ЗЗ Овоштар, Имако Вино и Еко Оаза Самандов. Најголем дел од компаниите во споменатите сектори делуваат на странските пазари (извоз во странство најчесто по принцип на лон систем). Од аспект на големината на друштвата, пак, во микрорегионот Штип и Карбинци преовладуваат малите и средните претпријатија, коишто имаат сигнификантно влијание врз порастот на вработеноста.

Во однос на промените во економската активност на главните носители на вработеноста и профилите на работодавачите релевантни

податоци и информации дава Анализата на потребите од вештини[1]. Таа покажува дека во 2007 и 2008 година во работењето на претпријатијата (во претходните шест месеци) настанале одредени неповолни промени.Тие се манифестираат во пораст на бројот на компаниите каде е забележано намалување или константна побарувачката на производите/услугите, а намалување на бројот на оние со зголемување на побарувачката (особено кај големите претпријатија). Посматрано според големината на претпријатијата, ваквите промени се карактеристични како за малите и средните, така и за големите компании.

**Постојна побарувачка за работна сила и барани занимања**

Постојната побрувачка за работна сила на подрачјето на микрорегионот Штип и Карбинци ја анализираме врз база на податоците од споменатата анализа на потребите од вештини, како и сознанијата на стручната служба на Центарот за вработување Штип.

Со оглед на опфатот во анкетното истражување, анализата на потребите од вештини дава релевантни информации како за флуктуацијата на вкупниот број на вработени (вкупно, според големината на претпријатијата и дејностите) и нивната демографска структура, така и за побарувачката на работната сила и бараните занимања и вештини на пазарот на трудот.

Вкупниот број на вработени во анкетираните претпријатија на подрачјето на Центарот за вработување Штип, во периодот 2006-2008 година, бележи континуиран пораст, но со различен интензитет. Имено, во моментот на анкетирањето во споредба со состојбата пред една година во 2006 година тој е поголем за 17,5%, во 2007 за 13,1%, а во 2008 година за 8,1%. *Овие показатели укажуваат на намален пораст на бројот на вработените.*

*Од аспект на големината на компаниите во 2007 и 2008 година порастот на бројот на вработените најголем е во средните, а најмал во големите претпријатија.* Тоа условува зголемување на уделот на вработените во средните по големина компании во вкупно вработените (во моментот на анкетирањето) од 43,7% (2007) на 51,1% (2008 година), односно намалување на уделот на вработените во големите претпријатија од 39,1% на 31,6%. Учеството на вработените во малите претпријатија, пак, останува непроменето (17,2%, односно 17,3%) Во посматраниот период безмалку три четвртини (73,4%) од анкетираните претпријатија отпаѓаат на секторот преработувачка индустрија, во кој работат 88,7% (2007), односно 86,7% (2008) од вкупно вработените. Сепак, овој сектор не

бележи најголем пораст на бројот на вработените. Во моментот на анкетирањето во споредба со состојбата пред една година, во 2007 со најголем пораст на вработените се издвојува земјоделството, а во 2008

година секторите: транспорт, недвижнини/услуги, градежништво и ресторани/хотели.

Микрорегионот Штип и Карбинци се карактеризира со специфична демографска структура на вработените. Тоа особено се однесува на структурата според пол, бидејќи во анкетираните фирми учеството на жените во вкупно вработените е доминантно и достигнува 69% (2008). Ваквата структура на вработените е определена од големата застапеност на текстилната индустрија во која првенствено е ангажирана женска работна сила. Старосна структура на вработените, пак, се одликува со значително намалување на застапеноста на младите (до 29 години) и постарите од 55 години, а континуиран пораст на старосната група 30-54 години. Во 2008 година нивните учества во вкупно вработените респективно изнесува: 21,1%; 4,7% и 74,2%. *Значителното намалување на младата работна сила е условено од малиот обем на нови вработувања и имплицира стареење на ангажираната работна сила.*

Што се однесува на побарувачката за работна сила во микрорегионот Штип и Карбинци податоците во Табела 1 потврдуваат дека пораст на вработеноста планираат сите фирми без оглед на нивната големина и секторот во којшто делуваат. Сепак, очекуваниот пораст на вработеноста е со различен апсолутен и релативен обем. *Анкетата и предвидувањето во 2008 година покажуваат дека вкупниот број на нови вработувања во наредните 12 месеци ќе изнесува 1225, односно 1495 лица (Табела 1). Во споредба со 2007 година тој е помал за една четвртина (26%, односно 24,5%).* Најголем број нови вработувања се очекуваат во малите и средните претпријатија, каде во 2008 во споредба со 2007 година тој е поголем за 31,4%, односно 7,4%, а во големите претпријатија тој ќе биде помал за 14,4%. Имајќи ги предвид досегашните предвидувања и нивната потврда со манифестираните промени на пазарот на трудот, тогаш овие индикатори може да се оценат како мошне неповолни од аспект на порастот на вработеноста во наредната година.

Според истражувањето во 2008 година од вкупно 76 фирми кои одговориле дека ќе го зголемат бројот на вработените на секторот преработувачка индустрија отпаѓаат 58 (од кои 29 мали, 25 средни и 4големи). Тоа значи дека најголем удел од очекуваните (87,2%) и предвидените (77,6%) нови вработувања ќе бидат во овој сектор. Од другите сектори, пак, со поголем број на нови вработувања се издвојуваат: градежништвото, земјоделството и транспортот.

Табела 1

Број на очекувани нови вработувања во наредните 12 месеци (анкета и предвидување), општини Штип и Карбинци

| Дејност | Број на нови вработувања во наредните 12 месеци (анкета) | Број на нови вработувања во наредните 12 месеци (предвидување ) |
|---|---|---|

| | 2006 | 2007 | 2008 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Земјоделство | 70 | 4 | 34 | 163 | 9 | 79 |
| Преработувачка | 1412 | 1566 | 1068 | 1535 | 1702 | 1160 |
| Градежништво | 77 | 13 | 68 | 104 | 17 | 92 |
| Трговија | 36 | 29 | 7 | 144 | 116 | 28 |
| Ресторани/Хотели | 2 | 5 | 8 | 9 | 23 | 36 |
| Транспорт | 51 | 40 | 27 | 146 | 114 | 77 |
| Финансии | 0 | 0 | 10 | 0 | 0 | 10 |
| Недвижнини/Услуги | 15 | 0 | 3 | 65 | 0 | 13 |
| Вкупно | 1663 | 1657 | 1225 | 2166 | 1981 | 1495 |

Извор: Агенција за вработување на Република македонија-Центар за вработување Штип, Анкетно истражување за Анализата на потребите од вештини

Анализата на потребите од вештини во 2008 година покажува дека побарувачката за работна сила според степенот на потребно знаење (степен на образование)[2] во наредните 12 месеци ќе биде релативно голема за лица со средно образование, помала за лицата со завршено основно образование, а потребата од работна сила со завршено високо образование и понатаму ќе биде многу мала.

Според искажувањата на работавачите, покрај солидното образование, тие од новите работници бараат и поголемо познавање на практичната работа (поради што сугерираат воведување на повеќе часови практична настава во образованиот процес), комуникациски вештини, работа на компјутер, познавање на странски јазик (посебно се бара од високо образовните кадри), како и поседување возачка дозвола.

Анкетното истражување дава и одредени сознанија за недостатокот од работна сила со која се соочиле анкетираните фирми при пополнувањето на огласните работни места во последните шест месеци.Првенствено тој се однесува на недостигот на текстилни работници со солидно образовно ниво. Освен тоа поголема е побрувачката и за градежни работници (молери, плочкари, зидари и сл.), механичари за индустриски машини за шиење, работници за дрвната индустрија и др. Што се однесува на искажаните потреби од високообразовани кадри како дефицитарни се издвојуваат: електро и машинските инженери, дипломираните градежни инженери (од сите насоки), архитектите, шумарските и графичките инженери, дипломираните професори по странски јазици (англиски и германски јазик) итн.

Вработувањето на лицата со посебни потреби е прашање коешто заслужува посебно внимание. Анализата на потребите од вештини покажува дека околу 2/3 од анкетираните фирми немаат потреба од ваков вид на вработување.

Потреба за овие работници искажале само мали и средни претпријатија. Ваквите резултати од истражувањето не ги одразуваат реалните состојби, бидејќи со анкетата не беа опфатени претпријатијата со

помалку од десет вработени. Најголем дел од регистрираните заштитни друштва коишто вработувааат лица со посебни потреби се микро фирми.

## Промени и постојни состојби на понудата на работната сила
## Демографски карактеристики и работна сила

Според проценките на населението во 2007 година општините Штип и Карбинци имале 52.336 жители од кои 92% отпаѓаат на општината Штип (Табела 2). Во меѓуписниот период 1994-2002 година Штип забележа пораст на населението помал од оној во земјата, а во Карбинци дојде до намалување на вкупното население.

Табела 2
Обем и динамика на вкупното население во општините
Штип и Карбинци

| | Вкупно население | | Проценка на население 2007 | Промена (пораст) на населението (1994-2002) | | Стапки на пораст на населението |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1994 | 2002 | | Број | % | 1994 - 2002 |
| Р. Македонија | 1945932 | 2022547 | 2043559 | 76615 | 3,9 | 0,48 |
| | | | | | | |
| Штип | 46372 | 47796 | 48227 | 1424 | 3,1 | 0,38 |
| Карбинци | 4342 | 4012 | 4109 | -330 | -7,6 | -0,98 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија

Повеќе од 90% од вкупното население во општината Штип е градско (Прилог бр.1), а Карбинци е рурална општина во која нема градско население. Ваквата структура на населението покажува дека двете општини се во битно различна ситуација, бидејќи градската невработеност по правило е потежок проблем за решавање.

Старосна структура на населението во општините Штип и Карбинци се карактеризира со значителни промени во насока на намалување на учеството на младите и сигнификантен пораст на уделот на постарото население. Интензивниот процес на демографско стареење го потврдуваат показателите за рангот на демографска старост. Имено, во двете општини денес населението е во стадиум на демографска старост, при што во периодот по 1994 година во Штип тоа премина од праг на демографска старост во демографска старост, а во Карбинци беше и остана во истиот стадиум. Тоа ги условува и разликите во застапеноста на основните старосно-полови контингенти во вкупното население на двете општини, посебно учеството на работоспособниот контингент и постарото население (Прилог бр.2). Работоспособното население се карактеризира со континуиран пораст, кој е поинтензивен кај возрасните групи над 40 годишна возраст. Тоа имплицира неповолна старосна структура на

работоспособниот контингент, како демографска рамка од која се регрутира работната сила.

Образовната структура на населението во општините Штип и Карбинци беше и остана нагласено различна, и покрај манифестираните промени во насока на намалување на населението со ниско ниво на образование. Во општината Штип таа се одликува со потпросечна застапеност на лицата со ниско ниво на образование, а натпросечно учество на оние со средно и високо ниво на образование, и може да се оцени како релативно добра (Прилог бр.3). Во општината Карбинци, пак, речиси четири петтини од населението е со ниско ниво на образование, поради што образовната структура на населението може да се оцени како мошне неповолна.

Што се однесува на преселничките движења, со оглед на релативно малиот обем на внатрешните и надворешните миграции, тие немаат позначајно влијание врз порастот и структурните белези на населението. Во внатрешните миграции локалните преселувања се незначителни. Во меѓуопштинските преселувања кај општината Штип поголем е бројот на доселените од отселените лица, односно таа е миграционо подрачје за жителите од другите општини од Источниот регион. Во општината Карбинци, пак, поголем е бројот на иселените во други општини (Прилог бр.4). Според податоците од редовното истражување на Државниот завод за статистика бројот на доселените и иселените во странство е минимален во двете општини (Прилог бр.5). Сепак, не може да се занемари проблемот со податоците за надворешните емиграции. Повеќе индиции укажуваат дека и во ова подрачје во пораст се преселувањата во странство, особено на интелектуалната емиграција.

## Понуда на работна сила (евидентирани невработени лица)

Во Агенцијата за вработување на Република Македонија – Центар за вработување Штип кој ги опслужува Општините Штип и Карбинци, со состојба на 30.06.2008 година, евидентирани се 7.603 невработени лица или 2,2% од вкупно евидентираните невработени во Република Македонија. Според местото на живеење во градот живеат 88%, а во селските подрачја 12% од вкупно евидентираните во Центарот за вработување Штип.

Агенцијата за вработување на Р.М. подолго време спроведува интерна анкета меѓу невработените лица, со која тие се изјаснуваат дали активно бараат работа или се пријавуваат само заради остварување на правото во случај невработеност – здравствено осигурување. Врз основа на анкетата 889 лица или (11,7%) од вкупно евидентираните невработени лица во Центарот за вработување Штип, се изјасниле дека се пријавуваат само заради остварување на правото на здравствено осигурување, а останатите 6.714 лица или (88,3%) активно бараат работа.

Во однос на евидентираните невработени лица кои се изјасниле дека во Агенцијата за вработување се пријавуваат само заради остварување на правото на здравствено осигурување, треба да се има во предвид следното:

- податоците за овие лица се базираат на интерно спроведена анкета од страна на АВРМ;
- не постои законска основа овие невработени лица да се иземат од вкупниот број на евидентирани невработени лица;
- непречена можност овие невработени лица во било кој момент да го променат својот таканаречен статус од евидентирани невработени лица – кои во Агенцијата за вработување се пријавуваат само заради остварување на правото на здравствено осигурување, во евидентирани лица – актини баратели на работа.
- непречена можност истите да се вклучат во било која активна мерка за вработување, каде услов е невработеното лице да е евидентирано во АВРМ.

Во основа на горе споменатото, можеме да заклучиме дека бројот на лицата од оваа категорија на невработени лица, е од променлив карактер и многу лесно може да варира, односно да се зголемиува или намалува. Со огед на потребата колку е можно пореално да се индефикува понудата на работна сила, при тоа водејки сметка да не бидат оштетени невработените лица кои согласно законските прописи се евидентираат во АВРМ, промените во обемот, динамиката и структурните белези на невработените се анализираат за вкупно евидентираните невработени лица.

Имено и целта на Локалниот акционен план за вработување е креирање активни мерки и политики за зголемување на вработеноста на невработените лица на локално ниво, и преку отварање на нови работни места, нивно побрзо вклучување на пазарот на трудот како активни баратели на работа.

Бројот на евидентирани лица во микрорегионот Штип и Карбинци, со 30.06.2008 е помал во однос на истиот период во 2007 година за 15,8%. Притоа, намалувањето на невработеноста е двојно поголема во градските (16,7%) од тоа во руралните подрачја (9,0%). Независно од ваквите промени градската невработеност останува доминантна. Нејзиното учество во вкупната невработеност во двете посматрани години изнесува околу 88% или четири петини (Табела 3).

Табела 3
Структура на лицата кои бараат работа, град и село

| | Република Македонија | | | Општини Штип и Карбинци | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2006 | 2007 | 2008 | 2006 | 2007 | 2008 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | | **366809** | **348213** | | 9.033 | 7.603 |
| Град | | 246460 | 232305 | | 8.034 | 6.694 |
| Село | | 120349 | 115908 | | **999** | **909** |
| | Структура во % (Вкупно=100,0) | | | | | |
| Вкупно | | 100.0 | 100.0 | | 100.0 | 100.0 |
| Град | | 67,2 | 66,7 | | **88.94** | **88.04** |
| Село | | 32,8 | 33,3 | | **11.06** | **11.96** |

Извор: Агенција за вработување на Република Македонија.

Во однос на половата структура, во временскиот интервал Јуни 2007/2008 се забележува намалување на евидентираната невработеност и кај жените (17,5%) и кај мажите (15,0%). Ваквите промени условуваат натамошен пораст на уделот на невработените мажи кои во 2008 година достигнува речиси две третини или 66,5% (табела 4). Микрорегионот Штип и Карбинци е еден од ретките во земјата каде преовладува невработеноста на машката работна сила.

Во временскиот интервал 30.06.2007-30.06.2008 година забележително е скоро исто намалување речиси кај сите старосни групи освен кај оние над 50 години .И тоа се движи од 28,3% до 28,5% односно 3,4% на лицата постари од 50 години. Тоа услови промени во старосната структура на лицата кои бараат работа, кои се манифестираат во намалување на учеството на сите старосни групи во вкупно невработените (до 29 години 21,8%, 30-39 години 17,5%, 40-49 години 23,3%, $50^{+}$ години 37,4%), освен постарите од 50 години (Табела 5). Нивното учество во 2008 година достигнува безмалку две петтини од вкупно невработените. Тоа имплицира стареење на невработената работна сила и во значителна мера го отежнува решавањето на проблемот на невработеноста на подрачјето на општините Штип и Карбинци.

Табела 4
Структура на лицата кои бараат работа,
според пол

| | Република Македонија | | Општини Штип и Карбинци | |
|---|---|---|---|---|
| | 2007 | 2008 | 2007 | 2008 |
| Вкупно | **366.809** | **348.213** | 9.033 | 7.603 |
| мажи | 214.343 | 203.120 | 5.942 | 5.054 |
| жени | 152466 | 145093 | **3.091** | **2549** |
| | Структура во % (Вкупно=100,0) | | | |
| Вкупно | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 |
| мажи | 58,4 | 58,3 | **65.8** | **66.5** |
| жени | 41,6 | 41,7 | **34.2** | **33.5** |

Извор: Агенција за вработување на Република Македонија.

Табела 5
Структура на лицата кои бараат работа,
според старост

| | Република Македонија | | Општини Штип и Карбинци | |
|---|---|---|---|---|
| | 2007 | 2008 | 2007 | 2008 |
| Вкупно | **366.809** | **348.213** | 9.033 | 7.603 |
| До 29 год. | 110.002 | 97.747 | **2.319** | **1.657** |
| 30-39 | 92.304 | 85.476 | 1.633 | 1.332 |
| 40-49 | 81.540 | 78.596 | 2.166 | 1.769 |
| 50 + | 82.963 | 86.394 | 2.915 | 2.845 |
| | Структура во % (Вкупно=100,0) | | | |
| Вкупно | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 |
| До 29 год. | 30,0 | 28,1 | **25.7** | **21.8** |
| 30-39 | 25,2 | 24,5 | **18.1** | **17.5** |
| 40-49 | 22,2 | 22,6 | 23.9 | 23.3 |
| 50 + | 23,5 | 24,8 | **32.3** | **37.4** |

Извор: Агенција за вработување на Република Македонија

Во поглед на старосната структура на евидентираните невработени лица, поради релативно големата застапеност, посебно ги анализираме невработените до 29 години, со ниско образование постарите од 50 години и лица од машки пол. Имено, од вкупниот број на евидентирани невработени млади лица на возраст до 29 години се 1.657 лица или 21,8% . Од нив 33.3% се неквалификувани и полуквалификувани лица, 48,5% се со средно, а 17,8% со високо ниво на образование. Повеќе од 90% од невработените со ниско ниво на образование се без занимање, што преставува исклучително неповолна околност од аспект на нивно работно ангажирање. Кај лицата со средно и високо образование има невработени од различни профили, при што кај првите со кај првите со поголемо учество се издвојуваат гимназијалците (13,2%), а кај другите дипломираните економисти и правници (22%). Лица кои чекат вработување најмногу до 1 година се 20.41%.

Што се однесува на невработените лица постари од 50 години се 2845 лица или 37.4%. Повеќе од половина (70.2%) се неквалификувани и полуквалификувани лица, 21.5 % со средно образование, а со вишо 4.1% и високо образование 4.2%

Од евидентираните неквалификувани и полуквалификувани лица 51.5% се работници без занимање, а од оние со средно образование една третина се гимназијалци 25.5%. Од невработените постари од 50 години со завршено факултетско образование, пак, една третина се дипломирани економисти. За вработување најмногу чекаат над 8 години 26.0%.Од

вкупниот број на оваа категорија невработени лица со стаж од над 25 години се 62.81%.Над 8 години за вработување чекаат 21.17%, од кои без образование се 53.37%, со непотполно средно 17.15% и со средно образование 20.95%.

Табела 6
Структура на лицата кои бараат работа, според нивото на образование

| | Република Македонија | | | Општини Штип и Карбинци | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2006 | 2007 | 2008 | 2006 | 2007 | 2008 |
| Вкупно | | **366809** | **348213** | | 9.033 | 7.603 |
| Ниско | | 189.478 | 182.995 | | 4.469 | 3.917 |
| КВ и ВКВ | | 61.328 | 56.991 | | 1.196 | 967 |
| Средно | | 90.587 | 84.182 | | 2.411 | 1.937 |
| Вишо | | **6.329** | **5.806** | | **271** | **231** |
| Високо | | **19.087** | **18.239** | | **686** | **555** |
| | Структура во % (Вкупно=100,0) | | | | | |
| Вкупно | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 |
| Ниско | | 51.7 | 52.5 | | 49.5 | 51.5 |
| КВ и ВКВ | | 16.7 | 16.4 | | 13.2 | 12.7 |
| Средно | | 24.7 | 24.2 | | 26.7 | 25.5 |
| Вишо | | **1,7** | **1,7** | | **3,0** | **3,0** |
| Високо | | **5,2** | **5,2** | | **7.6** | **7.3** |

Извор: Агенција за вработување на Република Македонија

Од аспект на профилот на занимање, кај невработените лица со завршено средно стручно образование (1937 лица) покажува дека речиси една третина се гимназијалци (32,1%). Од другите со релативно високо учество се издвојуваат машинските и електро техничарите, потоа текстилните техничари (предачи, ткајачи, плетачи, облагородувачи на тектил), економските техничари, медицинските сестри и др.

Во микрорегионот Штип и Карбинци повеќе од 500 баратели се со завршен факултет. Ги има од сите профили, а најбројни се професорите по одделенска настава за македонски јазик и професорите за предучилишно воспитание (околу 100 лица), како и дипломираните економисти (91 лице) и дипломираните правници (55 лица).

Една од карактеристиките на невработеноста во микрорегионот Штип и Карбинци е долгорочната невработеност. Во 2008 во споредба со претходната година бројот на невработените се намалил кај сите групи според времето на чекање за вработување. Притоа, намалувањето е најголемо (35,7%) кај евидентираните невработени лица кои чекаат вработување помалку од една година. Тоа условило значително

намалување на нивното учество во вкупниот број на невработени лица (Табела 7). Истовремено се зголемува учеството на оние кои подолго бараат работа, при што тоа е мошне големо кај невработените подолго од 8 години (26,0%).

Половина од невработените подолго од 8 години се постари од 50 години. Што се однесува на образовното ниво повеќе од половина се без образование или со основно училиште, 38,2% со средно ниво на образование.

Табела 7

Структура на лицата кои бараат работа, според времето на чекање за вработување

| | Република Македонија | | | Центар за вработување (општини) Штип и Карбинци | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2006 | 2007 | 2008 | 2006 | 2007 | 2008 |
| Вкупно | | **366809** | **348213** | | 9.033 | 7.603 |
| До 11 мес. | | 72160 | 59916 | | **2.315** | **1.489** |
| 12 до 23 мес. | | 46871 | 49417 | | 1.202 | 1.184 |
| 2-4 год. | | 86313 | 83145 | | 1.610 | 1.535 |
| 5-7 год. | | 54728 | 48365 | | **1.634** | **1.413** |
| 8 год. + | | 106737 | 107370 | | **2.272** | **1.982** |
| | Структура во % (Вкупно=100,0) | | | | | |
| Вкупно | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 |
| До 11 мес. | | 19,7 | 17,2 | | **25.6** | **19.6** |
| 12 до 23 мес. | | 12,8 | 14,2 | | **13.3** | **15.6** |
| 2-4 год. | | 23,5 | 23,9 | | **17.8** | 20.2 |
| 5-7 год. | | 14,9 | 13,9 | | **18.1** | **18.6** |
| 8 год. + | | 29,1 | 30,8 | | **25.2** | **26.0** |

Извор: Агенција за вработување на Република Македонија

## Прилив на нова работна сила

Во последните три учебни години бројот на завршените средношколци во средните училишта во општина Штип (гимназијата „Славчо Стојменски”, медицинското училиште „Јане Сандански”, електромашинското училиште „Коле Нехтенин”, текстилното училиште „Димитар Мирасчиев”, државното средно музичко училиште „Сергеј Михајлов” и училиштето за лица со посебни потреби „Искра”) вкупно изнесува по околу 824 ученика годишно. Од нив жители на нашата општина се 83% или 684 матуранти. Притоа треба да се има предвид дека само 26% или 178 матуранти не го продолжуваат своето школување во повисок степен за образование и влегуваат на пазарот на трудот, односно се пријавуваат во Центарот за вработување.

Приливот на завршени, односно дипломирани студенти во 2006 година изнесува 161, а во 2007 година 199 лица. Сите овие лица се регистрираат во Центарот за вработување како активни баратели на работа. Може да се очекува приливот на оваа категорија на невработени континуирано да расте.

## Заклучоци и препораки

Анализата на побарувачката и понудата на работната сила во микрорегионот Штип и Карбинци упатува на повеќе релевантни **заклучоци и препораки** во однос на промените и постојните состојби на пазарот на трудот.

Најголем број на нови вработувања во наредните 12 месеци се очекуваат во малите и средните претпријатија, при што околу 97% ќе се реализираат во секторите: индустријата, градежништво, земјоделие и транспорт.

Овие констатации произлегуваат и од сознанијата за најчесто барани занимања во дадени сектори потвдуваат и податоците за работни места во Центарот за вработување Штип. Притоа, индикативен е фактот дека поголемиот број од нив не се однесуваат на испразнети работни места, туку на обновување на договорите на лицата кои се во работен однос на одредено време. „Сознанијата на Центарот за вработување, исто така, потврдуваат дека нема најави за поголем број на нови вработувања во поблиска иднина. Истовремено, со оглед на малиот удел на вработените постарите од 55 години, не може да се очекува поголем број на ослободени работни места по основ на пензионирање. Имајќи ги предвид сознанијата за краткорочната побарувачка за работна сила може да се заклучи дека таа нема да придонесе за позначително намалување на невработеноста" [3].

Освен обемот, како неповолна може да се оцени и структурата на побарувачката. Најбарани се работниците со средно образование, а побарувачката за работна сила со високо образование беше и останува мошне мала. Тоа го усложнува проблемот на вработувањето како на високообразованите кадри, што претставува загуба на човечки капитал, така и на оние со ниско ниво на образование.

И покрај големата понуда на работна сила во микрорегионот Штип и Карбинци евидентен е недостигот на текстилни работници со солидно образовно ниво, а релативно голема е и побрувачката за градежни работници, механичари за индустриски машини за шиење, работници за дрвната индустрија и др. Од високообразовани кадри како дефицитарни се издвојуваат: електро и машинските инженери, дипломираните градежни инженери (од сите насоки), архитектите, шумарските и графичките инженери, дипломираните професори по странски јазици (англиски и германски јазик) итн.

Во однос на понудата на работната сила може да се констатира дека иако се намаува бројот на невработените денес во микрорегионот Штип и Карбинци релативно голем број лица (6714) активно бараат работа. Во однос на структурните карактеристики на невработените значајно е да се истакне следното: доминантна е урбаната невработеност и невработеноста на мажите. Голема е невработеноста на младите и уделот на невработените се постари од 50 години (40%). Огромно е учеството на невработените со ниско ниво на образование (60%). Мошне голем е бројот (1500 лица) се невработени подолго од 8 години. Оттаму, структурата на понудата на работната сила може да се оцени како исклучително неповолна.

На пазарот на трудот на микрорегионот Штип и Карбинци евидентна е неусогласеноста на понудата и побарувачката како во однос на обемот, така и во поглед на структурните белези на работната сила. Таа особено се манифестира во однос на половата и квалификационата структура на работната сила, првенствено од аспект на профилот на занимањата и вештините на неангажираната работна сила. Мошне голем е бројот на активни баратели на работа со занимања кои не соодетствуваат со потребите на стопанството.

Во контекст на идните промени на пазарот на трудот значајно е да се имаат предвид и демографските карактеристики на микрорегионот. Општината Штип се карактеризира со пораст на населението помал од оној во земјата, а Карбинци со намалување на вкупното население. Повеќе од 90% од вкупното население во Штип е градско, а Карбинци е рурална општина. Во двете општини се одвива интензивен процес на стареење на населението. Тоа значи дека во иднина треба да се очекува помал прилив на нови генерации на пазарот на трудот. Истовремено, неповолна е постојната старосна структура на работоспособниот контингент, како демографска рамка од која се регрутира работната сила. Во однос на внатрешните миграции може да се констатира дека во меѓуопштинските преселувања општината Штип е миграционо подрачје, што дополнително ја зголемува понудата на работната сила. Во поглед на надворешните емиграции, пак, повеќе индиции укажуваат дека во пораст е емиграцијата во странство, вклучително и интелектуалната емиграција условена од малата побарувачка за високообразовани кадри.

## Препораки

За намалување на невработеноста неопходно е создавање на претпоставки за поттикнување на побарувачката на работна сила, односно отворање на нови работни места преку подобрување на бизнис климата. Во постојните услови како релативно мала може да се оцени вработеноста и побарувачката за работна сила во малите претпријатија. За таа цел неопходна е посебна поддршка на малите претпријатија, семејните

бизниси и самовработувањето, меѓудругото и со поттикнување на занаетчиството. Истовремено, поради релативно големиот број на активни, но нерегистрирани земјоделци треба да предвидат активности за поддршка на земјоделството. Во насока на зголемување на побарувачката за работна сила секако позитивно ќе влијае сузбивањето на нелојалната конкуренција, намалувањето на даночното оптоварување, како и трансформирањето на неформалното вработување во формално.

Со оглед на неусогласеноста на побарувачката и понудата на работната сила во однос на одделни профили на работници неопходни се активности за проширување на можностите за преквалификација и доквалификација на работната сила. Не помалку значајна е потребата од усогласување на образовните програми со потребите за работна сила, како и од професионална ориентација на учениците и студентите.

Неспорна е потреба од зајакнување на капацитетите на лицата коишто активно бараат работа преку дополнителни обуки, бидејќи покрај солидното образование од нив се бара да поседуваат одредени вештини и компетенции.

Во однос на целните групи на активни баратели на работа посебно би требало да се стимулира вработувањето на лицата со над 50 години, потоа лицата со ниско образование како и невработените мажи.

## АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

### Во контекст на локалниот економски развој

Локалниот економски развој во микрорегионот Штип и Карбинци се карактеризира со релативно голема застапеност на секторот индустрија кој работи профитабилно и апсорбира значителен дел од работната сила.

Во поглед на носечката економска активност општините Штип и Карбинци битно се разликуваат. Во општината Штип тоа е индустрискиот сектор во кој доминира текстилната конфекциска индустрија, а релативно голема е застапеноста и на кожарската, прехрамбената, дрвната и металната индустрија. Од другите сектори се издвојуваат транспортните услуги и трговијата на големо и мало.

Во општината Карбинци, доминантна е застапеноста на земјоделието во сите подсектори (пољоделство, лозаро-овоштарство, сточарство). Најголем дел од постојните производствени претпријатија се од прехрамбено-преработувачката индустрија.

Кога зборуваме за специфичностите на локалниот економски развој на микрорегионот Штип и Карбинци треба да се има предвид и планираната реализација на слободната економска зона и карго аеродромот.

Од вкупниот број на вработени лица во микрорегионот има лица кои се од други општини. Најголем дел од нив се ангажирани во текстилната индустрија (44,7%). Од другите сектори со поголем број на вработени се издвојуваат трговијата (10,8%), чевларската индустрија (7,2%), образованието (6,5%), здравството (6,2%), градежништвото (4,5%) и транспортот (3,7%). Со релативно поголемо учество во вкупно вработените се диференцираат и дрвната индустрија и земјоделството. Притоа, во општината Штип доминантна е вработеноста во секторот индустрија, а во општината Крбинци две третини од вработените отпаѓаат на секторот земјоделство. Во последните години најголем дел од новите вработувања се реализирани во текстилната и чевларската индустрија.

Структурата на деловните субјекти во Штип во однос на националната класификација на дејности по видови е претставена во следнава табела:

| Вкупно | Претпријатија | Трговски Друштва | Трговци Поединци | Останато |
|---|---|---|---|---|
| 4387 | 1736 | 1899 | 409 | 343 |

**Насока 1: Подобрување на бизнис опкружувањето во општините Штип и Карбинци.**

Во микрорегионот Штип и Карбинци констатирана е:

- недоволна разноврсност на индустриските гранки (доминантна е текстилната гранка) и
- недоволно развиени услужни дејности (неразвиено занаетчиство).

**Конкретна цел 1.1.: Поголема застапеност на други стопански гранки кои не се доволно застапени во нашиот микрорегион (на пр. прехранбената индустрија во делот на преработката на земјоделските производи);**

Отворањето на нови стопански капацитети кои не се застапени или се во минорен дел во нашите општини, ќе доведе до поголема искористеност на постојните ресурси како човечки (невработени лица) така и на суровините (земјоделски; минерални; полуфабрикати и др.). Со заживувањето на преработувачката индустрија би се вклучил поголем број на невработено машко население. Очекувани резултати: изградба на нови индустриски капацитети , во вкупна вредност од 10.000 м$^2$. Претпоставен ризик: глобална рецесија, зголемени камати, немалена парична акумулација.

**Активности за цел 1.1**

1.1.1: Отворање тренинг центар за професионална ориентација во чиј состав ќе функционира и советодавна канцеларија

Околу 1.000 (по 500 годишно ) невработени лица би ги користеле советодавните услуги на канцеларијата во делот на консултантски услуги (логистика) како и каде се регистрираат фирмите, услови за регистрација, достапни грантови, поволни кредитни линии и моментални стимулации и бенефиции што ги дава Р.М. за периодот 2009/10 година. Од 35% до 50% на корисниците да отворат/регистрираат нови фирми би се вработиле најмалку 1.000 нови лица. Претпоставен ризик: отсутство на донатори, немање парични средства за отворање на тренинг центарот за професионална ориентација.

**Конкрентна цел 1.2: Развој на занаетчиските и услужните дејности**

Со отворање на повеќе мали/ средни занаетчиски погони како и зголемување на услужните дејности, би се подобрила подршката на постојните преработувачки капацитеи, а со тоа и ослободување од лон производството. Воедно во новоотворените занаетчиски и услужни дејности значителен дел од квалфикуваното невработено население би се самовработило. Очекувани резултати: изградба на нови занаетчиско-услужни капацитети (2.000 $м^{2)}$. Претпоставен ризик: глобална рецесија, зголемени камати, немалена парична акумулација, отсутство на донатори.

**Актвности за цел 1.2:**

1.2.1: Отворање тренинг центар за професионална ориентација во чиј состав ќе функционира и советодавна канцеларија.

Инфо точката ќе служи како сервис на 100 невработени лица кои сакаат да се занимаваат со занаетчиство и услужни дејности, со давање на бесплатни информации и совети за регистирање на дејноста и добивање лиценца за работа. Воедно преку разни флаери и брошури би се запознале со одредени поволности во вид на достапни грантови за нивната дејност. Отворање на десетина занаетчиски и услужни фирми. Претпоставен ризик: отсутство на донатори, немање парични средства за отворање на тренинг центарот за професионална ориентација.

1.2.2: Иницијатива за ослободување од комунална такса за истакната фирма (односно назив на деловните простории на физички и правни лица кои вршат дејност) во првата година на работа за новоотворени занаетчиски дејности ако вработат најмалку двајца вработени.

Ослободување на комунална такса за истакната фирма во првата година за новоотворени занаетчиски дејности. Со овие бенефиции би се ревитализирале занаетчиството и 100 квалификувани невработени лица би можеле да најдат егзистенција. Претпоставен ризик: несигурност во инвестирање, мала заинтересираност.

## Во контекст на локалните политики за вработување

Бројот на невработени лица во 2008 година евидентиран во Центарот за вработување Штип е 7.603 од кој активно бараат работа 6.714 лица. По структура на невработеност имаме голем дисбаланс, посебно по пол (67% мажи наспроти 33% жени) и степен на образование (без образование и ниско-64%, средно-26%, вишо и високо-10%). Моменталната побарувачка на работна сила е поголема во текстилната индустрија, односно квалификувана женска работна сила, како и дефицитарни занимања (електро-инжинери, технолози, преведувачи посебно од германски и англиски јазик и др.) и занаети (зидари, тесари, плочкари, електричари). Иако имаме развиен образовен среношколски (текстилно, електр-машинско, медицинско, музичко, гимназија и специјализирано училиште за лица со хендикеп) и универзитетски систем, како и Работнички универзитет, недостасува тренинг центар. Постои државна Агенција за вработување и една приватна агенција за привремени вработувања „Партнер". За намалување на невработеноста, детектиравме три насоки кои кореспондираат со Националната стратегија до 2010 год., и тоа: Сузбивање на сивата економија (дел 2.4 од НСВ); Ранливи гупи (дел 2.6 од НСВ); и Усогласување на понудата со побарувачката на работна сила (дел 2.7 од НСВ).

**Насока 2: Сузбивање (намалување) на сивата економија.**

Како посебен приоритет кој се провлекува со години е сузбивање на сивата економија во делот на неформалното работење. Сивата слика во двете општини се движи 11%-17% во делот на непријавена работна сила каде работат околу 1.400 нерегистрирани земјоделци. Оваа насока е контунуирана и долгорочна и е заедничка со државните институции и локалните самоуправи.

**Конкретна цел 2.1.: Трансформирање на вработувањето од неформалното во формално.**

Треба да се охрабрат лицата кои се занимаваат со земјоделие и занаетчиско-услужни дејности да се регистрираат како правни субјекти. На тој начин ќе се трансформира неформалното во формално вработување и ќе се намали сивата економија (ќе се затвори еден од главните вентили за нејзино продуцирање), а со тоа ќе се намали и невработеноста (долгорочна проекција).

**Активности за цел 2.1:**

2.1.1- Промовирање на постојните проекти во АВРМ за формализирање на веќе постојните бизниси;

Со поголема заедничка промоција на старт ап бизнисите (Центарот за вработување; тренинг ценарот) преку разни брошури, консултации, медиумски кампањи, би се поттикнало населението да го формализира постоечкиот и да започне нов бизнис. Стотина невработени лица ќе поминат во категоријата вработени лица. Претоставен ризик: мал број на заинтерисирани лица за користење на старт ап програмата.

2.1.2 - Организирање на обуки за претприемништво;

Преку тренинг ценарот за професионална ориентација, би се обучиле најмалку 40 лица годишно во делот на претпримиштвото, а со тоа би се охрабриле за започнување, односно формализирале на своето неформално занимање. Со оваа активност би се намалил бројот на невработени за најмалку 100 лица. Особено активноста ќе се насочи кон отворање на нови фамилијарни бизниси и микро фирми. Претпоставен ризик: мал број на заинтерисирани лица за користење на старт ап програмата.

**Насока 3: Намалување на невработеноста на ранливите групи.**

Ранливи групи во општините Штип и Карбинци се: машката популација (66,5%), лицата со ниско или без образование (64%), како и лицата над 50 годишна возраст (37%). Оваа насока е во корелација со дел 2.6 од Националната стратегија за вработување 2010 година. Очекувани резултати: Намалување на процентот на невработени мажи; Намалување на процентот на невработените лица со ниско или без образование;Намалување на невработените лица постари од 50 години.

**Конкретна цел 3.1: Намалување на невработени лица од машки пол.**

**Преку обуки, преквалификации и доквалификации околу 1.000 невработени мажи би се здобиле со нови знаења (доживотно учење), работно би се оспособиле и би се стекнале со основни знаења за претприемиштво. Обуките, преквалификациите и доквалификациите ќе се изведуваат во тренинг центарот за професионална ориентација и други образовни институции. Најмалку за исто толку лица (1.000) би се намалила невработеноста кај машката работна сила. Ризик: намалена побарувачка на машка работна сила;**

**Активности за цел 3.1:**

3.1.1: Креирање обуки за отпочнување на сопствен бизнис со цел стекнување на нови знаења и вештини;(Од областа на претприемништвото за да се поттикнат невработените лица да започнат сопствен бизнис-доживотно учење).

Во периодот 2009/10 година 150 машки лица би се здобиле со вештини од областа на преприемништвото преку тренинг центарот за

професионална ориентација, а во соработка со ЦВ Штип и други образовни институции, околу 800 машки лица би се преквалификувале и доквалификувале за потребите на стопанството во општините Штип и Карбинци. Ризик: отсуство на донатори, немање парични средства за отворање на тренинг центар за професионална ориентација.

3.1.2: Промовирање на индивидуалец земјоделец, занаетчиско-услужни дејности, работи кои се услужни сервиси во домот како чување на деца, чистење во домовите, средување на градини и др.

Преку разни брошури, медиумски кампањи, совети, консултации би се охрабриле невработените лица да отпочнат свој бизнис. Улогата за промоција би ја имал тренинг центарот за професионална ориентација во соработка со Центарот за вработување за подобро таргетирање на целната група. Стотина лица би започнале свој бизнис во земјоделието, занаетчиството и услужните дејности. Претпоставен ризик: немање на доволно стимулативни мерки –грантови, повластици;

3.1.3: Обуки за непознат работодавец обуки и курсеви кои се соодветни на нивните психо-физички способности и образовно ниво (основно, средно, заварувачи, ѕидари, плочкари, молери, водоводџи и механичари);

Со претходна анализа на пазарот на трудот би се добила слика кои профили на работна сила се барани или ќе се бараат во зависност од развојот на стопанството. Заедничка соработка, Центарот за вработување, НВО, Кластерите за текстил и кожа, тренинг центарот за професионална ориентација, постоечките образовни училишта и центри. Обучени 50 лица и вработени. Претпоставен ризик: мала заработувачка, неатрактивни занимања;

**Конкретна цел 3.2: Намалување на бројот на невработени лица кои се со повисока старосна граница над 50 год.**

Со интензивна поддршка и потемелен пристап во делот на мотивацијата за преквалификација (доживотно учење) на лицата постари од 50 години, околу стотина невработени лица повторно би се вработиле или самовработиле. Ризик: незаинтересираност за таква работна рака;

**Активности за цел 3.2**

3.2.1: Креирање обуки за отпочнување на сопствен бизнис со цел стекнување на нови знаења и вештини (Од областа на претприемништвото за да се поттикнат невработените лица да започнат сопствен бизнис-доживотно учење).

Во склоп на тренинг центарот за професионална ориентација и во соработка со ЦВ Штип (за подобро таргетирање на целната група) и други

образовни институции, би се мотивирале 150 лица постари од 50 години за повторно вработување и самовработување. Околу стотина лица повторно би се вработиле или самовработиле; Ризик: отсутство на донатори, немање парични средства за отворање на тренинг центар за професионална ориентација.

3.2.2: Промовирање на индивидуалец земјоделец, занаетчиско-услужни дејности, работи кои се услужни сервиси во домот како чување на деца, чистење во домовите, средување на градини и др.

Преку разни брошури, медиумски кампањи, совети, консултации би се охрабриле долго невработените лица да отпочнат свој бизнис. Улогата за промоција би ја имал тренинг ценарот за професионална ориентација во соработка со Центарот за вработување (за подобро таргетирање на целната група) и Л.С. Стотина лица би започнале свој бизнис во делот на земјоделие, исто толку би започнале свој бизнис како занаетчии и во услужните дејности (работа во домашни услови); Претпоставен ризик: немање на доволно стимулативни мерки –грантови, повластици;

**Конкретна цел 3.3: Вработување на лица со низок степен на образование.**

Во структурата на невработените според образованието учеството на лицата со ниско ниво на образование е мошне високо (64%). Ризик: потреба од квалификувани кадри.

**Активности за цел 3.3:**

3.3.1: Креирање обуки за отпочнување на сопствен бизнис со цел стекнување на нови знаења и вештини

Користење на дел од услугите што ги дава тренинг ценарот за професионална ориентација, бесплатна советодавна услуга за отпочнување на сопствен бизнис, избор на обуки во соработка со ЦВ Штип и други образовни институции. Одреден број лица би се охрабиле и би стекнале обука за некој занает за полесно вработување во постоечките фирми, или да отпочнат сопствен бизнис, занаетчиски дуќан или како земјоделец-поединец , со користење на старт ап бизнис линии. Претпоставен ризик: отсутство на донатори, немање парични средства за отворање на тренинг центарот за професионална ориентација;

3.3.2: Промовирање на индивидуалец земјоделец, занаетчиско-услужни дејности, работи кои се услужни сервиси во домот како чување на деца, чистење во домовите, средување на градини и др..

Преку разни брошури, медиумски кампањи, совети, консултации би се охрабриле невработените лица со низок степен на образование да отпочнат со јавни услужни работи. Улогата за промоција би ја имал

тренинг ценарот за професионална ориентација во соработка со Центарот за вработување и Л.С. Стотина лица би започнале свој бизнис во земјоделието доколку имаат основно познавање, исто толку би започнале свој бизнис како занаетчии и во услужните дејности (работа во домашни услови); Претпоставен Ризик: отсутство на донатори, немање парични средства за отворање на тренинг центарот за професионална ориентација;

3.3.3: Обуки за непознат работодавец обуки и курсеви кои се соодветни на нивните психо-физички способности и образовно ниво (основно, средно, заварувачи, ѕидари, плочкари, молери, водоводџи и механичари);

Со претходна анализа на пазарот на трудот би се добила слика кои профили се барани или ќе се бараат во зависност од развојот на стопанството. Заедничка соработка, тренинг центарот за Професионална ориентација, Центарот за вработување, постоечките образовни училишта и центри. Обучени 50 лица и вработени. Претпоставен ризик: немање на доволно стимулативни мерки –грантови, повластици;

3.3.4*:* Промоција на можноста за обуки и организирање на обуки за непознат работодавец, обуки и курсеви кои соодетствуваат со традиционалниот начин на живеење и образовно ниво со одредена група на население (турско население).

Спроведување на посебна кампања на невработеното, пред сè, рурално население, за можностите на нивно обучување во склад со нивното традиционалан начин на живеење и образовно ниво. Реализација преку разни брошури, медиумски кампањи, собири и др. за можноста за нивна обука. Обука на 50 лица. Ризик: стереотипноста наспроти реалноста.

**Насока 4: Усогласување на понудата со побарувачката на работна сила.**

Анализата на побарувачката за работна сила во општините Штип и Карбинци во последните години покажува дека таа има тренд на намалување. Во 2008 година таа е помала за една четвртина во споредба со 2006 и 2007 година. Ваквата побарувачка на може да придонесе за намалување на невработеноста. Најголема е побарувачката за работници со средно стручно образование. Побарувачката за работна сила со високо образование беше и останува мошне мала. Покрај солидното образование од новите работници се бара и поголемо познавање на практичната работа, комуникациски вештини, работа на компјутер, познавање на странски јазик . Дефицитарни профили на работници се дипломирани градежни инженери (од сите насоки), електро и машински инженери, шумарски и графички инженери, архитекти, дипломирани професори по странски јазици (англиски и германски јазик)

**Конкретна цел 4.1: Продуцирање на образовни профили, кои се барани и атрактивни на пазарот на трудот .**

Во микрорегионот дефицитарни профили на работници се дипломирани градежни инженери (од сите насоки), електро и машински инженери, шумарски и графички инженери, архитекти, дипломирани професори по странски јазици (англиски и германски јазик). Исто така, е забележан недостигот на квалитетни текстилни работници. Покрај солидното образование од новите работници се бара и поголемо познавање на практичната работа, комуникациски вештини, работа на компјутер, познавање на стручни странски јазици итн.

**Активности за цел 4.1:**

4.1.1: Да се влијае (преку иницијативи во планирањето на кадри) во сферата на образовните програми според потребите на стопанството (да се покренуваат иницијативи до„Биро за развој на образование" и МОН);

Во зависност од потребните образовни профили за задоволување на пазарот на трудот во микрорегионот Штип и Карбинци, ќе се креираат образовни програми во постојните средни стручни училишта. Заедничка соработка помеѓу: Здружението на работодавачи, Стопанска комора на РМ, Центарот за вработување Штип, средните училишта, Бирото за развој на образованието, Л.С. и МОН. Со оваа активност би се намалил бројот на непотребни профили од работна сила, а со тоа и потребата за нивна преквалификација. Ризик: неприфаќање на иницијативата, немање слух за потребите на стопанството;

4.1.2: Да се влијае во креирањето на уписната политика во средното образование (критериуми при упис);

Со воспоставување на одредени релевантни критериуми во уписната политика во постојните средни училишта, би се спречило несразмерното запишување на ученици во средните училишта, а од друга страна би ги задоволиле потребите на постојната и идна економија како и изучување на иновативни предмети кои ќе ја подобрат економската клима во микрорегионот во однос на конкурентна и иновативна работна рака. Ризик: немање на уписен критериум;

4.1.3: Иницијатива за зголемување на бројот на часови од практична настава во стручните училишта (мотивирање на компаниите да овозможат реализација на практична настава);

Со зголемување на практичната настава би се добил високо обучен кадар со работно искуство, кој би можел да ги задоволи потребите на пазарот на трудот и веднаш би се вклучил во работниот процес. Заедничка соработка помеѓу бизнис секторот и средните училишта, за задоволување

на нивните потреби од нови работници. Ризик: незаинтересираност на БС. за обавување на практична настава кај нив;

4.1.4: Иницијатива за зголемување на бројот на паралелки во стручните училишта за дефицитарни занимања на пазарот на труд; (*долгорочна активност);

Со зголемување на паралелките кои продуцираат барани (дефицитарни) образовни профили на пазарот на трудот, завршените ученици кои не го продолжуваат своето школување веднаш би се вклучиле во работниот процес или би отпочнале свој бизнис. Ризик: вишок на наставен кадар;

4.1.5: Спроведување на кампањи за значењето на дефицитарните профили и мотивирање на интересот за истите.

Спроведување на посеопфатна кампања за значењето од изучување на дефицитарни занимања, заради побрзо интегрирање во работниот процес. Реализацијата на кампањата би било во форма на посета на средните училишта, средби со родителите, брошури, медиумски презентации и др. Ризик: неатрактивност, немање на стимуланси, мала заработувачка.

**Конкретна цел 4.2: Мобилност на работна сила.**

Внатрешните миграции во микрорегионот се одликуваат со меѓуопштински преселувања. Општината Штип е миграционо подрачје за жителите од другите општини од Источниот регион, а кај општина Карбинци поголем е бројот на иселените во други општини. Ризик: стимулативните мерки изостануваат, односно се мали.

**Активности за цел 4.2:**

4.2.1: Спроведување на кампањи за подигање на свеста на населението за прифаќање вработување во друго место од местото на живеење.

Поцелосно запознавање на невработеното население за можните бенефиции за работа во друго место на живеење, веднаш вработени, поголеми плати, можности за градење на кариера и др. Реализација преку организирање на презентации, како во кругот на Центарот за вработување, тренинг центарот и училиштата, за мотивација за пријавување на тие огласи. Стотина суфицитарни кадри би нашле своја егзистенција во друга средина на живеење. Ризик: неатрактивност, немање на стимуланси, мала заработувачка.

Во врска со невработената ромска популација не е предвидена ниту една активност која се однесува исклучиво на неа. Координативното тело сметаше дека со одредување на една активност, оваа популација ќе се ограничи само на одредената активност, додека на овој начин ромската

популација се интегрира во сите предвидени активности на Локалниот акционен план за вработување.

## План за имплементација

### Главни засегнати страни и партнери за имплементација

Главни засегнати страни за оваа програма од владиниот сектор се: Општините Штип и Карбинци, Центарот за вработување, Универзитетот „Гоце Делчев“, основните и средните училишта од микрорегионот, граѓанскиот сектор (невладините организации Светла визија, Ехо, Младински клуб, Здруженија за правата на Ромите) и синдикалните организации.

Локалниот акционен план за вработување на микрорегионот Штип и Карбинци е изработен во рамките на проектот КАРДС - Политика за вработување III, како еден од петте пилот планови. За изработка на ЛАПВ формирано е координативно тело.

### Мониторинг и евалуација на акциониот план

Целокупниот процес на имплементација ќе го надгледува, оценува и дава годишен извештај Мониторинг тимот , кој е формиран од членови од координативното тело во состав:

1. Весна Стаменова - претставник од Општина Штип
2. Адријана Велинова- претставник од Општина Крабинци
3. Валентина Дрмова- претставник од АВРМ-ЦВ Штип
4. Горан Даскалов- претставник од Здружение на работодавачи- Кластер на текстил
5. Трајче Чефутов- претставник од НВО ЗГБР „Светла визија”

Евалуацијата за секоја поединечна активност ќе ја вршат одговорните страни за имплементација, и ќе даваат извештаи до моноторинг тимот и тоа годишни и завршни во зависност од времетраењето на имплементацијата.

### Главни претпоставки и ризици за имплементација на Акциониот план

Главни ризици за успешно имплементирање на Акциониот план е немањето на доволно финансиски средства, глобалната рецесија, скапи кредитни линии, неликвидно стопанство, намалување/укинување на некои активни мерки за вработување, неприлагодени образовни програми спрема потребите на стопанството, неотворање на тренинг центар за професионална ориентација. Воедно како основен ризик се појавува некоординираноста помеѓу централната и локалната власт за потребите на стопанството во микрорегионот Штип и Карбинци. За надминување на

претпоставените ризици потребно е поинтензивен заеднички настап на сите инволвирани страни во ЛАПВ.

**Повеќегодишен финансиски план**

За целосно имплементирање на Акциониот план потребно е да се обезбедат неопходни финансиски средства и тоа од:

- Буџетот на РМ и од Министерството за труд и социјална политика, Министерство за образование и наука;
- Буџетот на општините
- средстава од меѓународни проекти во РМ и странски донации;
- Прокети и програми на Европската унија – развој на човечки ресурси од ИПА финансискиот инструмент.

Буџетот е изготвен како проекција од однапред добиени податоци Анализа на пазарот на трудот. Воедно целокупната Буџетска рамка соодејствува со утврдените проритети, цели и активности, како и со можностите на човечки и материјални ресурси. Апроксимацијата е неправена по ISO (9001:200:14001; 22000) и HACCAP стандарди за отворање на нови работни места, земена средна вредност, за индустриски капацитети за едно работно место потребно 10 м$^2$ работен простор, за занаетчиство 20 м$^2$ работен простор. Обуките, дообуките и преквалификациите се во стандарден просек за Р.Македонија кои се далеку од меѓународните стандарди, и се движат од 12.000 МКД до 30.000 МКД.

Вкупните средства потребни за реализација на активностите се 7.920.000 МКД и се учество на Локалните самоуправи на општините Штип и Карбинци, кои учествуваат индиректно со намалување на дел од приходите за комунални такси (истакната фирма) во вкупна вредност од 120.000 МКД. Министерството за труд и социјала учествува преку активните Програми за вработување за 2009/10 година. За останатите активности се потребни 7.800.000 МДК кои ќе се бараат од донатори.

Предвидениот Буџет за имплементација на ЛАПВ за Штип и Карбинци, е за период од две години (2009-2010 година), а приливот на средства е предвиден да биде идентичен за секоја година, односно ½ од предвидените средства.

**НЕКСИ**

## Прилози - Табели

Прилог 1

Градско и селско население, општини Штип и Карбинци

| | Попис 1994 | | | Попис 2002 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Градско | Останато | Вкупно | Градско | Останато |
| Р. Македонија | 1945932 | | | 2022547 | 56.7 | 43.3 |
| | | | | | | |
| Штип | 46372 | 90.0 | 10.0 | 47796 | 91.3 | 8.7 |
| Карбинци | 4342 | | 100.0 | 4012 | | 100.0 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија

Прилог 2
Основни старосно-полови функционални контингенти во
вкупното население, состојба 2007 година, општините Штип и Карбинци

| | Вкупно | Деца на училиШна возраст (0 - 14) | Работоспо-собно население (15-64 мажи и 15-59 жени) | Женско фертилно население (15-49 години) | Стари 65 и повеЌе години | Стари 80 и повеЌе години |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Р. Македонија | | | | | | |
| Број | 2045177 | 377487 | 1387026 | 528847 | 232688 | 34294 |
| Структура во% (вкупно=100,0) | | 18,5 | 67,8 | 25,9 | 11,4 | 1,7 |
| | | | | | | |
| штип | | | | | | |
| Број | 48227 | 7712 | 33877 | 12677 | 5382 | 582 |
| Структура во% (вкупно=100,0) | | 16,0 | 70,2 | 26,3 | 11,2 | 1,2 |
| Карбинци | | | | | | |
| Број | 4109 | 823 | 2544 | 970 | 659 | 99 |
| Структура во% (вкупно=100,0) | | 20,0 | 61,9 | 23,6 | 16,0 | 2,4 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија

Прилог 3
Образовно ниво на населението старо 15 и повеќе години, општини Штип
и Карбинци

| Регион Општина | Вкупно население старо 15 и повеќе години | | Ниско ниво на образование | | Средно ниво на образование | | Високо ниво на образование | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1994 | 2002 | 1994 | 2002 | 1994 | 2002 | 1994 | 2002 |
| Р.Македонија | 1454082 | 1596267 | 58.4 | 53.2 | 32.3 | 36.9 | 8.7 | 10.0 |
| | | | | | | | | |
| Штип | 35722 | 39196 | 48.7 | 39.9 | 38.2 | 46.1 | 12.7 | 13.9 |
| Карбинци | 3311 | 3125 | 81.9 | 78.1 | 15.7 | 20.4 | 1.6 | 1.5 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија

Прилог 4
Доселено и отселено население (внатрешни миграции),
општинини Штип и Карбинци

| | Вкупно доселени граѓани | | | | Доселени од друго место во иста општина | | | | Доселени од друга општина | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 |
| Р. Македонија | 11625 | 12038 | 11935 | 11285 | 5603 | 5873 | 5578 | 2017 | 5455 | 5622 | 5833 | 8723 |
| Штип | 189 | 177 | 234 | 193 | 24 | 30 | 35 | 31 | 165 | 147 | 199 | 157 |
| Карбинци | 21 | 32 | 26 | 29 | 5 | 4 | 5 | 6 | 16 | 28 | 21 | 23 |
| | | | | | | | | | | | | |
| | Вкупно отселени граѓани | | | | Отселени од друго место во иста општина | | | | Отселени од друга општина | | | |
| | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 |
| Р. Македонија | 11170 | 12151 | 12693 | 11813 | 5603 | 5873 | 5578 | 2017 | 5455 | 5622 | 5833 | 8723 |
| Штип | 155 | 165 | 181 | 166 | 24 | 30 | 35 | 31 | 131 | 135 | 146 | 135 |
| Карбинци | 36 | 32 | 45 | 39 | 5 | 4 | 5 | 6 | 31 | 28 | 40 | 33 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија

Прилог 5
Доселено и отселено население
(надворешни миграции), општини Штип и Карбинци

| | Вкупно доселени граѓани | | | | Доселени од друга држава | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 |
| Р. Македонија | 11625 | 12038 | 11935 | 11285 | 567 | 543 | 524 | 545 |
| Штип | 189 | 177 | 234 | 193 | 7 | 6 | 6 | 5 |
| Карбинци | 21 | 32 | 26 | 29 | 0 | 0 | 0 | - |
| | Вкупно отселени граѓани | | | | Отселени од друга држава | | | |
| | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 |
| Р. Македонија | 11170 | 12151 | 12693 | 11813 | 112 | 656 | 1282 | 1073 |
| Штип | 155 | 165 | 181 | 166 | 2 | 13 | 0 | - |
| Карбинци | 36 | 32 | 45 | 39 | 0 | 0 | 0 | - |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија

Прилог 6
Стапката на вработеност и стапката на невработеност во општините Штип и Карбинци,
Попис 2002 година

| Општина | Вкупно | Економски активни, 2002 | | | Стапка на невработеност 2002 | Стапка на вработеност 2002 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Cé | Вработени | Невработени | | |
| Р.Македонија | 1577001 | 743676 | 460544 | 283132 | 38,1 | 34,5 |
| Штип | 39109 | 20068 | 13669 | 6399 | 31,9 | 41,2 |
| Карбинци | 3122 | 1331 | 706 | 625 | 47,0 | 29,8 |

# Матрици на Логички рамковен пристап за секоја насока

| | Опис | Индикатори | Извори за верификација | Претпоставки / ризици |
|---|---|---|---|---|
| Насока 1<br>Подобрување на бизнис опкружувањето во општините Штип и Карбинци. | 1.Разновидност на други индустриски гранки, ревитализација на занаетчиството и услужните дејности. | 1. Отворени нови индустриски, занаетчиски, услужни капацитети кои се помалку застапени. | ПИОМ<br>АВРМ<br>Мониторинг тим | |
| Конкретни цели<br>1.1. Да се зголеми застапеноста на други стопански гранки<br><br>1.2. Развој на занаетчиските дејности | 1.1 Зајакнување на стопанството со други стопански гранки;<br><br>1.2 Сервисна подршка на постоечките стопански капацитети. | 1.1. Отворени десетина индустриски капацитети;<br><br>1.2. Отворени десетина занаетчиски фирми. | Л.С.<br>ПИОМ<br>АВРМ<br>Мониторинг тим<br>НВО<br>анкети<br>извештаи | 1.1/1.2 глобалната рецесија би ги намалило инвестициите. |
| Активности<br>1.1.1/1.2.1: Отворање на тренинг центар за професио-нална ориентација во чиј состав ќе функционира и советодавна канцеларија (ТЦПО);<br><br>1.2.2: Иницијатива за ослободување од комунална такса за истакната фирма (односно назив на деловните простории на физички и правни лица кои вршат дејност) во првата година на работа за новоотворени занаетчиски дејности ако вработат најмалку двајца вработени | 1.1.1/1.2.1. Овозможување на едно место да се едуцира, обучи и советува. (помош за самовработување);<br><br>1.2.2. Стимулативна мерка за ревитализација на занаетчиско-услужните дејности. | 1.1.1/1.2.1 Обслужени 300+400+ 250 курсисти/ консултации/ преквалификации;<br><br>1.2.2 Ослободени десетина занаетчиски фирми. | Л.С.<br>ПИОМ<br>АВРМ<br>Мониторинг тим<br>НВО<br>анкети<br>извештаи | 1.1.1/1.2.1 Не добивање на грант за отворање на тренинг центар за професио-нална ориентација;<br><br>1.2.2 Незаинтереси-раност за отворање на нови фирми |
| Насока 2<br>Сузбивање (намалување) на сивата економија. | 2.Нелојална конкуренција / работа на црно. | 2.Налување за 10% на сивата економија. | АВРМ<br>ПИОМ<br>Мониторинг тим | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Конкретни цели 2.1. Да се трансформира неформалното во формално вработување. | 2.1 Според неофицијалната статистика има од 11%-17% неформал-но работење. | 2.1 Форма-лизирање на 10% од не-формалниот бизнис. | АВРМ ПИОМ Мониторинг тим | 2.1. Мал број на заинтересирани лица . |
| Активности<br>2.1.1 Промовирање на постојните проекти во АВРМ за формализирање на веќе постојните бизниси;<br><br>2.1.2: Обуки за претприемништво | 2.1.1 Подобро запознавање со активните мерки за вработување;<br><br>2.1.2 Менаџирање на сопстве-ниот бизнис, во услови на формално сто-панисување. | 2.1.1 Зголемен интерес за користење на активните мерки за вработување 20% (**300/150** лица);<br><br>2.1.2 Подготовка, обука на корисниците на активните мерки за вработување (**40** лица). | АВРМ ПИОМ Мониторинг тим | 2.1.1 Намалување на активните програми за вработување на ниво Р. М.;<br><br>2.1.1/2.1.2 Мал број на заинтереси-рани лица за користе-ње на ак-тивните мерки за вработување |
| Насока 3 Намалување на невработеноста на ранливите групи. | 3. Неуедначеност на понудата со побарувачката | 3. Избалансирана понуда на работна сила | АВРМ, ПИОМ НВО, Мониторинг тим | |
| Конкретни цели<br>3.1. Да се намали бројот на невработени лица од машки пол.<br>3.2. Да се намали бројот на невработени лица кои се со повисока старосна граница над 50 год.<br>3.3. Вработување на лица со низок степен на образование. | 3.1. 67% невработени лица се од машки пол;<br><br>3.2. Невработени лица над 50 години се 37%;<br><br>3.3. 64% од лицата се со низок степен на образование | 3.1 Балансирање на невработено машко и женско население;<br><br>3.2. Намален процент на невработени лица над 50 години;<br><br>3.3.Преполовен број на невработени лица со низок степен на образование. | АВРМ, ПИОМ НВО, Мониторинг тим | 3.1. Намалена побарувачка на машка работна сила;<br><br>3.2.Незаинтере-сираност за таква работна рака;<br><br>3.3. Потреба од квалификувани кадри. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Активности<br>3.1.1/3.2.1/3.3.1 Креирање обуки за отпочнување на сопствен бизнис со цел стекнување на нови знаења и вештини;(Од областа на претприемништвото-доживотно учење) | 3.1.1/3.2.1/3.3.1 Менаџирање на сопствениот бизнис; | 3.1.1/3.2.1 Обучени **200** лица преку тренинг центарот за професионална ориентација (ТЦПО); | | 3.1.1/3.2.1/ 3.3.1 Мала заинтересира-ност за ваква обука – неинвентивност; |
| 3.1.2/3.2.2/3.3.2 Промовирање на индивидуалец земјоделец, занаетчиско/услужни дејности, работи кои се услужни сервиси во домот како чување на деца, чистење во домовите, средување на градини и др. | 3.1.2/3.2.2/3.3.2 . Поинтензивен начин за запознавање на невработените лица за други начини за само вработување; | 3.1.2/3.2.2/3.3.2 Регистрирани 100 земјоделци, 50 занаетчиско-услужни фирми; | АВРМ, ПИОМ НВО, Мониторинг тим<br>Анкети<br>Извештаи | 3.1.2/3.2.2/3.3.2 Немање на доволно стимулативни мерки –грантови, повластици; |
| 3.1.3/3.3.3-Обуки за непознат работодавец, обуки и курсеви кои соодејствуваат на нивните психо-физички особини и образовно ниво (основно, средно, високо, заварвувачи, ѕидари, плочкари, молери и други занаети); | 3.1.3/3.3.3 Организирање на обуки и курсеви според предходно направена анализа на пазарот на труд; | 3.1.3/3.3.3 Обучени 100 лица, со заедничка соработка на АВРМ-ЦВ-Штип, ТЦПО, ОСУ, РУ „Ванчо Прке” ; | | 3.1.3/3.3.3 Мала заработувачка, неатрактивни занимања; |
| 3.3.4. Промоција на можноста за обуки и организирање на обуки за непознат работодавец, обуки и курсеви кои соодејствуваат со традиционалниот начин на живеење и образовно ниво со одредена група на население (Турско население) | 3.3.4 Традиционален начин на производство како одлика/ бренд на едно подрачје. | 3.3.4 Обучени 50 лица, со заедничка соработка на АВРМ-ЦВ-Штип, ТЦПО, ОСУ, РУ „Ванчо Прке”. | АВРМ, ПИОМ НВО, мониторинг тим,<br>анкети,<br>извештаи | 3.3.4 Стереотип-носта наспроти реалноста. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Насока 4<br>Усогласување на понудата со побарувачката на работна сила | 4. Неусогласеност на понудата со побарувачката на пазарот на труд. | 4. Структурата на невработените да ги задоволи потребите на пазарот на труд. | АВРМ<br>Л.С.<br>ОСУ<br>Мониторинг тим | |
| Конкретни цели<br>4.1. Да се продуцираат образовни профили, кои се барани и атрактивни на пазарот на трудот .<br>4.2. Мобилност на работна сила. | 4.1. Немање локална политика за продуцирање на барани образовни кадри;<br><br>4.2. Прифаќање на вработување во место кое е различно од местото на живеење . | 4.1. Намален број на невработени лица кои не се барани на пазарот на труд;<br><br>4.2. Намален број на суфицитарни невработени кадри во микрорегионот. | АВРМ<br>Л.С.<br>ОСУ<br>Мониторинг тим | 4.1 Некоордини-рана активност помеѓу ЦВ-Штип, Л.С., ОСУ, БС.;<br><br>4.2. Стимулативните мерки изостану-ваат, односно се мали. |
| 4.1.1: Да се влијае (преку иницијативи во планирањето на кадри) во сферата на образованите програми според потребите на стопанството.<br>4.1.2: Да се влијае во креирањето на уписната политика во средното образование<br>4.1.3: Иницијатива за зголемување на бро-јот на часови од практична настава во стручните училишта<br>4.1.4: Иницијатива за зголемување на бројот на паралелки во стручните училишта за дефицитарни занимања на пазарот на труд;<br>4.1.5: Спроведување на кампањи за значењето на дефицитарни профили и мотивирање на интересот за истите.<br>4.2.1. Спроведување на кампањи за подигање на свеста на населението за прифаќање вработување во друго место од местото на живеење. | 4.1.1 Немање на координација помеѓу АВРМ-ЦВ Штип, Бизнис секторот, Средните општински училишта, Универзитетот “Гоце Делчев”;<br>4.1.2 Со воведување критериуми при упис, до продуцирање на барани кадри на пазарот на труд;<br>4.1.3. Мотивирање на компаниите да овозможат реализација на практична настава;<br><br>4.1.4. Задоволување на понудата на пазарот на труд;<br><br>4.1.5/4.2.1. Поголема мотивација за дефицитарни и атрактивни занимања и мобилност на работната сила. | 4.1.1 Усогласени образовни програми со потребите на пазарот на труд;<br><br>4.1.2 Зголемен број на запишани ученици во бараните образовни насоки;<br>4.1.3 Намалување на бројот на преквалификации и доквалификации;<br><br>4.1.4 Зголемен број на паралелки од дефицитарни занимања<br><br>4.1.5/4.2.1. Зголемен број на вработени надвор од местото на живеење и поинтензивна кампања за дефицитарни занимања | АВРМ<br>Л.С.<br>ОСУ<br>Мониторинг тим<br>Анкети<br>Извештаи<br><br>АВРМ<br>Л.С.<br>ОСУ<br>Мониторинг тим<br>Анкети<br>Извештаи | 4.1.1. Неприфа-ќање на иницијативата, немање слух за потребите на стопанството;<br><br>4.1.2. Немање на уписен критериум;<br><br>4.1.3. Неза-интересираност на БС. за обавување на практична наста-ва кај нив;<br><br>4.1.4 Вишок на наставен кадар;<br><br>4.1.5/4.2.1 Неатракти-вност, немање на стимуланси, мала заработувачка. |

**Табела на акциониот план**

| Насока 1 | Конкретна цел | Активности | Време за имплементација | Одговорни за импленематација | Вкупни трошоци | Приоритет |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Подобрување на бизнис опкружувањето во општините Штип и Карбинци. | 1.1.Да се зголеми застапеноста на други стопански гранки | 1.1.1 Отворање на тренинг центар за професионална ориентација во чиј состав ќе функционира и советодавна канцеларија | 01.03.2009 година | НВО | 150.000 МКД** Опремување: 600.000 МКД** | $A^{+}$ |
| | 1.2. Развој на занаетчиско/ услужните дејности | 1.2.1. Отворање на тренинг центар за професионална ориентација во чиј состав ќе функционира и советодавна канцеларија. | 01.03.2009 година | НВО | 150.000 МКД** | $A^{+}$ |
| | | 1.2.2. Иницијатива за ослободување од комунална такса за истакната фирма (односно назив на деловните простории на физички и правни лица кои вршат дејност)*** во првата година на работа за новоотворени занаетчиски дејности, со услов да вработат две лица. | 01.01.2009 - 01.07.2009 година | Советите на Општина Штип и Општина Карбинци (Л.С.) | 20 x 6.000 МКД 120.000* МКД | A |

*Буџетска (намалена) ставка на Локалните самоуправи – стимулирање на локалната економија;
** Поединечен буџет спрема конкретна активност;
*** Согласно член 2 тарифен број 1 од Одлуката за утврдување висината на комуналните такси („Сл. гласник на Општината Штип“ бр. 8/2005)

| Насока 2 | Конкретна цел | Активности | Време за имплементација | Одговорни за импленематација | Вкупни трошоци | Приоритет |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Сузбивање (намалување) на сивата економија | 2.1. Да се трансформира неформалното во формално вработување. | 2.1.1- Промовирање на постојните проекти во АВРМ за формализирање на веќе постојните бизниси и старт ап бизнисите; | Контунуирана 2009/10 година | АВРМ ,ЦВ-Штип НВО | Според Програма на МТСП и АВРМ за 2009/10 година | $A^{+}$ |
| | | 2.1.2 - Организирање на обуки за претприемништво | Контунуирана 2009/10 година | АВРМ ЦВ- Штип НВО | Според Програма на МТСП и АВРМ за 2009/10 година | $A^{+}$ |

** Збирна сума на грантови, кредитирање и преквалификации;*
*** Издвоена сума од грант линијата само за обука;*

| Насока 3 | Конкретна цел | Активности | Време за имплементација | Одговорни за имплеменатација | Вкупни трошоци | Приоритет |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Намалување на невработеноста на ранливите групи.** | 3.1.Да се намали бројот на невработени лица од машки пол. | 3.1.1. Креирање обуки за отпочнување на сопствен бизнис со цел стекнување на нови знаења и вештини | Контунуирана 2009/10 година | НВО | 100x12.000 = 1.200.000 МКД (активност на ТЦПО) * | $A^+$ |
| | | 3.1.2. Промовирање на индивидуалец земјоделец, занаетчиско-услужни дејности, работи кои се услужни сервиси во домот како чување на деца, чистење во домовите, средување на градини и др. | Контунуирана 2009/10 година | ОССУ НВО РУВП | не повлекува средства (активност на ТЦПО* донации) | $A^+$ |
| | | 3.1.3:Обуки за непознат работодавец обуки и курсеви кои соодејствуваат на нивните психо-физички особини и образовно ниво | Контунуирана 2009/10 година | ОССУ НВО РУ ВП | 100x18.000 = 1.800.000 МКД | $A^+$ |
| | 3.2.Да се намали бројот на невработени лица кои се со повисока старосна граница над 50 год. | 3.2.1. Креирање обуки за отпочнување на сопствен бизнис со цел стекнување на нови знаења и вештини | Контунуирана 2009/10 година | НВО | 100x12.000 = 1.200.000 МКД (активност на ТЦПО) * | $A^+$ |
| | | 3.2.2. Промовирање на индивидуалец земјоделец, занаетчиско-услужни дејности, работи кои се услужни сервиси во домот како чување на деца, чистење во домовите, средување на градини и др. | Контунуирана 2009/10 година | ОССУ НВО РУВП | не повлекува средства (активност на ТЦПО* донации) | $A^+$ |
| | 3.3.Вработување на лица со низок степен на образование. | 3.3.1. Креирање обуки за отпочнување на сопствен бизнис со цел стекнување на нови знаења и вештини | Контунуирана 2009/10 година | НВО | 100x12.000 = 1.200.000 МКД (активност на ТЦПО) * | $A^+$ |
| | | 3.3.2. Промовирање на индивидуалец земјоделец, занаетчиско-услужни дејности, работи кои се услужни сервиси во домот како чување на деца, чистење во домовите, средување на градини и др | Контунуирана 2009/10 година | ОССУ НВО РУВП | не повлекува средства (активност на ТЦПО* донации) | $A^+$ |
| | | 3.3.3:Обуки за непознат работодавец обуки и курсеви кои соодејствуваат на нивните психо-физички особини и образовно ниво | Контунуирана 2009/10 година | ОССУ НВО РУВП | 100x18.000 = 1.800.000 МКД | $A^+$ |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 3.3.4. Промоција на можноста за обуки и организирање на обуки за непознат работодавец, обуки и курсеви кои соодејствуваат со традиционален начин на живеење и образовно ниво со одредена група на население (Турско население) | Контунуирана 2009/10 година | ЛС<br>ОССУ<br>НВО<br>РУВП | 50 x 30.000 = 1.500.000 МКД | A+ |

| Насока 4 | Конкретна цел | Активности | Време за имплементација | Одговорни за имплеменатација | Вкупни трошоци | Приоритет |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Усогласување на понудата со побарувачката на работна сила.** | 4.1. Да се продуцираат образовни кадри-профили, кои се барани и атрактивни на пазарот на трудот . | 4.1.1 - Да се влијае (преку иницијативи во планирањето на кадри) во сферата на образованите програми според потребите на стопанството (да се покренуваат иницијативи до „Биро за развој на образование" и МОН); | Контунуирана 2009/10 година | ЛС<br>АВРМ – ЦВ Штип<br>ОССУ<br>МОН / БРО | Не повлекува парични средства | А |
| | | 4.1.2- Да се влијае во креирањето на уписната политика во средното образование (критериуми при упис) | Контунуирана 2009/10 година | ЛС<br>ОССУ<br>МОН / БРО | Не повлекува парични средства | А |
| | | 4.1.3 - Иницијатива за зголемување на бројот на часови од практична настава во стручните училишта | Контунуирана 2009/10 година | ЛС<br>БС<br>ОССУ | Не повлекува парични средства | А |
| | | 4.1.4 -Иницијатива за зголемување на бројот на паралелки во стручните училишта за дефицитарни занимања на пазарот на труд | Контунуирана 2009/10 година | ЛС<br>АВРМ – ЦВ Штип<br>ОССУ<br>МОН/БРО | Не повлекува парични средства | А |
| | . | 4.1.5. Спроведување на кампањи за значењето на дефицитарни профили и мотивирање на интересот за истите. | Контунуирана 2009/10 година | ЛС<br>АВРМ – ЦВ Штип<br>ОССУ | Не повлекува парични средства | А |
| | 4.2. Мобилност на работна сила. | 4.2.1. Спроведување на кампањи за подигање на свеста на населението за прифаќање вработување во друго место од местото на живеење. | Контунуирана 2009/10 година | ЛС<br>АВРМ – ЦВ Штип<br>ОССУ | Не повлекува парични средства (активност на тренинг центарот) | А |

## Листа на изготвувачи на акциониот план

1. Весна Стаменова-координатор Општина Штип
2. Марина Јовановиќ-Општина Штип
3. Кирил Панајотов-Општина Штип
4. Катица Арсова-Центар за вработување Штип
5. Валентина Дрмова-Центар за вработување Штип
6. Марјан Костадиновски-СОНК
7. Андон Мајхошев-Синдикат
8. Делчо Стоилов-Општина Карбинци
9. Адријана Велинова-Општина Карбинци
10. Горан Даскалов-Работодавачи-Кластер на текстил
11. Зорица Димитровска-Стопанска комора
12. Тања Кокотова-СОУ „Славчо Стојменски”
13. Славе Трајков-СОУ „Јане Сандански”
14. Јане Миланов-СОУ „Коле Нехтенин”
15. Анита Монев-СОУ „Димитар Мирасчиев”
16. Илија Митров-ДСМУ „Сергеј Михајлов”
17. Олга Николова-ЦССОВ„Искра”
18. Кирил Барбареев-Универзитет „Гоце Делчев”
19. Бети Пејева-НВО „Ехо”
20. Трајче Чефутов-НВО „Светла визија”
21. Лилјана Неделкова-НВО „Пермокултура”
22. Драгана Митровиќ-НВО „Младински клуб”
23. Шенај Османов- НВО „Здружение за правата на Ромите”
24. Трајче Петров-Работнички универзитет Штип

## Листа на документи

- Националан старегија за вработување 2010, Влада на РМ, декмври 2006
- Национален акционен план за вработување 2006-2008 год, МТСП, 2006
- Оперативен план за активните програми и мерки за вработување за 2008, МТСП, 2008
- Три чекори за воведување на стандарди, 2007, Д.Ташков и А. Марковска
- Старегијата за локален економски развој на Општините Штип и Карбинци

## Листа на скратеници

АВРМ – Агенција за вработување на Македонија;
БС – Бизнис сектор;

БРО – Биро за развој во образование;
ДСМУ „Сергеј Михајлов” – Државно средно музичко училиште „Сергеј Михајлов” ;
СОУ – средно општинско училиште;
ЕУ – Европска Унија;
ЗГБР ″Светла визија″– Здружение на граѓани без работа ″Светла визија″;
ЗИК ″Црвена звезда″ - Земјоделски индустриски комбинат ″Црвена ѕвезда″;
IPA –(Insrument for Pre-Accession Assistance) Инструмент за пред-пристапна помош на Европската унија;
ISCO – Национална класификација на занимања
ISO – (International Organization for Standardization) Интернационален стандард за бизнис, инстуции и општествен живот;
ЛАПВ – Локален акционен план за вработување;
ЛЕАП – Локален економски акционен план;
Л.С. – Локална самоуправа;
МК ″Астибо″ - Модна конфекција ″Астибо″;
МОН – Министерство за образование и наука;
МТСП – Министерство за труд и социјална политика;
НВО – Невладени организации;
НСВ – Национална стратеѓија за вработување;
ООН – Организација на обединетите нации;
ССМ – Сојуз на синдикати на Македонија;
Р.М – Република Македонија;
РУВП – Работнички универзитет ″Ванчо Прке″;
СОНК – Синдикат за образование, наука и култура;
SWOT – (Strenghts Weaknesses Opportunities Threats) Анализа на јаки и слаби страни, можности и закани;
ТК ″Македонка″- Текстилен комбинат ″Македонка″;
ТЦПО – Тренинг центар за Професионална ориентација;
UNDP –(United Nattions Development Programme) Програма за развој на Обединетите нации;
USAID – (U.S. Agency for International Development) Агенција за меѓународен развој на Соединетите Американски држави;
HACCAP–(Hazard Analiysis Critical Control Points) Интернационален стандард кој се применува исклучиво за производство и преработка и ракување со храна;
ЦВ – Центар за вработување;
ЦССОВ„Искра”- Центар за специјално стручно образование и воспитание „Искра” ;

69.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИ АКЦИОНЕН ПЛАН**
**ЗА ОПШТИНИТЕ ШТИП И КАРБИНЦИ ЗА**
**2009/13 ГОДИНА**

I

Се објавува Заклкучок за донесување на туристички акционен план за општините Штип и Карбинци за 2009/13 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-426/2
25 февруари 2009 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип
Панде Сарев, с. р.

70.

Врз основа на член 46 и член 21 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 февруари 2009 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИ АКЦИОНЕН ПЛАН**
**ЗА ОПШТИНИТЕ ШТИП И КАРБИНЦИ ЗА**
**2009/13 ГОДИНА**

I

Се донесува Туристички акционен план за општините Штип и Карбинци за 2009/2013 со следната **забелешка**:

- На страна 13, во „Предности – Туристичка гостопримливост“ место „Цивилизирана услуга (келнерки)“ да стои „Професинонална услуга (угостителски работници)“.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавува-њето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-426/1
20 февруари 2009 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип
Драги Илиев, с. р.

71.

ТУРИСТИЧКИ АКЦИОНЕН ПЛАН
ЗА ОПШТИНИТЕ ШТИП И КАРБИНЦИ ЗА
2009/13 ГОДИНА


Свети Николе
Облешево
Зрновци
Карбинци
Лозово
Штип
Радовиш
Градско
Л о з о в о
К а р б и н ц и
Ш т и п
Р а д о в и ш
З р н о в ц и
Брегалница
Ерџелија
Мустафино
Сушево
Доброшани
Ново Село
Цревшка
Скандалци
Софилари
Долани
Лакавица
Пишица
Балталија
Чифлик
Шопур
Сарчиево
Три Чешми
Чардаклија
Кучица
Мичак
Теоговци
Кошево
Калапетровци
Пипов Дол
Суво Грло
Пиперово
Хаџи-Хамзали
Хаџи-Сеидели
Хаџи-Реџепли
Јаношево
Шеоба
Чидимирци
Паликура
Уланци
Вињица
Ногаевци
Убого
Кишино
Бекирлија
Ѓуришево
Дамјан
Погулево
Ињево
Брест
Г. Враштица
Д. Враштица
Ез. Мантово
Габревци
Долни Радеш
Бучим
Топалница
Коџалија
Козбунар
Шипковица
Ез. Писица
Улавци
Чучулево
Бурилчево
Моранци
Мородвис
Видовиште
Лески
Горни Балван
Долни Балван
Таринци
Кучилат
Голем Габер
Мал Габер
Никоман
Кепекчелија
Ебеплија
Оџалија
Вртешка
Радање
Кривчи Дол
Тестемелци
Јамуларци
Еделлари
Топлик
Драгоево
Селце
Степанци
Лесковица
Голем Гaбер
Почивало
Ѓуредере
Кнежје
Пештерово
Бучиовци
Станулевци
Судик
Аргулица
Радовиш
Караорман
Стар Караорман
Вртешка
Шашаварлија
Лубница
Пухче
Кочани
Богословец
Делисинци
Кошарини
Ацибегово
Зрновци

**Вовед**:

Изработката на Туристичкиот акционен план на општините Штип и Карбинци е од огромно значење и е прв ваков документ од областа на туризмот за двете општини.
Затоа општините Штип и Карбинци посветија посебно внимание и ангажираност при изработката на овој стратешки план.

Притоа, имајќи ги на ум географската положба на општините Штип и Карбинци во регионот како центар на Источна Македонија и можностите за економски развој на истите покрај останатите индустрии, со потенцијални слободни економски зони, карго аеродром и изградба на нов регионален пат поврзувајќи ги општините со Скопје, изработката на овој Туристички акционен план е исто така од огромно значење и придонес кон економскиот развој.

Добро е да се напомене и техничката помош од страна на советниците на СНВ (Холандска развојна организација) кои го водеа целиот процес до драфт верзија на стратешкиот план советувајќи ги на чекорите и методологијата што СНВ ја применува при изработка на овој стратешки документ.

Туристичкиот акционен план се изработи преку формирање на Комитет за туристички акции во кој членуваа заинтересирани страни од сите сфери на општеството од јавниот, приватниот и цивилниот сектор исполнувајќи го условот за полова рамноправност.

Туристичкиот акционен план е составен од пет стратешки компоненти кои се во функција на развој на туризмот во овие општини. Целосниот број на можни проекти кои се преставени во овој план се 15 кои се спремни за имплементација.
Сите овие планови ќе придонесат кон развој на туризмот како еден од сегментите во општините Штип и Карбинци каде сите заедно ќе го поддржат локалниот економски развој.

Овој стратешки план е од отворен тип кој може секоја година да се надополнува со нови планови кои можеби биле заборавени во моментот на изработка или тековно произлегле како потенцијална можност за развој и допринес кон економскиот развој во целина.
20 Ноември 2008

Зборови на благодарност

Како Претседател на Комитетот за туристички акции на општините Штип и Карбинци, ми претставува големо задоволство да Ви го претставам Туристичкиот акционен план за општините Штип и Карбинци кој е производ на секојдневната работа на овој комитет.

Ја користам оваа прилика да им се заблагодарам на преставниците од СНВ (Холандска развојна организација) за вклучување на општините Штип и Карбинци во процесот на изработка на Туристички акционен план како и за несебичната помош на советниците од секторот за туризам на СНВ при целиот процес на изработка на планот.

Мојата благодарност ја упатувам, исто така, и до сите заинтересирани страни од невладиниот сектор, образовните институции, културните институции, бизнис заедницата односно сите оние кои земаа активно учество во целокупниот процес и дадоа позитивен придонес за крајниот документ на Туристичкиот акционен план на општините Штип и Карбинци.

Овој документ ги опишува вредностите на двете општини како и слабостите врз база на кои се изработени и проектните идеи со акциони чекори со кои би требало да се надминат слабостите или барем избегнат и да се зајакнат постоечките позитивни страни кои можат да го поддржат развојот на туризмот.

Комитетот верува дека овој Туристички акционен план во голема мерка ќе помогне во развојот на туристичката гранка во општините Штип и Карбинци.

Со цел документот постојано да се подобрува и збогатува со позитивни идеи, Комитетот за туристички акции на општините Штип и Карбинци е постојано отворен и на располагање на сите заинтересирани страни.

Со почит,

Комитет за туристички акции за општините Штип и Карбинци

Претседател,

Градоначалник на Општина Штип

Панде Сарев, с. р.

Општина Штип Општина Карбинци

10.09.2008 Штип

До СНВ

Г-дин Ташков Дејан

Советник за развој на локални претпријатија / Туризам-Штип
Членови на Комитетот за туристичка акција на општините Штип и Карбинци

| Бр. | Име и Презиме | Претставник од | Локација |
|---|---|---|---|
| 1. | Панде Сарев | Градоначалник на о.Штип<br>и Претседател на Комитет за Туристичка Акција | Штип |
| 2. | Борис Гаврилов | Градоначалник на о.Карбинци | Карбинци |
| 3. | Валентина Дрмова | Член на советот на о.Штип | Штип |
| 4. | Ванчо Хубрев | Член на советот на о.Штип | Штип |
| 5. | Цвета Давиткова | Член на советот на о.Штип | Штип |
| 6. | Тоше Ристов | Советник за Туризам о.Штип | Штип |
| 7. | Лазар Соколовски | Советник во канцеларија на ЛЕР о.Штип | Штип |
| 8. | Марина Јовановиќ | Соработник во канцеларија на ЛЕР о.Штип | Штип |
| 9. | Драган Кузмановски | Сопственик на Т.А.Атлантик и Лиценциран Туристички Водич | Штип |
| 10 | Далиборка Прошева | Соработник за Туризам –Т.А. Атлантик | Штип |
| 11. | Зоран Читкушев | Директор на Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј на град Штип | Штип |
| 12. | Марјан Манов | Раководител во Хотел “Оаза” | Штип |
| 13. | Виолета Ничева | Програмски асистент во “Фондација за развој на локална заедница” | Штип |
| 14. | Нако Ташков | Професор и Декан на Факултетот за туризам - Штип | Штип |
| 15. | Петар Санев | Член на П.Д. “Лисец” и член на претседателство на здружение на млади истражувачи “Баргала” | Штип |
| 16. | Мајкл Шимански | USA “Peace corps volunteer” | Штип |
| 17. | Делчо Стоилов | Раководител на одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина о.Карбинци | Карбинци |
| 18. | Салтир Наковски | Референт за јавни комунални дејности при одделение за урбанизам и комунални дејности и заштита на животна средина при о.Карбинци | Карбинци |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА ТУРИЗАМ

Што се однесува до националната стратегија на Р. Македонија може да се каже дека се уште не постои официјална стратегија за туризам туку драфт верзија која се уште не е официјализирана. Оваа стратегија треба да направи една основна рамка во која би се развивал туризмот во Македонија. Оваа драфт национална стратегија за туризам на еден начин ги отвори насоките за развој на туризмот на локално ниво со осврт на транзитниот туризам, културниот туризам, археолошкиот туризам, етнолошкиот туризам кои преставуваат одлични можности кон придонес на целокупниот развој на Македонија.

Визијата на Македонија во овој контекст е оценета како европска дестинација со чиста средина. Некои од целите се и со намера да создадат белег на земјата како заштитено културното наследство и животна средина додека некои од целите имаат намера да привлечат домашни и интернационални туристи.

Можеме да кажеме дека стратегијата за туризам на општините Штип и Карбинци ги следи перспективите за национален развој на туризмот во Македонија.

## ПРОЦЕС НА ТУРИСТИЧКИОТ АКЦИОНЕН ПЛАН

Процесот на СНВ го дефинира „ТУРИЗМОТ“ како „практика на луѓе кои патуваат надвор од нивните домашни заедници заради одмор, рекреација, разгледување или бизнис„. Според тоа, „ТУРИСТИ“ ги вклучуваат сите видови на патници, покрај типичниот одмарач, пријатели и роднини кои се дојдени на посета, а не се од овие општини, бизнис патници кои ја посетуваат областа заради вршење на бизнис, луѓе кои ги посетуваат општините заради лична употреба на услугите во неа (на пример, медицински, правни, социјални, продавници, услуги, итн.), луѓе кои не се од општините кои учествуваат на конференции или состаноци во истите и патници кои поминуваат низ општините кон други дестинации.

„ТУРИЗМОТ“ е гранка која опфаќа повеќе аспекти која вклучува комплексни меѓу односи помеѓу организации и активности. За да се осигура дека при разработката на Туристичкиот акционен план се земени предвид сите аспекти на гранката, подолу се наведени петте важни компоненти за развој на туризмот во општините Штип и Карбинци:

**ТУРИСТИЧКИ АТРАКЦИИ, НАСТАНИ И АКТИВНОСТИ** ги вклучуваат природните карактеристики и оние посебности изработени од

луѓето кои се интересни за туристите и се причина за нивно доаѓање. Како на пример: единствени продавници, историски места, музеи, единствени природни карактеристики кои задоволуваат естетски критериуми, фестивали, спортски и културни настани, конвенции и конференции како и многу други активности.

**ТУРИСТИЧКИ МАРКЕТИНГ И ПРОМОЦИЈА** се состои од тоа како поединците и групите организираат планирање и продавање на потенцијалните места за посета на потенцијалните туристи. Тоа ги вклучува алатките и методите кои се користат за привлекување на туристи: преку огласување, написи во списанија, брошури, веб страници, мапи, спотови, комерцијални и промотивни знаци и туристички информативни центри.

**ТУРИСТИЧКАТА ИНФРАСТРУКТУРА** ги вклучува основните елементи и објекти кои се потребни за туристите при нивното пристигнување и престој во нашите општини. Тоа се патишта, паркиралишта, сигнализација, вода, електрична енергија како и објекти во кои се случуваат настани или активности за туристите.

**ТУРИСТИЧКА ГОСТОПРИМЛИВОСТ (СВЕСТ И ОБУКА ЗА ГРАНКАТА)** се однесува на тоа како туристите се опслужени, поздравени и третирани од персоналот кој е во дирекен контакт со нив, менаџерите/операторите и граѓаните при посетатата на нашите општини. Утврдува дали посетителите имаат пријатно искуство во кое уживаат и дали ќе размислат за тоа повторно да се вратат и ќе пренесат позитивни спомени и искуства на други луѓе за тие да нè посетат.

**ТУРИСТИЧКИ УСЛУГИ НА МАЛО** ги вклучуваат сите услуги кои ги опслужуваат потребите на туристите за кои тие плаќаат како: хотели/мотели/одморалишта, кампови, ресторани, продавници, туристички оператори/услуги на водичи, итн. Бидејќи туризмот претставува економска активност, успехот на туристичката гранка во нашите две општини може директно да се утврди со мерење на приходите кои се остваруваат и отворените работни места преку овие услуги на мало како резултат на туристичката активност.

Врз основа на погоре наведеното за целиот процес, концептот и содржината подолу може да видиме што Туристичкиот акционен план треба да исполни:

## ДЕФИНИЦИЈА ЗА ТУРИСТИЧКИОТ АКЦИОНЕН ПЛАН

Овој Туристички акционен план може да се дефинира како „пишан документ" подготвен во име на општините Штип и Карбинци за да помогне да се води и насочи развојот на туризмот и маркетингот како на краток, така

и на долг рок. Тој е развиен и формално поддржан од групи на лица и агенции кои претставуваат широк пресек од туристичката гранка во нашите општини. Планот обезбедува рамка за бизнисите, владите и релевантните организации за анализа на пазарите на туризам, предностите на туризмот и проблемите на туризмот за да се развијат цели кои ги зајакнуваат предностите и ги надминуваат проблемите. Бидејќи туризмот е гранка во развој, Планот ќе биде постојано разгледуван и надградуван.

## ПРЕД-РАБОТИЛНИЦА ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ НА ПАЗАРОТ НА ТУРИЗАМ

Пред започнување на развојот на Туристичкиот акционен план за општините Штип и Карбинци, беше извршен преглед на истражувањето на пазарот кое се однесува на постојните трендови во туристичката побарувачка во Европа, состојбата со туризмот во југоисточна Европа и постојните маркетинг/промотивни напори на нашите две општини за да помогнат при насочувањето на подготовката на Планот.

Моментални трендови прикажани преку европските туристи: Европските туристи одат на пократки одмори, ги потврдуваат плановите за патување и резервираат одмор поблиску до датумот на заминување и посетуваат различни места на кои пред тоа не биле. И самите си прават пакети со употреба на Интернет за комбинација на буџетот, транспортот и местата со сместување/тури на избраната дестинација. Културниот и „активниот“ туризам (на пример бањи, спорт, природа, рурални посети) стануваат сѐ поважни и играат значајна улога во привлекувањето на туристи. Културниот туризам се смета за составен дел од Европскиот туристички производ бидејќи речиси сите посетители вклучуваат некои културни активности при нивните посети особено кога се вклучени храната, вината и „доживувањето на начинот на живот“ на дестинацијата.

Трендовите во туристичкиот маркетинг и развој во Европа, Медитеранската област и југоисточна Европа беа прегледани со употреба на Извештајот за маркетинг трендовите во Европа на Светската туристичка организација на Обединетите нации за 2003 година.

Преставување на медитеранските дестинации: Медитеранската област претставуваше водечка туристичка дестинација во 2002 година привлекувајќи 34% од туристичките посети во светот. На одморите кои нудат сонце и море се́ уште отпаѓа најголем дел, со истовремена важност на посетата на културните / историските места. Областа се адаптира за да го привлече пазарот на „состаноци, стимулации, конференции и изложби“ кои вклучуваат

кратки културни патувања или посети на природата/дополнителни патувања како дел од целокупниот пакет.

Претставување на дестинациите од Југоисточна Европа: Југоисточна Европа се смета за нова дестинација во подем. Македонија се фокусираше на зголемување на бројот на културни и спортски настани, атракции и мали хотели, особено во областа на Охридското Езеро. Исто така, ги подобри своите мрежи за внатрешна/надворешна комуникација за да ги задоволи потребите на оние кои патуваат за бизнис и рекреација.

**Резиме на информациите за промоција на туризмот во општините Штип и Карбинци:** Може да се каже дека еден од најдеталните и подобрите водичи ""BRADT" second edition" го опишува регионот осврнувајќи се на Штип и дел од планинските убавини на Плачковица која се наоѓа во општина Карбинци. Спомнати се скоро сите цркви и манастири вклучувајќи ја и џамијата која се наоѓа скоро во централниот дел на општина Штип. Исто така се споменува и "Исар" тврдината која се издигнува над самиот град Штип како и бањата "Кежовица".

Што значи дека постојат позитивни предиспозиции и база за добар почеток и развој на Туристичкиот акционен план на што ќе се обрне посебно внимание доразвивајќи и промовирајќи ги постоечките туристички локации.

### Визија на општините Штип и Карбинци за развој на туризмот

"МИКРО РЕГИОНОТ ШТИП И КАРБИНЦИ, ЧИСТА ЕКОЛОШКА СРЕДИНА КАКО ЦЕНТАР НА ИСТОЧНА МАКЕДОНИЈА, СО БОГАТА ТУРИСТИЧКА ПОНУДА, ПРЕПОЗНАТЛИВА ПО БАЊСКИОТ, СЕЛСКИОТ, АРХЕОЛОШКИОТ, ПЛАНИНСКИОТ И ОСТАНАТИТЕ ФОРМИ НА АЛТЕРНАТИВЕН ТУРИЗАМ"

**ЧЕКОР 1: РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКИ ПАЗАРНИ ПРОФИЛИ ЗА:** Комитетот за туристички акции прво требаше да ги утврди своите сегашни и потенцијални приоритетни туристички пазарни сегменти пред разработката и промоцијата на потребните атракции, услуги и инфраструктура потребни за развивање на успешна туристичка гранка. Така, почетен чекор во процесот на развој на Туристички акционен план беше да се открријат колку што е можно повеќе информации за овие пазарни сегменти.

Резултати: Комитетот за туристички акции утврди дека постојат неколку различни туристички пазарни сегменти кои во нашите две општини, кои имаат потенцијал да привлечат посетители.

Врз база на анализата Комитетот ги рангираше првите пет сегменти како најважни за туризмот во општините Штип и Карбинци.
Овие пет сегменти на пазар за општините Штип и Карбинци се:

1. **Бизнис со под компоненти:**
   трговија, инвестиции, семинари и шопинг
2. **Културно историски и други настани со под компоненти:**
   археолошки, историски споменици, религиозен, културни манифестации
3. **Здравство со под компоненти:**
   бањски и болнички
4. **Образование со под компоненти:**
   студенти и средношколци
5. **Љубители на природа со под компоненти:**
   лов, планинарење и рекреација

**ЧЕКОР 2: НАБРОЈУВАЊЕ НА ПРЕДНОСТИТЕ НА ТУРИЗМОТ:**
Со употреба на петте клучни составни области на туризмот во општините Штип и Карбинци, беа подготвени списоци во кои е вклучено сè што е, или потенцијално би можело да претставува, предност на туристичката гранка во општините Штип и Карбинци кои се наведени подолу:

**Предности - Туристички атракции, настани и активности:**

Митови и Легенди (саат кула, Исар, кале, Новоселска клисура, камен мост);
Можност за преставување на етникум на одредена микро локација (јуруци);
Користење на досегашни извршени инфраструктурни активности на туристички атракции (пештери);
Можност за популаризација за времето на изведба на настанот кај учесниците (прес, интервју, форум, лцд, интернет страница);
Можност за користење на ресурси на инволвирани чинители во туристичката понуда (туристички агенции, институции, општина);
Термоминерални извори (чешми, бунари и ‘Лџи);
Богати ловишта;

Туристичка географска положба на бањата, релјефна карактеристика на бањата, хидрографски карактеристики на бањата, лековита вода на бањата (втора во Европа после Карлови вари);
Стара архитектура (стари куќи);
Сообраќајна поврзаност;
Климатски карактеристики на регионот;
Карактеристики на растителен и животински свет;
Рекреативни можности на регионот;
Манифестации на регионот (саеми на SME, пеливански борби, селски слави, ШКЛ, Макфест, Велигден, пастрмалијада, 40 штипски маченици);
Етнографски карактеристики на регионот (песни, народни носии, ора и игри);
Национална кујна.

**Предности - Туристички Маркетинг и Промоција:**

Добра комуникација и соработка со НВО;
Директна комуникација (пренесување на информација човек на човек);
Туристички информативен водич;
Летоци за бањата, ЦД за бањата и Интернет страница;
Интернет страница за општините.

**Предности - Туристичка инфраструктура:**

Постоење на два планинарски дома;
Постоење на индустриски зони;
Постоење на хотели, мотели, ресторани, бензински пумпи;
Постоење на музеи и галерии;
Постоење на цркви, манастири и џамија;
Постоење на археолошки локалитети;
Постоење на бања;
Постоење на туристички агенции;
Постоење на атрактивни пештери;
Постоење на комунална инфраструктура;
Постоење на железница;
Постоење на средно и високо образование во областа на туризмот;
Постоење на аеро-клуб.

**Предности - Туристичка гостопримливиот**

Топли и гостољубиви жители;

Културни и цивилизирани жители;
Професионална услуга (угостителски работници);
Жители кои толерираат различни раси.

**Предности - Туристички услуги на мало**

Продавници и ресторани;
Зелен пазар;
Кафулиња;
Дисконти.

**ЧЕКОР 3: НАБРОЈУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ ЗА ТУРИЗМОТ:**
По набројувањето на позитивните аспекти од туристичката гранка во општините Штип и Карбинци, важно беше да се набројат „проблемите“ кои го спречуваат развојот на туризмот. Проблемите во однос на туризмот вклучуваат:

**Проблеми - Туристички атракции, настани и активности:**

Недоволност од театарски претстави на археолошките наоѓалишта;
Неповрзување на манифестациите со попратните активности;
Недоволна валоризација на туристичките предности;
Недисперзирани настани во другите рурални области;
Неискористеност на киното во градот;
Неискористеност на митовите;
Непостоење на туристички тури.

**Проблеми - Туристички маркетинг и промоција:**

Недоволен туристички промотивен материјал (web, брошура, форум);
Необучен кадар за маркетинг и промоција;
Непостоење на туристички мапи, карти и разгледници;
Непостоење на туристички инфо-центар;
Немање на интернет страница на англиски јазик;
Немање на кампања на национално ниво (за локалните настани);
Немање на годишен календар на настани;
Немање на дистрибуција на календарот и информациите;
Немање на интернет страница за туризам.

**Проблеми - Туристичка инфраструктура:**

Слаби услови на патиштата кои водат до туристичките дестинации (регионот);
Немање на санитарни чворови на туристичките локалитети;
Незаштитени и неосветлени туристички локалитети;
Немање на доволен паркинг простор;
Немање доволно на сместувачки капацитети;
Немање на туристички знаци;
Немање на електрична поврзаност на туристичките локалитети;
Немање на корпи за отпад на туристичките локации;
Немање на спортски терени и спортска сала;
Немање на пешачка зона во градот;
Немање на планински пешачки и рели патеки;
Немање на прилагодени селски куки за селски туризам;
Непостоење на корпи на археолошкиот локалитет "Баргала";
Немање на кровна конструкција на зелениот и градскиот пазар во о.Штип.

**Проблеми - Туристичка гостопримливост (свест и обука за гранката)**

Недоволно обучен кадар во сферата на туризмот;
Недоволен број на професионални туристички водичи;
Необученост на локалното население за селски туризам;
Недоволен број на лица од угостителството кои познаваат странски јазици;
Непостоење на свест за зачувување на културните и историските вредности;
Немање на професионална и квалитетна услуга на угостителските работници;
Ѓубре на туристичките локации;
Паркирање на возилата на пешачките зони.

**Проблеми - Туристички услуги на мало:**

Немање на киосци за сувенири;
Немање на продавници на туристичките локалитети;
Немање на хемиско чистење  и перални;
Немање на банкомати на сите места;
Немање на превоз до туристичките дестинации;
Неможност насекаде да се плаќа со кредитни картички;
Немање на активни традиционални занаети за производство на сувенири;
Немање на распоред на време кога се отворени одредени туристички локации;
Непостоење на киосци на туристичките локалитети.

## ЧЕКОР 4: РАЗВОЈ НА ОПШТИТЕ И КОНКРЕТНИТЕ ЦЕЛИ ЗА ТУРИЗМОТ

Преку општите  и конкретни цели се надминуваат проблемите и зајакнуваат предностите. Беа развиени општите цели со едноставно вметнување на зборовите „да се подобри...“ пред секоја од петте клучни составни области. Според тоа, нашите пет **ОПШТИ ЦЕЛИ ЗА ТУРИЗМОТ** се:

- **ДА СЕ ПОДОБРАТ ТУРИСТИЧКИТЕ АТРАКЦИИ, НАСТАНИ И АКТИВНОСТИ;**
- **ДА СЕ ПОДОБРИ ТУРИСТИЧКИОТ МАРКЕТИНГ И ПРОМОЦИЈА;**
- **ДА СЕ ПОДОБРИ ТУРИСТИЧКАТА ИНФРАСТРУКТУРА;**
- **ДА СЕ ПОДОБРИ ТУРИСТИЧКАТА ГОСТОПРИМЛИВОСТ (СВЕСТ И ОБУКА ЗА ГРАНКАТА);**
- **ДА СЕ ПОДОБРАТ ТУРИСТИЧКИТЕ УСЛУГИ НА МАЛО.**

Точното објаснување на општите и конкретни цели ќе направи реална база за имплементација на овие цели, што е и предуслов за развој на туризмот во општините Штип и Карбинци. Подолу се наброени општите цели:

1.Валоризација на туристички предности / бањски – рекреативен центар
2.Организирање на настани надвор од урбаните средини
3.Организирање на туристички тури
4.Основање на Туристички инфо центар
5.Креирање на севкупна интернет страница за промоција на туризмот (сите потенцијали на двете општини)
6.Проект за изработка, реновирање на етно куќи за селски туризам во планинските предели (Плачковица и Лакавица)
7.Подготовка и спроведување на проект за поставување на туристички информативни знаци и знаци кои покажуваат насока
8.Изградба на рели патека
9.Поставување на украсни одбојници на пешачките зони
10. Поставување на корпи за отпадоци на туристичките локации како и на локалитетот “Баргала”
11.Обука за сертифицирани туристички водичи (од невработениот кадар)
12.Курсеви за странски јазици за вработените во угостителството

13.Проект за пренесување на знаењето и вештините од постарите занаети на младите генерации
14.Организиран превоз до туристичките локалитети
15.Проект за создавање на услови за поставување на киосци за сувенири на туристичките локалитети

**ЧЕКОР 5: РАЗВОЈ НА АКЦИОНИ ПЛАНОВИ ЗА ДЕЈСТВИЈА ЗА КОНКРЕТНИТЕ ЦЕЛИ ЗА ТУРИЗМОТ:**

Сите планови обично се составени од општи и конкретни цели кои може да се соочат со промена за време на нивната имплементација.
При имплементација на Туристичкиот акционен план, СНВ ги вклучува важните надлежности за развој на објективен план.

Со разгледување на овој стратешки план се надеваме дека индивидуите или агенциите ќе преземат одредени чекори кои би значеле и имплементација било која од конкретните цели на овој план.
Како и што кажавме понапред овој план ќе стане отворен и константно би можел да се надградува и збогатува со идеи.

**ЧЕКОР 6: СЛЕДЕЊЕ, АНАЛИЗИРАЊЕ, ЕВАЛУАЦИЈА И ПРЕГЛЕД НА ТУРИСТИЧКИОТ АКЦИОНИОТ ПЛАН ЗА ОШТИНИТЕ ШТИП И КАРБИНЦИ:** Комитетот за туристички акции ќе се состанува еднаш годишно со цел да ги разгледа конкретните цели на планот и да направи анализа кои од конкретни цели што се имплементирани во овие две општини се успешни. Притоа при годишното состанување ќе се врши и воедно надоградување на веќе постоечкиот план како и имплементација на нови планови.

ПРОФИЛИ НА ТУРИСТИЧКИОТ ПАЗАР
НА ОПШТИНИТЕ ШТИП И КАРБИНЦИ

## Туристички пазарени профили на општините Штип и Карбинци

| **Туристички видови базирани на „главната цел за патување“ (По секој туристички вид „(п)“означува ‘постоечки’ „(по)“ означува ‘потенцијален’)** | **РАНГ** | **ШТО ТИЕ ПРАВАТ ТУКА?** | **ЗОШТО ТИЕ ГО ПРАВАТ ТОА ТУКА?** | **а) КАКВИ УСЛУГИ БАРААТ ТИЕ? б) ДАЛИ СЕ ТИЕ РАСПОЛОЖИВИ (Д=ДА Н= НЕ)?** | **КОЕ ВРЕМЕ ОД ГОДИНАТА ТИЕ ДОАЃААТ ТУКА?** | **КАКО ТИЕ ДОАЃААТ ТУКА?** | **КОЛКУ ДОЛГО ТИЕ ПРЕСТОЈУВААТ?** | **КОЛКУ ПАРИ ТРОШАТ ТИЕ?** а) € по лице/ден б) # луѓе/година в) вкупен приход/година | **ОД КАДЕ СЕ ТИЕ?** | **КОИ СЕ ТИЕ?** а) Возраст б) Пол в) Едукација г) Распон на Доход | **ШТО Е НАПРАВЕНО ДА СЕ ПРИВЛЕЧАТ ТИЕ?** | **КОИ ТРЕНДОВИ ТИЕ ГИ ПРЕТСТАВУВААТ?** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **<u>А. Трговија</u>** | | Остваруваат Бизнис средби, Склучуваат договори за соработка | Постојат брендирани производи, Традиција во определени дејности, Евтина работна рака | Евтина и квалитетна услуга, Навремено завршени налози | Преку целата година | Организирано и индивидуално, Со патнички возила и железница | Од еднодневни до перманентен престој во текот на целата година | 60 Евра дневни трошоци и 25 Евра шопинг | Бивши Ју простори, Германија,Турција, Бугарија, Италија, Русија ... | Двата пола над 35 години ВСС | Квалитет во работата, ниски цени, традиција во работата | Подобрување на севкупната инфраструктура, Услови за сместување, Културна понуда и Ноќен живот |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Инвестиции** | | Остварување бизнис средби, Склучуваат договори за соработка | Постојат брендиран и производи, Традиција во определени дејности, Евтина работна рака | Евтина и квалитетна услуга, Навремено завршени налози | Преку целата година | Патен и железнички сообраќај | Преку целата година | 60 Евра дневни трошоци и 25 Евра шопинг | Бивши Ју простори, Германија,Турција, Бугарија, Италија... | Двата пола над 35 години ВСС | Погодности во даночната политика Ослободување од персонален данок Ослободување од комунален надоместок | Подобрување на севкупната инфраструктура, Услови на сместување, Културна понуда, Ноќен живот |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Семинари** | | Индивидуална, едукација | Евтино и добро сместување | Евтино и добро сместување | Пролет Лето и Есен | Патен и железнички сообраќај | Од еден до десет дена | 30 евра пансион 25 евра шопинг | Македонија | Двата пола над 35 години ВСС | Евтини пансионски услуги | Подобрување на севкупната инфраструктура, Услови на сместување, Културна понуда Ноќен живот |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Шопинг** | | Индивидуална, едукација | Евтини и добри производи, добри сообраќајни врски | Љубезност, внимание | Преку целата година | Патен и железнички сообраќај | Еден ден, викенд | 300 евра | Македонија | Од 10-77 години | Рекламирање на производи | Подобрување на севкупната инфраструктура, Услови на сместување, Културна понуда, Ноќен живот |

## Туристички пазарени профили на општините Штип и Карбинци

| Туристички видови базирани на „главната цел за патување“ (По секој туристички вид „(п)“означува ‘постоечки’ „(по)“ означува ‘потенцијален’) | РАНГ | ШТО ТИЕ ПРАВАТ ТУКА? | ЗОШТО ТИЕ ГО ПРАВАТ ТОА ТУКА? | а) КАКВИ УСЛУГИ БАРААТ ТИЕ? б) ДАЛИ СЕ ТИЕ РАСПОЛОЖИВИ (Д=ДА Н= НЕ)? | КОЕ ВРЕМЕ ОД ГОДИНАТА ТИЕ ДОАЃААТ ТУКА? | КАКО ТИЕ ДОАЃААТ ТУКА? | КОЛКУ ДОЛГО ТИЕ ПРЕСТОЈУВААТ? | КОЛКУ ПАРИ ТРОШАТ ТИЕ? а) € по лице/ден б) # луѓе/година в) вкупен приход/година | ОД КАДЕ СЕ ТИЕ? | КОИ СЕ ТИЕ? а) Возраст б) Пол в) Едукација г) Распон на Доход | ШТО Е НАПРАВЕНО ДА СЕ ПРИВЛЕЧАТ ТИЕ? | КОИ ТРЕНДОВИ ТИЕ ГИ ПРЕТСТАВУВААТ? |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **<u>Б. Културни историски и други настани</u>**<br><br>**- археолошки** | | Посетување, истражување конзервација и размена на искуства | Поради богата историја и богатство на луѓето што живееле на овие простори. Изобилство на археолошки локалитети | Стручни луѓе, транспорт, храна, сувенири и раритети. Не се целосно расположливи | Преку пролет и лето | Организирано и индивидуално со сопствен превоз или друг транспорт | Еднодневни и повеќе дневни посети.<br><br>Просек 2-3 дена | Од 40-50 евра | Македонија и странство | Од двата пола на возраст од 40-60 години | Локален туристички водич, интернет страна, пристапна инфраструктура, брошури, флаери и друго | |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Историски споменици** | | Посета, разгледување конзервација и реставрација | Поради богата историја и настани. Плејада на историски личности и што живееле на овие простори. | Стручни луѓе, транспорт, храна. | Преку цела година | Организирано и индивидуално со сопствен превоз или друг транспорт | Еднодневни и повеќедневни посети. | Од 40-50 евра | Македонија и странство | Од двата пола и од сите возрасти | Локален туристички водич, интернет страна, пристап на инфраструктура, брошури, флаери и друго | |
| **Религиозен** | | Посетување, разгледување и духовен повеќедневен престој | Поради мноштво на религиозни објекти, празници и обичаи. | Стручни луѓе и транспорт. | Преку цела година | Организирано и индивидуално со сопствен превоз или друг транспорт | Еднодневни и повеќедневни посети. | Од 40-50 евра | Македонија и странство | Од двата пола и од сите возрасти | Локален туристички водич, интернет страна, пристапна инфраструктура, брошури, флаери и друго | |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Културни манифестации** | | Посета и активно учество. Културно воздигнување | Поради значењето и квалитетот на културните манифестации | Храна, пијалаци и транспорт | Лето и есен | Организирано и индивидуално со сопствен превоз или друг транспорт | Еднодневни и повеќедневни посети. | Од 40-50 евра | Македонија и странство | Од двата пола и од 18-50 години | Локален туристички водич, интернет страна, пристап на инфраструктура, брошури, флаери и друго | |

## Туристички пазарени профили на општините Штип и Карбинци

| **Туристички видови базирани на „главната цел за патување“ (По секој туристички вид „(п)“означува ‘постоечки’ „(по)“ означува ‘потенцијален’)** | **РАНГ** | **ШТО ТИЕ ПРАВАТ ТУКА?** | **ЗОШТО ТИЕ ГО ПРАВАТ ТОА ТУКА?** | **а) КАКВИ УСЛУГИ БАРААТ ТИЕ? б) ДАЛИ СЕ ТИЕ РАСПОЛОЖИВИ (Д=ДА Н= НЕ)?** | **КОЕ ВРЕМЕ ОД ГОДИНАТА ТИЕ ДОАЃААТ ТУКА?** | **КАКО ТИЕ ДОАЃААТ ТУКА?** | **КОЛКУ ДОЛГО ТИЕ ПРЕСТОЈУВААТ?** | **КОЛКУ ПАРИ ТРОШАТ ТИЕ?** а) € по лице/ден б) # луѓе/година в) вкупен приход/година | **ОД КАДЕ СЕ ТИЕ?** | **КОИ СЕ ТИЕ?** а) Возраст б) Пол в) Едукација г) Распон на Доход | **ШТО Е НАПРАВЕНО ДА СЕ ПРИВЛЕЧАТ ТИЕ?** | **КОИ ТРЕНДОВИ ТИЕ ГИ ПРЕТСТАВУВААТ?** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **<u>В. Здравство</u>**<br><br>**- бањски** | | Лекување | Квалитетна вода | Квалитетна вода на второ место во Европа и стручен кадар | Преку цела година | Самостојно | 5-7 дена во неделата | 35 евра од лице, 7000 евра месечно За 50 лица. 84.000 евра годишен приход континуирано | Гости од странство и од дома | 45-65 години Од двата пола 15 % зафаќање на годишен приход на гостите | Современ терминално – бањски комплекс Кежовица<br><br>Добар маркетинг | Зголемување на сместувачките капацитети |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **- болнички** | | Превентива<br><br>Рехабилитација<br><br>Релаксација,<br><br>Странски гости | Превентива од болести. Подобрување на здравствената состојба и подмладување. Користење на природните ресурси (флора и фауна) Девизен прилив | Квалитетна вода на второ место во Европа и стручен кадар<br><br>Користење на добрите климатски услови | Преку цела година | Самостојно | 5-7 дена во неделата | 35 евра од лице, 7000 евра месечно | Гости од странство и од дома | Од сите возрасти | Терминално – бањски комплекс Кежовица<br><br>Болнички комплекс | Зголемување на сместувачките капацитети |

## Туристички пазарени профили на општините Штип и Карбинци

| **Туристички видови базирани на „главната цел за патување“ (По секој туристички вид „(п)“означува ‘постоечки’ „(по)“ означува ‘потенцијален’)** | **РАНГ** | **ШТО ТИЕ ПРАВАТ ТУКА?** | **ЗОШТО ТИЕ ГО ПРАВАТ ТОА ТУКА?** | **а) КАКВИ УСЛУГИ БАРААТ ТИЕ? б) ДАЛИ СЕ ТИЕ РАСПОЛОЖИВИ (Д=ДА Н= НЕ)?** | **КОЕ ВРЕМЕ ОД ГОДИНАТА ТИЕ ДОАЃААТ ТУКА ?** | **КАКО ТИЕ ДОАЃААТ ТУКА ?** | **КОЛКУ ДОЛГО ТИЕ ПРЕСТОЈУВААТ ?** | **КОЛКУ ПАРИ ТРОШАТ ТИЕ?** а) € по лице/ден б) # луѓе/година в) вкупен приход/година | **ОД КАДЕ СЕ ТИЕ?** | **КОИ СЕ ТИЕ?** а) Возраст б) Пол в) Едукација г) Распон на Доход | **ШТО Е НАПРАВЕНО ДА СЕ ПРИВЛЕЧАТ ТИЕ?** | **КОИ ТРЕНДОВИ ТИЕ ГИ ПРЕТСТАВУВААТ?** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Г. Образование**<br><br>**- студенти** | | Посетуваат настан, живеат, работат, се забавуваат – ноќен живот, се хранат во ресторани, посетуваат културни манифестации | Постоење на државен универзитет, штедење на средства – финансии. Расположливи средства: близина на место на раѓање, капацитет на сместување. Обезбедени услуги: постоење на подрачни министерства, канцеларии | Високо квалитетно сместување / НЕ Високо образовни институции / ДА културно забавни манифестации ? НЕ Кујна за студенти / НЕ Библиотека градска и универзитетска / ДА Места за учење / НЕ Театар / ДА Кино / НЕ Рекреативен спортски центар / НЕ Зелени површини паркови / НЕ | Септември до Јуни | Такси, Автобус, Железница, Автомобили | 9-10 месеци во годината | 350 евра месечно | Повеќе од источни от дел на Македонија и од целата држава | Млади лица 18-25 години средношколци / студенти 350 евра месечно | Отворен државен универзитет | Младина претежно население од Источни от дел на државата |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| - **средношколци** | | Посетуваат настан, живеат, се забавуваат – ноќен живот, посетуваат културни манифестации | Постоење на стручни средни училишта штедење на средства – финансии. Расположливи средства: близина на место на раѓање, капацитет на сместување. Обезбедени услуги: постоење на подрачни министерства, канцеларии | Високо квалитетно сместување / НЕ Стручни средни образовни институции / ДА културно забавни манифестации ? НЕ Кујна за студенти / НЕ Библиотека градска и универзитетска / ДА Места за учење / НЕ Театар / ДА Кино / НЕ Рекреативен спортски центар / НЕ Зелени површини паркови / НЕ | Септември до Јуни | Такси, Автобус, Железница, Автомобили | 9-10 месеци во годината | 150 евра месечно | Повеќе од источни от дел на Македонија и од целата држава | Млади лица 15-18 години средношколци / студенти 150 евра месечно | Отворен и стручни средни училишта | Младина претежно население од Источни от дел на државата |

## Туристички пазарени профили на општините Штип и Карбинци

| **Туристички видови базирани на „главната цел за патување“ (По секој туристички вид „(п)“означува ‘постоечки’ „(по)“ означува ‘потенцијален’)** | **РАНГ** | **ШТО ТИЕ ПРАВАТ ТУКА?** | **ЗОШТО ТИЕ ГО ПРАВАТ ТОА ТУКА?** | **а) КАКВИ УСЛУГИ БАРААТ ТИЕ? б) ДАЛИ СЕ ТИЕ РАСПОЛОЖИВИ (Д=ДА Н= НЕ)?** | **КОЕ ВРЕМЕ ОД ГОДИНАТА ТИЕ ДОАЃААТ ТУКА?** | **КАКО ТИЕ ДОАЃААТ ТУКА?** | **КОЛКУ ДОЛГО ТИЕ ПРЕСТОЈУВААТ?** | **КОЛКУ ПАРИ ТРОШАТ ТИЕ?** а) € по лице/ден б) # луѓе/година в) вкупен приход/година | **ОД КАДЕ СЕ ТИЕ?** | **КОИ СЕ ТИЕ?** а) Возраст б) Пол в) Едукација г) Распон на Доход | **ШТО Е НАПРАВЕНО ДА СЕ ПРИВЛЕЧАТ ТИЕ?** | **КОИ ТРЕНДОВИ ТИЕ ГИ ПРЕТСТАВУВААТ?** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| <u>**Д. Љубители на природата**</u><br><br>**- лов, планинарење и рекреација** | | Ловат дивеч Рекреативни прошетки Еколошко проучување на природата и заштита на природните богатства и дивеч и заштита на шумски фонд. | Постои организирано ловиште, постои организација на постоен лов во сезона, ги посетуваат природните богатства во планините, пештери, планинарски домови, ја поминуваат маркираната планинарска патека – Еко Вртешка, ја поминуваат рели патеката со теренски возила. | Богат фонд на животни за лов, објекти за сместување, уредени пешачки патеки со маркации, да постојат услови за транспорт со теренско возило, со коњ, со магаре. /ДА | Во секоја сезона | Организирано и самоиницијативно во организиран лов во организирани услови во ловиште. Пеш и возило | Почесто еднодневно, викенди и поретко повеќе дневно | Во организираните ловишта во зависност од уловот до 1000 евра.<br>Престојот во планинарски домови во организирана форма или индивидуална посета до 1000 евра годишно. | Во организираните ловишта 80 % се странци а 20% домашни посетители.<br>Во рекреативното планинарење 99 % домашни гости. | За лов од 20 до 70 години, бизнисмени или локално население во слободен лов. Рекреативно планинарење од најмали до најстари. | Уредени ловишта, зголемен животински фонд, популаризација на еколошка природа, развој на селски туризам. | Ловџии, планинари, билкари, рели возачи, авантуристи, рекреативци, викендаши, еколози, бизнисмени. |

# ТУРИСТИЧКИ
# ПРЕДНОСТИ НА ОПШТИНИТЕ ШТИП И КАРБИНЦИ

## ПРЕДНОСТИ, ТУРИСТИЧКИ АТРАКЦИИ, НАСТАНИ И АКТИВНОСТИ

| РАНГИРАЊЕ НА ПРЕДНОСТИТЕ | РАНГ |
|---|---|
| Митови и легенди (саат кула, Исар, кале, Новоселска клисура, камен мост); | **3** |
| Можност за преставување на етникум на одредена микро локација (јуруци); | |
| Користење на досегашни извршени инфраструктурни активности на туристички атракции (пештери); | |
| Можност за популаризација за времето на изведба на настанот кај учесниците (прес, интервју, форум, лцд, интернет страница); | |
| Можност за користење на ресурси на инволвирани чинители во туристичката понуда (туристички агенции, институции, општина); | |
| Термоминерални извори (чешми, бунари и ‘Лџи); | **1** |
| Богати ловишта; | **2** |
| Туристичка географска положба на бањата, релјефна карактеристика на бањата, хидрографски карактеристики на бањата, лековита вода на бањата (втора во Европа после Карлови Вари); | |
| Стара архитектура (стари куќи); | |
| Сообраќајна поврзаност; | **4** |

| | |
|---|---|
| Климатски карактеристики на регионот;<br><br>Карактеристики на растителен и животински свет;<br><br>Рекреативни можности на регионот;<br><br>Манифестации на регионот (саеми на SME, пеливански борби, селски слави, ШКЛ, Макфест, Велигден, пастрмалијада, 40те штипски маченици);<br><br>Етнографски карактеристики на регионот (песни, народни носии, ора и игри);<br>Национална кујна. | **5**<br><br>**6**<br><br>**7** |

**ПРЕДНОСТИ**
**ТУРИСТИЧКИ МАРКЕТИНГ И ПРОМОЦИЈА**

| РАНГИРАЊЕ НА ПРЕДНОСТИТЕ | РАНГ |
|---|---|
| Добра комуникација и соработка со НВО;<br><br>Директна комуникација (пренесување на информација човек на човек);<br><br>Туристички информативен водич;<br><br>Летоци за бањата, ЦД за бањата и интернет страница;<br><br>Интернет страница за општините; | 2<br><br>5<br><br>1<br><br>3<br><br>4 |

# ПРЕДНОСТИ
# ТУРИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

| РАНГИРАЊЕ НА ПРЕДНОСТИТЕ | РАНГ |
|---|---|
| Постоење на два планинарски дома; | |
| Постоење на индустриска зона; | |
| Постоење на хотели, мотели, ресторани, бензински пумпи; | **1** |
| | **7** |
| Постоење на музеи и галерии; | |
| Постоење на цркви, манастири и џамија; | |
| Постоење на археолошки локалитети; | |
| Постоење на бања; | **2** |
| Постоење на туристички агенции; | **6** |
| Постоење на атрактивни пештери; | |
| Постоење на комунална инфраструктура; | |
| | **3** |
| Постоење на железница; | |
| Постоење на средно и високо образование во областа на туризмот; | **4** |
| Постоење на аеро-клуб; | |
| | **5** |

## ПРЕДНОСТИ
## ТУРИСТИЧКА ГОСТОПРИМЛИВОСТ
## (СВЕСТ И ОБУКА ЗА ГРАНКАТА)

| РАНГИРАЊЕ НА ПРЕДНОСТИТЕ | РАНГ |
|---|---|
| Гостољубиви жители; | **1** |
| Културни и цивилизирани жители; | **2** |
| Професионална услуга (угостителски работници); | **4** |
| Жители кои толерираат различни раси; | **3** |

## ПРЕДНОСТИ
## ТУРИСТИЧКИ УСЛУГИ НА МАЛО

| РАНГИРАЊЕ НА ПРЕДНОСТИТЕ | РАНГ |
|---|---|
| Продавници и ресторани | **1** |
| Зелен пазар | **2** |
| Кафулиња | **4** |
| Дисконти | **3** |

## ТУРИСТИЧКИ
## СЛАБОСТИ НА ОПШТИНИТЕ ШТИП И КАРБИНЦИ

### ПРОБЛЕМИ
### ТУРИСТИЧКИ АТРАКЦИИ, НАСТАНИ И АКТИВНОСТИ

| РАНГИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ | РАНГ |
|---|---|
| Недоволност од театарски претстави на археолошките наоѓалишта; | **4** |
| Неповрзување на манифестациите со пропратните активности; | |
| Недоволна валоризација на туристичките предности; | **1** |
| Недисперзирани настани во другите рурални области; | |
| | **2** |
| Неискористеност на киното во градот; | |
| Неискористеност на митовите; | |
| Непостоење на туристички тури. | |
| | **3** |

## ПРОБЛЕМИ
## ТУРИСТИЧКИ МАРКЕТИНГ И ПРОМОЦИЈА

| РАНГИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ | РАНГ |
|---|---|
| Недоволен туристички промотивен материјал (web, брошура, форум); | **4** |
| Необучен кадар за маркетинг и промоција; | |
| Непостоење на туристички мапи, карти и разгледници; | |
| Непостоење на туристички инфо центар; | **1** |
| Немање на интернет страница на англиски јазик; | **3** |
| Немање на кампања на национално ниво (за локалните настани); | |
| Немање на годишен календар на настани; | |
| Немање на дистрибуција на календарот и информациите; | **5** |
| Немање на интернет страница за туризам. | **2** |

# ПРОБЛЕМИ
# ТУРИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

| РАНГИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ | РАНГ |
|---|---|
| Слаби услови на патиштата кои водат до туристичките дестинации (регионот); | |
| Немање на санитарни чворови на туристичките локалитети; | |
| Незаштитени и неосветлени туристички локалитети; | |
| Немање на доволен паркинг простор; | |
| Немање доволно на сместувачки капацитети; | |
| Немање на туристички знаци; | |
| Немање на електрична поврзаност на туристичките локалитети; | 1 |
| Немање на корпи за отпад на туристичките локации; | |
| Немање на спортски терени и спортска сала; | 4 |
| Немање на пешачка зона во градот; | |
| Немање на планински пешачки и рели патеки; | 5 |
| Немање на прилагодени селски куќи за селски туризам; | 6 |
| | 2 |
| Непостоење на корпи за отпадоци на археолошкиот; локалитет "Баргала"; | 3 |
| Немање на кровна конструкција на гарадскиот и зелениот пазар во о.Штип. | |

# ПРОБЛЕМИ
# ТУРИСТИЧКА ГОСТОЉУБИВОСТ
# (СВЕСТ И ОБУКА ЗА ГРАНКАТА)

| РАНГИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ | РАНГ |
|---|---|
| Недоволно обучен кадар во сферата на туризмот; | |
| Недоволен број на професионални туристички водичи; | **2** |
| Необученост на локалното население за селски туризам; | **1** |
| Недоволен број на лица од угостителството кои познаваат странски јазици; | |
| Непостоење на свест за зачувување на културните и историските вредности; | |
| Немање на професионална и квалитетна услуга на угостителските работници; | |
| Непрофесионални туристички агенции; | |
| Ѓубре на туристичките локации; | |
| Паркирање на возилата на пешачките зони. | |

**ПРОБЛЕМИ**
**ТУРИСТИЧКИ УСЛУГИ НА МАЛО**

| РАНГИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ | РАНГ |
|---|---|
| Немање на киосци за сувенири;<br><br>Немање на продавници на туристичките локалитети;<br><br>Немање на хемиско чистење и перални;<br><br>Немање на банкомати на сите места; | **4** |
| Немање на превоз до туристичките дестинации; | **3** |
| Неможност насекаде да се плати со кредитни картички;<br><br>Немање на активни традиционални занаети за производство на сувенири; | **1** |
| Немање на распоред на време кога се отворени одредени туристички локации;<br><br>Непостоење на киосци на туристичките локалитети. | **2** |

# ОПШТИ И КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ ЗА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНИТЕ ШТИП И КАРБИНЦИ

| ОПШТА ЦЕЛ:ДА СЕ ПОДОБРАТ ТУРИСТИЧКИТЕ АТРАКЦИИ, НАСТАНИ И АКТИВНОСТИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ** | **ПАЗАРИ ВРЗ КОИ ИМА ИМПЛИКАЦИЈА** | **ВРЕМЕНСКА РАМКА** | **ТРОШОК** | **РАНГ** |
| Валоризација на туристички предности / бањски – рекреативен центар | 1. посетители на пријатели и роднини<br>2. дневни излетници<br>3. приватни возила (минувачи)<br>4. љубители на природата<br>5. подобрување на здравјето<br>6. медицински пациенти и посетители<br>7. ловци | Две години | 50.000 € | 1 |
| Организирање на настани надвор од урбаните средини | 1. посетители на пријатели и роднини<br>2. дневни излетници<br>3. кампери<br>4. приватни возила (минувачи)<br>5. љубители на природата<br>6. автобуски тури (минувачи) | 6 месеци до една година | 500 € | 2 |
| Организирање на туристички тури и награда за најдобра туристичка тура | 1.посетители на пријатели и роднини<br>2. дневни излетници<br>3. кампери<br>4. приватни возила (минувачи)<br>5. љубители на природата<br>6. автобуски тури (минувачи)<br>7. состаноци на мали/големи групи<br>8. ловци | 6 месеци - 1 година | 2.700 € | 3 |

| ОПШТА ЦЕЛ: ДА СЕ ПОДОБРАТ ТУРИСТИЧКИОТ МАРКЕТИНГ И П РОМОЦИЈА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ** | **ПАЗАРИ ВРЗ КОИ ИМА ИМПЛИКАЦИЈА** | **ВРЕМЕНСКА РАМКА** | **ТРОШОК** | **РАНГ** |
| Основање на Туристички инфо центар | 1. посетители на пријатели и роднини<br>2. дневни излетници<br>3. кампери<br>4. приватни возила (минувачи)<br>5. трговци на пазар<br>6. љубители на природата<br>7. автобуски тури (минувачи)<br>8. подобрување на здравјето<br>9. професионален спортски тренинг<br>10. спортски фанови и играчи<br>11. купувачи на пазар<br>12. медицински пациенти и посетители<br>13. состаноци на мали/големи групи<br>14.транзитни автобуски патници (минувачи)<br>15. ловци | 1 – 2 години | 4.000 € | **1** |
| Креирање на севкупна интернет страница за промоција на туризмот (сите потенцијали на двете општини) | 1. посетители на пријатели и роднини<br>2. дневни излетници<br>3. кампери<br>4. приватни возила (минувачи)<br>5. трговци на пазар<br>6. љубители на природата<br>7. автобуски тури (минувачи)<br>8. подобрување на здравјето<br>9. професионален спортски тренинг | 1 година | 5.000 € | **2** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 10. спортски фанови и играчи<br>11. купувачи на пазар<br>12. медицински пациенти и посетители<br>13. состаноци на мали/големи групи<br>14.транзитни автобуски патници (минувачи)<br>15. ловци | | | |

| ОПШТА ЦЕЛ: ДА СЕ ПОДОБРИ ТУРИСТИЧКАТА ИНФРАСТРУКТУРА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ** | **ПАЗАРИ ВРЗ КОИ ИМА ИМПЛИКАЦИЈА** | **ВРЕМЕНСКА РАМКА** | **ТРОШОК** | **РАНГ** |
| Проект за изработка, реновирање на етно куќи за селски туризам во планинските предели (плачковица и лакавица) | 1. посетители на пријатели и роднини<br>2. дневни излетници<br>3. приватни возила (минувачи)<br>4. трговци на пазар<br>5. љубители на природата<br>6. автобуски тури (минувачи)<br>7. подобрување на здравјето<br>8. купувачи на пазар<br>9. состаноци на мали/големи групи<br>10.транзитни автобуски патници (минувачи)<br>11. ловци | 1 - 2 години | 60.000 € | **2** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
